КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Брисел, 14 октомври 2009 г.

COM(2009)533

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД КОМИСИЈАТА ДО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И ДО СОВЕТОТ

**Стратегија за проширување и главни предизвици 2009-2010 г.**

(СЕЦ(2009)1333}
(СЕЦ (2009)1334}
(СЕЦ (2009)1335}
(СЕЦ (2009)1336}
(СЕЦ (2009)1337}
(СЕЦ (2009)1338}
(СЕЦ (2009)1339}
(СЕЦ (2009)1340}

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД КОМИСИЈАТА ДО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И ДО СОВЕТОТ

**Стратегија за проширување и главни предизвици 2009-2010 г.**

## 1. Вовед

Петтото проширување на ЕУ помогна во зацврстување на демократијата и владеењето на правото во Европа. Тоа ги зајакна економските можности и ја зголеми тежината на ЕУ во справување со глобалните предизвици како климатските промени, конкурентноста и регулирањето и надзорот на финансиските пазари. Во текот на последните пет години, проширената Европа го докажа својот капацитет за заедничко работење за справување со значајните предизвици со коишто се соочува. Проширувањето е еден од најефикасните инструменти на надворешната политика на ЕУ.

Тековниот процес на проширување на Европската унија се одвива во позадина на длабока и широко распространета рецесија. Кризата влијае и врз ЕУ, и врз земјите вклучени во процесот на проширување. Во текот на истиот период, ЕУ доби три нови апликации за членство од страна на Црна Гора (декември 2008 година), Албанија (април 2009 година) и Исланд (јули 2009 година). Овие апликации и понатаму ја демонстрираат моќта на ЕУ за привлекување и нејзината улога во промовирање стабилност, безбедност и просперитет.

Напредокот со реформите во земјите вклучени во процесот на проширување им овозможи да чекорат кон следните фази во процесот на пристапување. Преговорите за пристапување со Хрватска се приближуваат кон завршната фаза. Преговорите за пристапување со Турција достигнаа посложена фаза што налага нов поттик за реформа. Република Македонија постигна важен напредок во исполнување на клучните предизвици. Комисијата подготвува мислење за апликацијата за членство од Црна Гора. Исто така, подготвува мислење за апликацијата на Исланд. Комисијата очекува да подготви мислење за апликацијата на Албанија, штом тоа ќе го побара Советот. За сите засегнати земји од Западен Балкан, натамошниот напредок може да доведе до доделување кандидатски статус на земјите, кога тие ќе ја покажат нивната спремност.

На земјите од Западен Балкан и Турција, во различна мера, им претстои значителна работа за исполнување на утврдените критериуми и услови. Брзината на реформата често е спора. Меѓународната економска криза дополнително го отежнува тој процес. Во неколку случаи, билатералните прашања прекумерно влијаат врз процесот на пристапување.

Земајќи ги предвид овие предизвици, обновениот консензус за проширување, како што е договорено од страна на Европскиот совет во декември 2006 година, продолжува да го трасира патот. Оваа политика се заснова на начелата на зацврстување на заложбите, правична и ригорозна условеност и добра комуникација со јавноста, комбинирани со капацитетот на ЕУ за интегрирање на нови членки. ЕУ го подобри квалитетот на процесот на проширување. Во раната

фаза се посветува поголемо внимание на владеењето на правото и доброто владеење.

Процесот на пристапување дава силен поттик за политичка и економска реформа. Стратешки интерес на ЕУ е да ја одржи динамиката на овој процес, врз основа на договорени начела и услови.

Политиката за проширување на ЕУ овозможува внимателно управување со процесот при што земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки се приближуваат до ЕУ во согласност со брзината на нивните политички и економски реформи, како и нивниот капацитет за преземање на обврските за членство во согласност со критериумите од Копенхаген. Во земјите од Западен Балкан, регионалната соработка останува клучна и претставува централен елемент на процесот за стабилизација и асоцијација.

Со Договорот од Лисабон се реформираат институциите на проширената Унија за да се овозможи приспособување на нејзините политики на брзопроменливиот свет. Особено во однос на проширувањето, Договорот ќе обезбеди институционална рамка која треба да овозможи рамномерно приспособување на институциите на Унијата со влегување на земја-членка во ЕУ и ќе ја измени постапката за пристапување, при што Европскиот парламент и националните парламенти ќе бидат известени за апликации за членство.

Воспоставувањето на безвизен режим за Република Македонија, Црна Гора и Србија на почетокот на 2010 година, врз основа на предлогот на Комисијата, ќе покаже дека реформите им носат видливи придобивки на граѓаните. Комисијата ќе изнесе слични предлози за Албанија и Босна и Херцеговина кон средината на 2010 година, доколку овие земји ги исполнат поставените услови.

Во однос на прашањето за Кипар, лидерите на грчката и турската заедница на Кипар влегуваат во пресудна фаза на преговори за сеопфатно решавање под покровителство на Обединетите нации. Комисијата ги поддржува нивните заложби и обезбедува технички совети за прашања во рамки на надлежноста на ЕУ.

Ова известување го утврдува постигнатиот напредок и клучните предизвици со кои се соочуваат земјите во процесот на проширување. Даден е краток преглед на пристапот на Комисијата во упатувањето и поддршката на нивните заложби во следните години. Освен тоа, во придружен документ, Комисијата го одредува патот на Косово[1], за понатамошен напредок кон интеграцијата во ЕУ, во согласност со европската перспектива на регионот.

[1] Според Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на ОН.

## 2. КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Следниот оддел посветува внимание на клучните прашања кои тековно влијаат врз процесот на проширување. Преку својата политика за проширување, ЕУ може да помогне во справувањето со предизвиците, но примарната одговорност останува кај засегнатите земји.

*Економска криза*

Глобалната рецесија, во различна мера, влијае врз економиите на земјите од Западен Балкан и Турција. ЕУ им помага на земјите вклучени во процесот на проширување да го ублажат влијанието од кризата и создава услови за темелно заздравување, во координација со меѓународните финансиски институции (МФИ).

Економската активност во земјите од Западен Балкан и Турција нагло се намали од втората половина на 2008 година, по намалената побарувачка за извоз, намалувањето на странски директни инвестиции и пониското прекугранично кредитирање. Фискалното работење е влошено во сите економии. Невработеноста, што веќе беше висока во неколку земји, продолжи да се зголемува. Економскиот пад во земјите на Западен Балкан и Турција во 2009 година има иста големина како во ЕУ, но не е толку силен како во земјите-членки на ЕУ, кои беа најзасегнати. Меѓутоа, макроекономската состојба останува слаба во сите земји.

Земјите од Западен Балкан имаат ограничен опсег за силен одговор од домашната макроекономска политика на кризата. Постојат значајни ограничувања на мерките за монетарна и фискална политика, заради претходни процикличне фискални состојби, кредити деноминирани во странска валута и хипотеки и големи надворешни дебаланси. Во овие околности, одговорот на кризата е соодветен во поголемиот број земји во регионот, и покрај тоа што во некои случаи на почетокот недостасуваше признавање на сериозноста на предизвикот. Перспективата за пристапување во ЕУ помогна во одржувањето на довербата во економиите во регионот на Западен Балкан и обезбеди заштита на економските политики во неодамнешниот турбулентен период. Истовремено некои од земјите вклучени во процесот на проширување ги искористија придобивките од структурните реформи воведени во претходните години, што помогна во ослабување на кризата. Подобрената финансиска регулатива, на пример во Хрватска и Турција, придонесе за стабилност и отпорност на банкарскиот сектор. Србија и Босна и Херцеговина добија поддршка од ММФ, со оглед на тоа што и во двете земји надворешните дебаланси се зголемија, а јавните финансии без особено засегнати, како последица на претходните експанзионистички политики.

Продолжува ширењето на кризата во земјите вклучени во процесот на проширување, особено нејзиното влијание врз реалната економија, вклучително вработеноста и социјалната состојба. За закрепнување е потребно време, со оглед на тоа што економската активност кај главните трговски партнери се предвидува да расте споро. Приливите на капитал за стимулирање на домашната побарувачка можно е да останат слаби. Беа преземени краткорочни мерки за ублажување на социјалниот удар на кризата за најранливиите делови на

општеството. На среднорочен план, од голема важност е обезбедување стабилна фискална политика, со акцент на поефикасна и поефективна јавна потрошувачка и вложување. Потребни се политики за вработување и мерки за социјална заштита заради справување со структурната невработеност и за заштита на ранливите групи.

Одговорот на кризата треба да ја земе предвид потребата од одржлив развој и предизвикот настанат со климатската промена и да се даде приоритет на мерките што ќе доведат до безбедна и одржлива економија со ниски емисии на јаглерод диоксид. Реформите поврзани со ЕУ придонесуваат за подобрување на конкурентноста и отвореноста и за правна рамка која придонесува за промет и вложување. Мерките за консолидирање на владеењето на правото, вклучително борбата против корупцијата, се од суштинско значење за подобрување на деловната клима.

Во однос на поддршката на ЕУ, претпристапната помош е програмирана за поддршка на банкарскиот сектор, инфраструктурните проекти, малите и средни претпријатија и креирањето работни места, вклучително и во руралните области. 200 милиони евра во грантови од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) се распределени за таа цел, со што ќе се зголемат инвестициите за минимум 1 милијарда евра, кофинансирани со заеми од МФИ. Комисијата предложи да се намали предусловот за кофинансирањето на земјите-кориснички на ИПА. Комисијата обезбеди директна буџетска поддршка преку ИПА за Србија заради ублажување на ефектите на финансиската и економската криза. Освен тоа, Комисијата даде предлог до Советот за одобрување на макрофинансиска помош во форма на заем од 200 милиони евра за Србија. Овие можности се отворени и за другите земји, доколку е потребно. И во двата случаи финансиската помош е условена, вклучително и од договор со ММФ за стабилни макроекономски политики. Комисијата тесно соработува со МФИ, кои се залагаат за зголемување на заемите за земјите од Западен Балкан и Турција на повеќе од 5 милијарди евра во 2009 година.

*Владеење на правото*

Земјите од Западен Балкан и Турција континуирано се соочуваат со големи предизвици поврзани со владеењето на правото, особено борбата против корупцијата и организираниот криминал. Овие прашања се клучни за функционирање на демократијата и економијата и во голем обем се услов за процесот на пристапување во ЕУ. Исто така влијаат, понекогаш на несразмерен начин, врз перцепцијата на јавноста на проширувањето во ЕУ. Во земјите вклучени во процесот на проширување се прават значителни напори за справување со проблемите. Комисијата ќе продолжи да го користи целиот потенцијал за процесот на проширување за поддршка на овие активности, и внимателно ќе ги следи резултатите.

Корупцијата е распространета во многу области и влијае врз секојдневниот живот на граѓаните и врз деловната средина. Области кои бараат посебно

внимание се: јавните набавки и приватизацијата, правосудството, финансирањето на политичките партии и транспарентноста на јавната администрација и власта. Независно и непристрасно судство и обвинители специјализирани за борбата против корупцијата и поврзаните злосторства се од суштинско значење, како што се и деполитизирана и професионална полиција и администрација. Добро изготвено законодавство и ефикасно спроведување се потребни во областите како што се јавните набавки, правата на интелектуална сопственост, финансиска контрола, ревизија и борбата против измама.

Потребни се дополнителни заложби за борба против организираниот криминал, кој останува проблем во целиот регион. Органите за спроведување на законот треба да станат поефикасни и да работат заедно со цел да се совладаат меѓународните криминални организации.

Во согласност со обновениот консензус за проширување и земајќи го предвид искуството од петтото проширување, владеењето на правото е клучен приоритет, со кој засегнатите земји треба да се справат во рана фаза од процесот на пристапување. Со помош на ЕУ, постигнат е одреден напредок во подготвување на ефикасно законодавство и структури за борба против корупцијата и организираниот криминал, но потребно е ригорозно спроведување и примена на законите за да се постигнат видливи резултати. Околу 80 милиони евра од ИПА се распределени во 2009 година за зајакнување на судството и примената на законите. Комисијата спроведе стручни проценки, со експерти од земјите-членки, на судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал во земјите-кандидатки и ќе ги интензивира овие мисии. Примената на одредниците во преговорите за пристапување и дијалогот за визна либерализација даде поттик за реформи.

Комисијата продолжи со поддршката на регионалната соработка помеѓу судството, полицијата и обвинителството во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Земјите од Западен Балкан треба да ја зајакнат судската соработка во регионот за да се обезбеди ефикасно функционирање на нивните правни системи. За таа цел, справувањето со проблемот на неказнување за воени злосторства и други тешки кривични дела е од особена важност. За таа цел, земјите треба да ги преиспитаат постојните ограничувања во својата правна рамка за екстрадиција на своите државјани и трансфер на судски постапки.

Комисијата ќе продолжи со поддршката на земјите-партнери во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Меѓутоа, ефикасни и одржливи резултати може да се постигнат само со потребната политичка волја и реални заложби од страна на органите во засегнатите земји. Комисијата ригорозно ќе го следи напредокот постигнат во практика, и ќе се фокусира на резултатите.

Во поголемиот број земји вклучени во процесот на проширување, слободата на изразување останува загрижувачко прашање. Општо земено, и покрај тоа што главните елементи на правната рамка за заштита на слободата на изразување и медиумите е подготвена, неоправданиот политички притисок врз медиумите и зголемениот број закани и физички напади против новинарите, како и некои други законски пречки, предизвикуваат сериозна загриженост. Овие прашања треба итно да се решат.

*Билатерални прашања*

Билатералните прашања, вклучително граничните прашања, сè повеќе влијаат врз процесот на проширување. Билатералните прашања треба да се решат од страна на засегнатите страни и тие не треба да го одложуваат процесот на пристапување.

Во текот на извештајниот период, граничното прашање меѓу Словенија и Хрватска ги забави преговорите за пристапување со Хрватска.

Рамките на преговорите со Хрватска и Турција, договорени од страна на сите земји-членки, пропишуваат дека ЕУ очекува од земјите-кандидатки да ги решат сите гранични спорови во сообразност со начелото на мирно решавање на спорови во согласност со Повелбата на Обединетите нации, вклучително, доколку е неопходно, во надлежност на Меѓународниот суд на правдата. Изнаоѓањето на заемно прифатливи решенија и склучување спогодби за нерешените прашања со соседните земји, исто така, е дел од процесот за стабилизација и асоцијација.

Комисијата очекува од сите засегнати страни да направат напори за решавање на нерешените билатерални прашања со соседите во оваа низа. Доколку е соодветно, Комисијата е спремна да го олесни барањето на решенија, на барање на засегнатите страни. Охрабрувачки е спогодбата меѓу Хрватска и Црна Гора да ја решат демаркацијата на границата кај Превлака преку Меѓународниот суд на правдата.

Сите страни вклучени во вакви билатерални спорови се одговорни за изнаоѓање решенија во духот на добрососедски односи и имајќи ги предвид севкупните интереси на ЕУ. Со ова ќе се зајакне ефикасноста на обновениот консензус за проширување, кој потврдува дека брзината на напредокот на земјата кон ЕУ се одредува со брзината на реформите.

*Регионална соработка*

Во последните години, постигнат е значаен напредок во однос на регионалната соработка во Југоисточна Европа, и регионот презеде зголемена одговорност врз процесот. Меѓутоа, регионалната соработка не функционира како што треба. Билатералните спорови и несогласувања поврзани со Косово прекумерно влијаат врз регионалната соработка. Ефикасноста на регионалните структури и иницијативи, исто така, треба да се подобри.

Несогласувањата поврзани со учеството на Косово на регионални средби, иницијативи и договори стануваат пречка за регионалната соработка. Вообичаеното функционирање на значајни структури, како на пример, Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), Советот за регионална соработка (РСС) или Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА) може да бидат загрозени, доколку не се изменат тековните практики. Комисијата силно ги поттикнува сите засегнати страни да бараат практични и прагматични решенија со цел да се обезбеди вклученост во регионалната соработка, без тоа да е во спротивност со различните ставови за прашањето на статусот. Резултатот од следењето на регионалната соработка се

оценува како дел од условеноста од процесот за стабилизација и асоцијација во сите фази на процесот на проширување.

Советот за регионална соработка (СРС) функционира повеќе од една година како регионален наследник на Пактот за стабилност, под политичко покровителство на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП). СРС сега треба да ги зајакне своите заложби за испорака на конкретни резултати. СРС има стратешка улога во развивањето на регионалната соработка и во утврдување и решавање на потребите на регионалните активности и структури. Исто така тој има улога и во планирање на помошта на Заедницата поврзана со регионалната соработка. Комисијата ја поддржува работата на СРС и финансира третина од буџетот на Секретаријатот за периодот 2008-2010 година. Комисијата е вклучена во дијалог со Секретаријатот на СРС за приоритетите на организацијата, подобрување на нејзиното функционирање и понатамошен развој. Исто така ги истражува постапките за понатамошна помош и како истата може најдобро да се искористи за подобрување на ефикасноста на СРС.

Регионалната трговија е од особена важност за економскиот развој на земјите од Западен Балкан и за усогласување. Исто така може да придонесе за справување со ударот од економската криза. Улогата на област на регионална слободна трговија основана преку ЦЕФТА е клучна. Понатамошните важни чекори во трговската либерализација, особено во трговијата во земјоделството, успешно се преговарани во ЦЕФТА, но сè уште не се во сила, а активноста за отстранување на техничките бариери во трговијата е во тек. Одредбите на дијагонална кумулација меѓу ЕУ и некои земји од Западен Балкан се во сила, со што се зајакнува регионалната трговска интеграција. Меѓутоа, постои ризик од попречување на работата на ЦЕФТА заради несогласувања за прашањето за статусот на Косово, која веќе го спречува донесувањето на протоколот за либерализација на земјоделската трговија. Протекционистичките притисоци како резултат на меѓународната криза се зголемуваат и водат кон донесувањето на одредени мерки за прекршување на договорни обврски. Овој тренд треба да се спречи и треба да се отстранат овие прекршувања.

Постигнат е напредок во регионалната соработка во областите на енергетиката и транспорт. Енергетската заедница промовира реформа во енергетскиот сектор и ја подобрува безбедноста на снабдувањето во регионот, истовремено интегрирајќи го регионот во енергетскиот пазар на Заедницата. Преговорите за основање на Транспортна заедница меѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан продолжуваат и треба да се заклучат кон крајот на оваа година. Спогодбата за европска заедничка воздухопловна област (ЕЦАА) придонесува за пораст на воздушниот сообраќај меѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и постепено ги интегрира во внатрешниот воздушен транспортен пазар на ЕУ. Регионалната соработка во областа на животната средина и правдата и внатрешните работи се интензивира.

Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА) ги интензивира активностите за обуки. Ратификацијата на Меѓународниот договор, со што ќе се воспостави својство на правно лице, треба да биде приоритет заради целосна функционалност на училиштето.

Комисијата, во контекст на процесот од Љубљана, го поддржува обновувањето на културното наследство како важно средство за усогласување, кое исто така,

придонесува за развој на локалната економија. На претстојната министерска конференција во Љубљана во ноември 2009 година, Комисијата ќе промовира понатамошни активности за обновување.

Комисијата ќе подготви Стратегија на ЕУ за Дунавскиот регион кон крајот на 2010 година, по заклучоците на Европскиот совет од јуни 2009 година. Земјите вклучени во процесот на проширување, како и односните организации, ќе бидат вклучени во ова остварување. Во однос на Црноморскиот регион, Турција е посветена на соработката во регионот и е дел од рамката на Синергијата на Црното Море. Комисијата го поддржува учеството на Турција во програмата за соработка во Црноморскиот слив според Инструментот за европско соседство и партнерство (ЕНПИ).

Комисијата ќе продолжи со поддршката на активностите и структурите за регионална соработка во земјите од Западен Балкан, вклучително и преку поголема вклученост на регионот во планирањето и програмирањето на повеќекорисничката програма на ИПА.

## 3. Претпристапни инструменти: решавање на клучни приоритети

*Постигнување на безвизно патување*

Процесот на визна либерализација за земјите од Западен Балкан, во согласност со заложбата од Солунската агенда, влезе во пресудна фаза. Спогодбите за визно олеснување се спроведуваат во сите засегнати земји од јануари 2008 година, истовремено со спогодбите за реадмисија. Патоказите донесени во 2008 година за секоја земја, во контекст на дијалогот за визна либерализација, се покажаа како успешни двигатели за забрзување на реформите во релевантните области, особено безбедност на документи, гранично управување и управување со имиграција и борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Имајќи го предвид напредокот постигнат од страна на секоја земја во исполнувањето на односните одредници за визна либерализација, Комисијата, во јули 2009 година, даде предлог за воспоставување на безвизен режим за Република Македонија, Црна Гора и Србија. Воспоставувањето на безвизен режим од почетокот на 2010 година ќе биде значаен придонес за директни контакти меѓу луѓето, со што им се демонстрира на граѓаните на засегнатите земји дека реформите поврзани со европската перспектива даваат видливи придобивки. Комисијата ќе даде предлози за Албанија и Босна и Херцеговина, кон средината на 2010 година, доколку овие земји ги исполнат поставените услови. Во студијата за Косово што треба да се донесе заедно со ова известување се предлага дека визното олеснување треба да продолжи да се промовира и треба да се иницира процес за Косово, насочен кон можна визна либерализација кога ќе се преземат потребните реформи и кога ќе се исполни условите.

*Обезбедување на квалитетот на претпристапните подготовки*

Направени се континуирани заложби како дел од обновениот консензус за проширување за подобрување на квалитетот на процесот. Ригорозните одредници утврдени како услови за отворање и затворање на преговорите по поглавјата се покажаа како моќен инструмент за обезбедување на сообразност со постојните договорни обврски и за водење на тешките економски, правни и административни реформи во земјите вклучени во процесот на преговори, со што се придонесува за нивна навремена подготовка за пристапување. Студијата на финансиското влијание на пристапувањето на Хрватска во ЕУ е во подготовка. Идните мислења за апликациите за членство ќе вклучуваат проценка на влијанието на пристапувањето врз апликантот во однос на клучните политички области на ЕУ. Се води интензивен политички дијалог со земјите за следење на напредокот, со Партнерствата како главни референтни документи. Економскиот дијалог беше натамошно интензивиран во контекст на кризата.

Од нивна страна, земјите вклучени во процесот на проширување треба да обезбедат дека новото законодавство е темелно подготвено, по потребните консултации со заинтересираните страни, и дека правилно се спроведува. Потребна е независна, транспарентна и отчетна државна администрација врз основа на заслуги, за поедноставување на ефикасното спроведување на *acquis*.

*Приближување на граѓаните и администрациите до ЕУ*

Зголеменото учество на организациите на граѓанското општество го зајакнува квалитетот на демократијата и придонесува за усогласување. Нивната вклученост во реформите преземени од страна на земјите вклучени во процесот на проширување придонесува за квалитетот на процесот на пристапување, како и за одржување на јавната поддршка на пристапувањето. Комисијата, преку спроведувањето на капацитетот на граѓанското општество според ИПА, го финансира основањето на канцеларии за техничка поддршка во секоја земја-корисничка и зголемениот број на краткотрајни посети на институциите на ЕУ, како и учеството на околу 800 лица во работилници во земјите од Западен Балкан и Турција. Комисијата ќе продолжи да ги поддржува партнерствата со граѓанското општество, давајќи им приоритет на секторите како култура, малцинства и деловни здруженија.

Учеството во програмите и агенциите на Заедницата се покажа како корисно за приближување кон ЕУ на институциите и граѓаните од земјите партнери. Комисијата ја зголеми поддршката во однос на агенциите на Заедницата за подготовка за учество на земјите вклучени во процесот на проширување. По воведувањето на подобри можности за кофинансирање на Заедницата, потенцијалните земји-кандидатки се придружија на новите програми. Комисијата ќе продолжи да ги поддржува земјите-партнери во градењето на потребните капацитети и ресурси за да обезбеди успешно учество во програмите и агенциите на Заедницата.

Во согласност со насоченоста кон основните прашања за управување, Комисијата ќе продолжи да обрнува внимание на постоењето на професионална и функционална јавна администрација. Ќе продолжи да ја поттикнува размената на најдобрите практики и споделувањето стручност меѓу земјите во областа на

реформата на јавната администрација. За таа цел, ќе ги примени сите расположливи инструменти, вклучително Твининг, ТАИЕКС и СИГМА[2], и ќе ги зајакне контактите со други меѓународни организации и национални, регионални и европски институти за обука на јавната администрација.

*Поддршка на земјите вклучени во процесот на проширување преку финансиска помош*

Во 2009 година, продолжи обезбедувањето на помош за земјите од Западен Балкан и Турција преку Инструментот за претпристапна помош. Ќе се инвестираат 1,5 милијарди евра во 2009 година. Посебен акцент се става на градење на државата, доброто владеење, владеењето на правото и развојот на граѓанското општество. ИПА продолжи со поддршката на прекуграничната соработка и одржливиот развој во пограничните области, придонесувајќи за помирување и добрососедските односи и подготовките за пристапување во ЕУ. Комисијата ќе продолжи да ја фокусира својата помош кон поддршка на претпристапните подготовки врз основа на приоритетите на партерството.

Земјите-кандидатки постигнаа напредок во децентрализираното управување со средствата. Процесот на децентрализација е во тек во Хрватска и Турција и двете земји треба да ги насочат своите активности кон исполнување на сите услови поврзани со истото. Во Република Македонија, децентрализацијата на компонентите регионален развој и човечки ресурси од ИПА е постигната, но има уште многу работа што треба да се заврши пред спроведување на натамошната децентрализација. Комисијата продолжува со обезбедувањето на потребната поддршка за земјите-кандидатки за нивно усогласување со условите за децентрализирано управување со фондовите на ЕУ, насочени кон регионалниот развој, развојот на човечки ресурси и руралниот развој.

Делегациите на Комисијата во другите земји вклучени во процесот на проширување, кои сега се целосно надлежни по затворањето на Европската агенција за реконструкција, се одговорни за спроведување на помошта на ЕУ и за работењето со земјите-корисннчки за обезбедување дека помошта на ЕК ефикасно и ефективно се користи. Децентрализираната помош останува среднорочна цел, особено заради подготовка за идното управување со инструментите за кохезиона политика.

Комисијата го поддржува развојот на секторските стратегии од страна на земјите-корисннчки, заради поедноставување на пстратешки пристап врз основа на програми за испорака на помошта, како и заради подобрување на ефикасноста на помошта.

Како што е предвидено во Регулативата за ИПА, Комисијата го зајакна процесот на координација на донаторите, вклучително земји-членки на ЕУ, МФИ и други

---

[2] Среднорочната помош што ги опфаќа областите поврзани со *acquis* се обезбедува преку Твининг-проектите кои воспоставуваат рамка за соработка меѓу администрациите во земјите-корисннчки и во земјите-членки. ТАИЕКС (Техничка помош и размена на информации), чиишто активности ги спроведуваат службени лица од земјите-членки, обезбедува помош на барање,. Краткорочната помош на полето на прашањата на хоризонтално управување и реформата на јавната администрација се распределува преку СИГМА (Поддршка за подобрување на владеењето и управувањето), програма на ОЕЦД поддржана од Комисијата во контекст на проширувањето.

донатори. Ова налага воспоставување и координација на приоритети и редовно следење на спроведувањето на лице место.

Комисијата, партнерите од МФИ и земјите-членки ги финализираат условите за утврдување на Инвестициска рамка за Западен Балкан. Ова е голем чекор кој ќе ја поедностави поддршката за инвестирање во инфраструктурата, МСП и енергетската ефикасност. Целта е да се извлечат средства од Комисијата, партнерите од МФИ, земјите-членки и од други донатори и да се поврзат овие грант-средства со заемите од меѓународните финансиски институции за финансирање на приоритетни проекти во опфатените сектори. За таа цел, Комисијата одвои над 100 милиони евра во грантови, со што таа најмногу придонесува. Во целост, Инвестициската рамка за Западен Балкан треба да оствари заеми во вкупен износ од над 1 милијарда евра во текот на следните години.

*Работење заеднички на климатските промени*

ЕУ ќе го зајакне редовниот дијалог за климатски промени со земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки, особено преку идната Регионална мрежа за животна средина за пристапување (РЕНА). Комисијата очекува од сите земји вклучени во процесот на проширување да ја поддржат целта на ЕУ за постигнување на амбициозен и сеопфатен договор на Конференцијата во Копенхаген за климатските промени на крајот на 2009 година. Во текот на последните години, Комисијата обезбеди 120 милиони евра за грантови на капацитетите на МФИ, со што ќе се остварат вложувања од околу 600 милиони евра во проекти за енергетска ефикасност, а што ќе им помогне на земјите од Западен Балкан и Турција да ја намалат емисијата на стакленички гасови. Комисијата ќе продолжи со поддршката на иницијативите поврзани со климатските промени во земјите вклучени во процесот на проширување.

*Известување за проширувањето*

Подобро известување на јавноста е клучно начело на обновениот консензус за проширувањето. Со цел да успее процесот на проширување на ЕУ, од суштинско значење е да се слушаат граѓаните и да се посвети внимание на нивните загрижености и прашања. Јавното мислење во ЕУ за идното проширување е под влијание на согледувањата од претходните проширувања. Комисијата презентираше студија за економските постигнувања и предизвици од петтото проширување на ЕУ по повод петгодишнината од проширувањето, во која е донесена проценка дека проширувањето придонесе за пораст и ја направи ЕУ посилен играч во светската економија. Комисијата промовира дебати за информирање на јавноста за нејзиното влијание и организира серија на настани за обележување на годишнината од петтото проширување, кое се совпаѓа со дваесетгодишнината на падот на железната завеса. Комисијата изработи веб-страница за таа цел и е копродуцент на аудиовизуелен материјал.

Обезбедувањето на јавната поддршка останува суштествена цел за политиката на проширување на ЕУ и во таа насока Комисијата ќе продолжи со спроведување на активна политика на известување. Особено ќе ги поддржува и дополнува заложбите на земјите-членки, кои имаат клучна одговорност во оваа насока, како и земјите партнери, а своите активности за известување ќе ги

насочи кон креаторите на јавното мислењето, особено организациите на граѓанското општество и новинарите, како и младината. Ќе бидат преземени посебни заложби за развивање на свеста во ЕУ за културите и начините на живеење во земјите партнери вклучени во процесот на проширување.

## 4. Напредок кај земјите вклучени во процесот на проширување и агенда за периодот 2009-2010 година

### 4.1 Водење на земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки кон ЕУ

**Земјите од Западен Балкан** се приближуваат до членството во ЕУ во последните години, со оглед на тоа што регионот постигна напредок, иако нерамномерен, во реформите и во исполнувањето на утврдените критериуми и услови**.** Значителен напредок е постигнат во однос на визната либерализација, што доведе до предлог на Комисијата во јули 2009 година за укинување на визната обврска за Република Македонија, Црна Гора и Србија. Мрежата на спогодбите за стабилизација и асоцијација е проширена. Добиени се две апликации за членство од регионот.

За сите засегнати земји од Западен Балкан, натамошниот напредок може да доведе до одобрување на кандидатски статус на земјите кога ќе ја докажат нивната подготвеност. Задоволителните резултати од спроведувањето на обврските според ССА, вклучително одредбите за трговија, се суштински елемент за напредокот на секоја земја кон членството во ЕУ.

Во следниов оддел е дадено резиме на напредокот и е утврдената агендата за 2009-2010 година за **земјите вклучени во процесот на проширување**.

*Хрватска*

Хрватска продолжи да постигнува континуиран напредок во однос на клучните политички реформи. Хрватска продолжува со исполнувањето на политичките критериуми и постигна напредок во повеќето области, вклучително интензивираните заложби во областа на владеењето на правото. Приоритетите од Пристапното партнерство во обемна мера се исполнети.

Во своето известување Стратегија за проширување и главни предизвици 2008-2009 г.[3], Комисијата ги претстави индикативните насоки за постигнување на крајната фаза на преговорите за пристапување. Насоките ги поттикнаа заложбите на Хрватска за исполнување на одредниците за отворање и затворање на поглавјата во согласност со индикативната временска рамка на насоките. Одлагањата за Хрватска во одредени области значеше дека некои поглавја не напредуваа во согласност со насоките. Сепак, подготовките значително напреднаа, така што техничките преговори се приближуваат кон крајната фаза.

Хрватска беше силно погодена од економската криза, но нејзиното влијание беше ублажено од флексибилниот банкарски сектор и силните странски

---

[3] COM(2008) 674.

резерви. Зајакнатите структурни реформи и донесувањето веродостојна среднорочна фискална стратегија би биле суштински за подобрување на нејзината конкурентност.

Прашањето за границата меѓу Словенија и Хрватска ги забави преговорите за пристапување, со што значителен број поглавја не можеа да се отворат или затворат до октомври 2009 година, и покрај тоа што технички беа порано завршени. Комисијата обезбеди услуги за олеснување за потребите на решавање на овој спор, кој треба да остане билатерално прашање. Комисијата, поддржана од тројното претседателство направи интензивни напори во текот на шесте месеци, со што се создадоа услови за постигнување на политички договор меѓу двете страни во септември 2009 година. Комисијата го поздравува неодамнешниот напредок што доведе до отворање или привремено затворање на значителен број поглавја на конференцијата за пристапување во октомври. Билатералните прашања не треба да ги забавуваат преговорите за пристапување.

Хрватска треба да ги зајакне реформските заложби во областа на правосудството и фундаменталните права, особено во однос на независноста и ефикасноста на судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, правата на малцинствата, вклучително враќањето на бегалците и судењата за воените злосторства. Потребно е да се посвети посебно внимание на реформата во јавната администрација. Хрватска, исто така, треба да обезбеди преземање на сите потребни чекори од страна на хрватската влада за решавање на прашањето за пристап на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија до важни документи. Комисијата подготвува финансиски пакет за пристапувањето на Хрватска. Хрватска треба да ги зајакне напорите за воспоставување на потребните инструменти за управување и контрола на финансиските инструменти на Заедницата. Комисијата му препорачува на Советот да воспостави *ад хок* техничка работна група за изработка на Договорот за пристапување, врз основа на текстовите подготвени од Комисијата. Доколку Хрватска навреме ги исполни преостанатите одредници, преговорите за пристапување, вклучително од сите транзициски договори, може да се заклучат следната година.

*Република Македонија*

Од донесувањето на мислењето на Комисијата[4] и добивањето на кандидатски статус во 2005 година, Република Македонија го зајакна функционирањето на демократијата и обезбеди стабилност на институциите за гарантирање на

---

[4] Во своето мислење – COM(2005) 562 – за апликацијата на земјата за членство донесена во ноември 2005 година, Комисијата го заклучи следното: „*Република Македонија е функционална демократија, со стабилни институции, кои, главно го гарантираат владеењето на правото и почитувањето на фундаменталните права. Земјата потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) во 2001 година и оттогаш, главно ги исполни односните обврски на задоволителен начин. Република Македонија успешно ја спроведе законската агенда на Охридскиот рамковен договор, што придонесе за големи политички и безбедносни подобрувања во земјата. Ова законодавство сега треба целосно да се примени. Земјата останува посветена на регионалната соработка. Република Македонија треба да направи дополнителни напори, особено во областите на изборниот процес, реформата во полицијата, реформата во судството и борбата против корупцијата. Врз основа на севкупниот напредок на постигнатите реформи, Комисијата смета дека земјата е на добар пат да ги исполни политичките критериуми утврдени од страна на Европскиот совет од Копенхаген во 1993 година и Процесот за стабилизација и асоцијација.*

владеењето на правото и почитувањето на фундаменталните права. Овие активности треба да продолжат.

Земјата значително ги реши клучните приоритети на пристапното партнерство[5]. Спроведувањето на претседателските и локалните избори во март и април 2009 година беше извршено во согласност со повеќето меѓународни стандарди. Работата на Собранието е подобрена, особено со воведувањето на Деловникот за работа на Собранието и новиот Закон за Собрание. Законот за полицијата се спроведува, особено со назначување на регионални и локални командири на полицијата, а реформата во полицијата е дополнителна заложба преку донесувањето на Законот за внатрешни работи. Законодавниот дел од стратегијата за реформата на судството е завршен, новите судови и судски тела се функционални и во целост е подобрена ефикасноста. Постигнат е добар напредок во областа на борбата против корупцијата, преку водењето истраги на предмети од високо ниво, зајакнување на правната рамка, особено со донесувањето на измените на Законот за финансирање на политичките партии и зајакнување на капацитетот на институциите за антикорупција. Законот за државните службеници е изменет со цел зајакнување на надлежноста на Агенцијата за државни службеници и претставува дополнителен чекор кон системот на кариера заснован на заслуги. На полето на вработување се зајакнати активните мерки на пазарот на трудот и е подобрена деловната средина, вклучително зајакнувањето на регулаторните агенции.
Земјата ги исполнува обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Врз основа на тоа, Комисијата во октомври даде предлог за преминување во втората фаза на асоцијацијата, во согласност со член 5 од ССА.

Земјата беше погодена од економската криза, но забавувањето на порастот беше ублажен со стабилниот банкарски сектор и одржливата приватна потрошувачка. Стабилната фискална политика и решавањето на структурната невработеност ќе ја подобри конкурентноста на економијата.

---

[5] Клучните приоритети на пристапното партнерство со Република Македонија („одредници“) се следни:
- Обезбедување правилно спроведување на сите обврски преземени од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.
- Промовирање на конструктивен и сеопфатен дијалог, особено во областите кои налагаат консензус меѓу сите политички партии, во рамките на демократските институции.
- Обезбедување ефикасно спроведување на Законот за полиција.
- Остварување на одржливи резултати при спроведувањето на реформите на судството и зајакнување на независноста и севкупниот капацитет на судскиот систем. Спроведување на реформата во обвинителството и завршување на назначувањето на Судскиот совет.
- Остварување на одржливи резултати при спроведувањето на законодавството за антикорупција.
- Обезбедување дека вработувањето и напредувањето во кариерата на државните службеници не е предмет на политичка вмешаност, натамошен развој на системот на кариера заснован на заслуги и целосно спроведување на Законот за државни службеници.
- Намалување на пречките за креирање на работни места и посветување внимание особено на невработеноста кај младите и долгорочната невработеност.
- Зајакнување на општата деловна средина со натамошно подобрување на владеењето на правото, зајакнување на независноста на регулаторните и надзорните органи, забрзување на законските постапки и континуирано евидентирање на правата на сопственост.

Прашањето за името со Грција останува нерешено. Земјата е вклучена во разговори под покровителство на ОН за негово решавање. Дејствата и изјавите кои можат негативно да влијаат врз добрососедските односи треба да се избегнуваат. Одржувањето на добрососедските односи, вклучително и изнаоѓање заемно прифатливо решение за прашањето за името по пат на преговори, под покровителство на ОН, е од суштинско значење.

*Црна Гора*

Политичките реформи продолжуваат во Црна Гора, а парламентарните избори од март 2009 година ги исполнија скоро сите меѓународни стандарди, но преостанатите недостатоци треба да се надминат.

Постигнат е одреден напредок во однос на реформата во судството. Спроведувањето на Времената спогодба во целост рамномерно напредува.

Црна Гора беше погодена од економската криза, но влијанието беше ублажено со добрата туристичка сезона и антикризните мерки. Континуитетот на структурните реформи е клучен за понатамошно подобрување на конкурентноста.

Црна Гора поднесе барање за членство во ЕУ во декември 2008 година, а во април 2009 година Советот ја повика Комисијата да даде мислење. Активностите за подготовка на мислењето се во тек. Црна Гора треба да покаже конкретни резултати во однос на зајакнување на владеењето на правото, особено во реформата на судството и борбата против корупцијата. Административниот и извршниот капацитет треба и понатаму да се зајакнува.

*Албанија*

Албанија постигна напредок во клучните политички реформи. Парламентарните избори од јуни 2009 година ги исполнија поголемиот дел од меѓународните стандарди, но потребни се натамошни заложби за решавање на утврдените недостатоци. Спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која влезе во сила оваа година, во целост рамномерно напредува.

Албанија за сега е погодена од економската криза во ограничен степен. Продолжувањето на структурните реформи и подобрувањето на инфраструктурата се клучни за конкурентноста на земјата.

Албанија поднесе барање за членство во ЕУ во април 2009 година. Во јули 2009 година, Советот посочи дека ќе одговори на апликацијата на Албанија за членство штом ќе заврши изборната постапка во Албанија. Комисијата е подготвена да ги започне подготовките за нејзиното мислење на барање на Советот. Албанија треба да постигне напредок, особено во однос на владеењето на правото и посебно во однос на борбата против корупцијата, како и во правилното функционирање на државните институции, особено независноста на судството. Потребно е натамошно зајакнување на административниот и извршниот капацитет.

*Босна и Херцеговина*

Севкупно, спроведувањето на Времената спогодба во Босна и Херцеговина е задоволително. Меѓутоа, напредокот на земјата во решавањето на клучните реформи е многу ограничен. Домашната политичка клима е влошена, а предизвиците за правилно функционирање на институциите, како и провокативната реторика продолжуваат. Условите за непречена транзиција на Канцеларијата на високиот претставник во засилено присуство на ЕУ во земјата сè уште не се исполнети. Во овој контекст, ЕУ е согласна за постапки за зајакнување на Канцеларијата и мандатот на Специјалниот претставник на ЕУ (ЕУСР) и разгледува „персонална унија/организација со двојно покровителство" на ЕУСР и шефот на Делегацијата на Комисијата, во согласност со договорите и почитувањето на институционалниот баланс.

Босна и Херцеговина треба итно да ги забрза клучните реформи. Заедничка визија на раководството за основната насока на земјата и политичката волја за исполнување на предусловите за европска интеграција се неопходни за постигнување напредок. Босна и Херцеговина, исто така, треба да ги исполни условите што се поставени за затворање на Канцеларијата на високиот претставник. Европската унија не може да разгледува апликација за членство од Босна и Херцеговина додека не се затвори Канцеларијата на високиот претставник.

Босна и Херцеговина треба да ја реформира уставната рамка за да им овозможи на институциите ефикасно да функционираат пред Комисијата да даде препорака за доделување на кандидатски статус на земјата. Конкретно, земјата треба да биде спремна да ги донесе, спроведе и примени законите и правила на ЕУ. Комисијата ја повикува Босна и Херцеговина да продолжи со потребните уставни измени без натамошно одложување. Комисијата е подготвена да ги поддржи заложбите на Босна и Херцеговина во постигнувањето на подготовката на Уставот и спроведувањето на други клучни реформи, кои ќе ѝ овозможат напредок на земјата во процесот на пристапување.

Босна и Херцеговина беше силно погодена од економската криза и се обрати до ММФ за финансиска помош. Земјата треба да преземе структурни реформи во економијата и да обезбеди стабилни јавни финансии.

*Србија*

Србија ги покажа своите заложби за приближување на земјата до ЕУ со обезбедувањето резултати во спроведувањето на одредбите од Времената спогодба со ЕУ и со преземањето клучни политички реформи во согласност со европските стандарди. Србија, исто така, прави напори за спроведување на амбициозна програма за европска интеграција. Србија има административен капацитет за да постигне значителен напредок кон ЕУ. Истото треба да го искористи за силни заложби во однос на реформската агенда, што ќе доведе до видливи резултати во приоритетните области, како на пример, зајакнување на владеењето на правото.

Србија беше силно погодена од економската криза и се обрати до ММФ и до ЕУ за финансиска помош. Земјата треба да ги забрза економските реформи и да обезбеди одржливост на јавните финансии.

Соработката со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) продолжува да се подобрува, но Ратко Младиќ и Горан Хаџиќ, кои беа обвинети, сè уште се на слобода. Земајќи ја предвид постојаната соработка со МКСЈ и обновените заложби на Србија за процесот на европска интеграција, Комисијата смета дека ЕУ треба да ја спроведе Времената спогодба. Србија треба да покаже поконструктивен став кон учеството на Косово во регионалната трговија и соработка. Соработката со мисијата за владеење на правото ЕУЛЕКС започна, но овие напори треба понатаму да се зајакнуваат, особено во однос на активностите на ЕУЛЕКС во северниот дел на Косово.

*Косово*

Стабилноста во Косово се одржува, но сè уште е кревка. По реконфигурацијата на меѓународното присуство, мисијата за владеење на правото ЕУЛЕКС е распределена на територијата на  цело Косово и истата е целосно функционална. Органите го поедноставија распределувањето на ЕУЛЕКС во Косово. Неодамнешните инциденти кои доведоа до оштетување на сопственост на ЕУЛЕКС предизвикаа загриженост. Косово треба да обезбеди континуирана поддршка за работењето на ЕУЛЕКС. Косово пристапи во ММФ и Светската банка. Косово донесе некои клучни закони. Меѓутоа, остануваат големи предизвици, вклучително владеењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, зајакнувањето на административниот капацитет, заштитата на Србите и другите малцинства, зајакнување на дијалогот и помирување меѓу заедниците. ЕУ ги поттикнува Србите од Косово да земат учество во институциите на Косово и во локалните избори во ноември. Косово треба да заземе конструктивен пристап кон регионалната соработка, вклучително учеството во регионалната трговија.

По донаторската конференција во 2008 година, Косово доби значително зголемена финансиска помош. Скоро 500 милиони евра се наменети за Косово преку ИПА за 2007-2011 година. Косово беше умерено погодено од економската криза. Од суштиснко значење е властите на Косово да ги спроведат своите обврски во однос на фискалната дисциплина, управување со јавните расходи и реформата на економската и социјалната политика.

ЕУ го поддржува економскиот и политичкиот развој на Косово преку јасна европска перспектива, во согласност со европската перспектива на регионот. Подобрувањето на условите на живеење е суштинско за благосостојбата на населението на Косово и стабилноста во поширокиот регион. Врз оваа основа и во согласност со Стратегијата за проширување од 2008 година и заклучоците на Советот од декември 2008 година, Комисијата истовремено со овој стратешки

документ го одобри известувањето насловено „Косово[6] – исполнување на неговата европска перспектива“. Во оваа студија се утврдени инструментите на Заедницата, кои ЕУ може да ги мобилизира за промовирање на политичкиот и социјално-економскиот развој на Косово. Конкретно, предлага структурен пристап за приближување на граѓаните на Косово до ЕУ, вклучително преку дијалог за визите со можна визна либерализација. Понатаму, Комисијата предлага проширување на автономните трговски мерки и, штом Косово ќе ги исполни релевантните услови, навремено ќе предложи насоки за преговори за трговска спогодба.

*Турција*

Турција продолжи да ги изразува своите заложби за процесот на пристапување во ЕУ. Беа одржани слободни и фер избори. Беа преземени позитивни чекори во областите на судството, со донесувањето на стратегијата за реформа во судството и акцискиот план, цивилно-воените односи и културните права. Конкретно, Собранието го измени законодавството за да овозможи судење на воениот персонал во граѓанските судови за време на мир. Владата отвори широка јавна дебата насочена кон решавање на курдското прашање, а државната телевизија отвори канал на кој се емитуваат програми само на курдски јазик.

Во однос на преговорите за пристапување, отворени се дополнителни поглавја. Турција ја донесе Националната програма за усвојување на правото на acquis. Назначувањето на Постојан главен преговарач треба да помогне во насочување на заложбите на Владата во контекст на реформите поврзани со ЕУ. Ова е од посебна важност со оглед на тоа што преговорите за пристапување достигнаа посложена фаза, која ѝ налага на Турција да ги зајакне своите заложби во исполнувањето на одредниците за да се овозможи натамошен напредок во отворањето на поглавјата.

Турција беше силно погодена од економската криза, но нејзиното влијание беше ублажено од флексибилниот банкарски сектор и антикризните мерки. Продолжувањето на структурните реформи во комбинација со разумна фискална политика се суштински за натамошно зајакнување на конкурентноста.

Истрагата за наводната криминална мрежа Ергенекон доведе до сериозни кривични обвиненија, вклучувајќи воени лица и националистички кругови. Овој случај е можност за Турција да ја зајакне довербата во правилното функционирање на нејзините демократски институции и владеењето на правото. Значајно е во судската постапка во овој контекст целосно да се почитува соодветниот правен процес, особено правата на обвинетите.

Интензитетот на реформите сега треба значително да се зајакне. Останува загриженоста за одреден број области, вклучително слободата на изразување, слободата на печатот, слободата на вероисповед, синдикалните права, цивилна контрола врз војската, правата на жените и родовата еднаквост. Многу повеќе

[6] Според Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на ОН

треба да се направи во однос на неказнувањето на лицата вклучени во тортура и малтретирање. Иницијативата на Владата за курдското прашање треба да доведе до конкретни мерки, со кои на граѓаните на Турција, без оглед на нивното потекло, им се гарантираат целосни права и слободи, и до значително подобрување на состојбата во југоисточниот дел на Турција. Подобрувањето на дијалогот меѓу политичките партии ќе биде корисно за реформскиот процес, вклучително активностите за уставните реформи.

Турција изрази поддршка за тековните преговори под покровителство на ОН, меѓу лидерите на грчката и турската заедница на Кипар за постигнување на сеопфатно решавање на кипарскиот проблем. Меѓутоа, нема напредок во однос на нормализирањето на билатералните односи со Република Кипар. Турција не го спроведе целосно Дополнителниот протокол на Спогодбата за асоцијација и не ги отстрани сите пречки за слободно движење на стоки, вклучително ограничувањата на директните транспортни врски со Кипар. Турција треба итно да ја исполни обврската за целосно недескриминациско спроведување на Дополнителниот протокол и да постигне напредок кон нормализирање на билатералните односи со Република Кипар. ЕУ ќе продолжи да го следи и преиспитува напредокот постигнат во однос на прашањата опфатени со Декларацијата од 21 септември 2005 година, во согласност со Заклучоците на Советот од 11 декември 2006 година.

Грција достави голем број формални жалби за континуираните повреди на нејзиниот воздушен простор од страна на Турција, вклучително прелетувања над грчки острови.

Добрососедските односи остануваат клучни.

Турција има клучна улога во регионалната безбедност и во унапредувањето на дијалогот меѓу цивилизациите. Турција презеде иницијативи за да придонесе кон стабилноста во Јужен Кавказ, Среден Исток и други региони. Таа учествува во неколку мировни мисии на ЕУ. Направени се значителни дипломатски напори за нормализирање на односите со Ерменија, што доведе до потпишување на протоколи за нормализирање на односите во октомври 2009 година. Важно е овие протоколи брзо да се ратификуваат од страна на двете земји.

Во јули 2009 година, Турција потпиша Меѓувладин договор за изградба на гасоводот Набуко. Овој проект е значаен стратешки чекор за потесна соработка во областа на енергетиката меѓу ЕУ, Турција и другите земји во регионот, како и за диверзификација на енергетските извори. Навременото завршување на Јужниот гасен коридор, особено преку брзо спроведување на Меѓувладиниот договор за изградба на гасоводот Набуко, останува еден од најважните приоритети за енергетска безбедност.

Процесот на пристапување во ЕУ дава силен поттик на Турција да продолжи со реформите, да ја зајакне демократијата и човековите права и да продолжи со модернизација на земјата. Интензитетот на реформите во Турција и понатаму е клучна обврска за унапредување на овој процес.

### 4.2. Исланд

На 16 јули 2009 година Исланд поднесе барање за членство во ЕУ и на 27 јули Советот ја повика Комисијата да подготви мислење. Барањето на Исланд ќе биде оценето во согласност со начелата утврдени во Договорот, критериумите дефинирани од страна на Европскиот совет од Копенхаген во 1993 година, како и заклучоците на Европскиот совет од декември 2006 година за обновениот консензус за проширување кој предвидува строга и правична условеност заснована на начелото на сопствени заслуги.

Исланд е докажана демократија. Истата беше силно погодена од глобалната економска и финансиска криза. Во голема мера е вклучена во внатрешниот пазар преку нејзиното учество во Европската економска област. Исланд е член и на Шенгенската зона. Исланд е важен партнер на ЕУ во рамки на Северната димензија и во однос Арктичката политика во развој. Комисијата ќе ги земе предвид овие елементи во своето мислење. Резултатот на Исланд во спроведувањето на обврските според Договорот за ЕЕО ќе претставува важен елемент за оценката на Комисијата. Комисијата подготвува измена на Регулативата за ИПА со цел да се вклучи Исланд како земја-корисничка.

## 5. Заклучоци и препораки

Врз основа на погоредадената анализа, Комисијата ги дава следните **заклучоци** и **препораки**:

1. Процесот на пристапување дава силна поддршка на политичката и економската реформа во земјите вклучени во процесот на проширување и го зајакнува мирот и стабилноста во Европа. Во интерес на ЕУ е да се одржи динамиката на процесот на проширување, врз основа на договорените начела и услови и обновениот консензус за проширување.

2. Земјите вклучени во процесот на проширување не ги избегнаа влијанијата од глобалната економска рецесија. ЕУ им помага да го ублажат влијанието од кризата и да се подготват за темелно зајакнување. Спроведувањето на реформите поврзани со ЕУ го поткрепува истото.

3. Владеењето на правото, особено борбата против корупцијата и организираниот криминал, но и јакнењето на административните капацитети, останува главен предизвик кон кој земјите вклучени во процесот на проширување треба да се насочат. Комисијата ќе продолжи да ги користи сите инструменти на процесот на проширување со цел да ги поддржи во ова настојување. Проблемите што влијаат врз слободата на изразување и медиумите треба што побрзо да се надминат.

4. Билатералните прашања не треба да го запрат процесот на пристапување. Билатералните спорови треба да се решат од страна на засегнатите страни кои се одговорни за пронаоѓање решенија во духот на добрососедството и во смисла на севкупните интереси на ЕУ.

5. Подобрена е регионалната соработка во Југоисточна Европа, тоа што

земјите во регионот преземаат зголемена одговорност врз процесот. Меѓутоа, ефикасноста на регионалните структури и иницијативи треба да се подобри. Несогласувањата околу Косово[7] не треба да ја попречуваат регионалната соработка.

6. Воспоставувањето на слободен визен режим за Република Македонија, Црна Гора и Србија на почетокот на 2010 година, според предлогот на Комисијата, ќе покаже дека реформите носат опиплива корист за граѓаните. Комисијата ќе ги изнесе предлозите за Албанија и Босна и Херцеговина до средината на 2010 година, доколку овие земји ги исполнат условите утврдени во патоказите. Слободното движење на лица и размената, особено на младите граѓани и студенти, се од суштинско значење за да му се помогне на Косово во изградбата на прифатливи економски структури. Имајќи го предвид ова, визното олеснување треба да продолжи да се поттикнува и треба да се отпочне процес за Косово, со цел можна визна либерализација кога ќе бидат преземени потребните реформи и исполнети условите.

7. Хрватска постигна добар напредок во исполнувањето на одредниците утврдени во преговорите за пристапување. Овој напредок беше забележан на Конференцијата за пристапување во октомври 2009 година, по политичкиот договор од септември 2009 година меѓу Словенија и Хрватска за решавање на прашањето за границата. Ова беше важен чекор нанапред кој дава нов поттик во преговорите за пристапување. Хрватска треба да продолжи со заложбите за реформи, особено во судската и јавната администрација, борбата против корупцијата и организираниот криминал, правата на малцинствата, вклучително враќање на бегалците, судски процеси за воени злосторства. Хрватска треба да го реши прашањето за пристап до документите за МКСЈ. Доколку Хрватска ги исполни сите останати услови, преговорите за пристапување би можеле да завршат следната година.

8. Република Македонија посвети значително внимание на клучните приоритети од пристапното партнерство. Врз основа на тоа, и во насока на севкупниот напредок во реформите, Комисијата смета дека земјата задоволително ги исполнува политичките критериуми утврдени од страна на Европскиот совет од Копенхаген во 1993 година и Процесот за стабилизација и асоцијација. Земјата се придвижи поблиску во правецот на постанување функционална пазарна економија и постигна напредок во голем број области поврзани со нејзината способност да ги преземе обврските од членството.

Во однос на погоредадените мислења и земајќи ги предвид заклучоците на Европскиот совет од декември 2005 година и декември 2006 година, Комисијата препорачува отворање на преговорите со Република Македонија за пристапување кон Европската унија.

Останува важно одржувањето добри соседски односи, вклучително и заемно прифатливо решение по пат на преговори за прашањето за името, под покровителство на ОН.

[7] Според Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на ОН.

9. Во декември 2008 година Црна Гора поднесе барање за членство во ЕУ и во април 2009 година Советот ја повика Комисијата да достави свое мислење. Парламентарните избори ги исполнија речиси сите меѓународни стандарди, но останува да се надминат одредени недостатоци. Јакнењето на административниот капацитет и зацврстувањето на владеењето на правото остануваат како главни предизвици за Црна Гора.

10. Во април 2009 година Албанија поднесе барање за членство во ЕУ и Комисијата е спремна да изготви мислење, кога истата ќе биде повикана да го стори тоа од страна на Советот. Парламентарните избори ги исполнија повеќето меѓународни стандарди, но останува да се надминат одредени недостатоци на идните избори. Јакнењето на владеењето на правото и овозможувањето на правилно функционирање на државните институции остануваат главни предизвици.

11. Босна и Херцеговина итно треба да ги забрза клучните реформи. За да се постигне напредок потребни се заедничка визија за севкупна насока на земјата од страна на нејзиното раководство и политичка волја за исполнување на условите за европска интеграција. Босна и Херцеговина треба, исто така, да ги исполни условите кои беа утврдени за затворање на Канцеларијата на високиот претставник. Европската унија не би можела да го разгледа барањето за членство поднесено од страна на Босна и Херцеговина сè додека не се затвори Канцеларијата на високиот претставник. Босна и Херцеговина ќе треба да изврши реформа на својата уставна рамка со цел да им дозволи на нејзините институции да функционираат ефикасно, пред Комисијата да може да препорача доделување на статус на земја-кандидатка. Конкретно, земјата треба да биде во позиција да ги донесува, спроведува и извршува законите и правилата на ЕУ.

12. Србија ја покажа својата посветеност кон интеграцијата во ЕУ преку остварување резултати во спроведувањето на одредбите од Времената спогодба со ЕУ и преку преземање клучни политички реформи во согласност со европските стандарди. Со оглед на постојаната соработка со МКСЈ и нејзината обновена обврска кон процесот на европска интеграција, Комисијата смета дека Времената спогодба треба сега да биде спроведена од страна на ЕУ. Јакнењето на владеењето на правото и забрзувањето на економските реформи останува важно. Србија треба да покаже поконструктивен став кон учеството на Косово во регионалната трговија и соработка. Почната е соработка со мисијата за владеење на правото ЕУЛЕКС, но потребни се натамошни заложби, особено во однос на активностите на ЕУЛЕКС во северниот дел на Косово.

13. Стабилноста се одржува во Косово, но останува кревка. Мисијата на Европската унија за владеење на правото ЕУЛЕКС е распоредена низ Косово и е целосно функционална. Косово е соочено со големи предизвици, вклучително владеењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, јакнењето на административниот капацитет, заштита на српското и другите малцинства и зајакнување на дијалогот и помирувањето на заедниците. Косово треба да заземе конструктивен пристап кон регионалната соработка и да обезбеди постојана поддршка за работата на ЕУЛЕКС. Комисијата предлага начини за мобилизирање на инструментите на Заедницата за натамошен

политички и социјално-економски развој на Косово, особено во областите на визи и трговија, и за напредок, во согласност со европската перспектива за регионот, кон интеграција во ЕУ во контекст на процесот за асоцијација и стабилизација. Во однос на трговијата, Комисијата предлага проширување на автономните трговски мерки и, кога Косово ќе ги исполни потребните услови, Комисијата навремено ќе предложи насоки за преговори за трговска спогодба.

14. Турција треба да работи на започнатите заложби за обновени политички реформи. Преговорите за пристапување стигнаа до посложена фаза во која од Турција се бара да ги зајакне заложбите за исполнување на релевантните услови. Процесот на пристапување во ЕУ предвидува силен поттик за Турција да ја зајакне демократијата и човековите права, и понатаму да ја модернизира земјата и да ја приближи земјата до ЕУ. Турција има клучна улога во регионалната безбедност, набавката на електрична енергија и унапредување на дијалогот меѓу цивилизациите. Направени се значителни дипломатски заложби за нормализирање на односите со Ерменија, што резултира со историското потпишување на протоколи за нормализирање на односите во октомври 2009 година. Турција треба да обезбеди целосно, недискриминациско спроведување на Дополнителниот протокол на Спогодбата за асоцијација и да напредува кон нормализирање на односите со Република Кипар. ЕУ продолжува да го следи и преиспитува напредокот постигнат во однос на прашањата опфатени со Декларацијата од 21 септември 2005 година, во согласност со Заклучоците на Советот од 11 декември 2006 година. Добрососедските односи остануваат клучни.

15. Во однос на кипарското прашање, лидерите на грчката и турската заедница на Кипар влегуваат во одлучна фаза од преговорите за сеопфатно решавање под покровителство на Обединетите нации. Комисијата ги поддржува нивните заложби и обезбедува технички совети за прашањата во рамки на надлежноста на ЕУ. Двајцата лидери се повикуваат да ги зајакнат заложбите за успешно завршување на преговорите во најкраток можен рок и Турција се повикува конкретно да придонесе за такво сеопфатно решавање на кипарското прашање.

16. Исланд поднесе барање за членство во ЕУ и Комисијата го подготвува мислењето побарано од страна на Советот. Барањето на Исланд ќе биде оценето во согласност со начелата утврдени во Договорот и критериумите дефинирани од страна на Европски совет од Копенхаген во 1993 година, како и заклучоците на Европскиот совет од декември 2006 година за обновениот консензус за проширување. Исланд е тесно интегрирана во ЕУ во неколку области, преку нејзиното членство во Европската економска област и Шенген-зоната.

**17.** Од суштинско значење е јавната поддршка за проширувањето. Важно за надлежните органи на земјите-членки, земјите партнери и институциите на ЕУ е да се зајакне разбирањето на политиката на проширување на ЕУ.

# <u>АНЕКС</u>

## Заклучоци за Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија, Косово[8], Турција

### Албанија

Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) влезе во сила во април и спроведувањето напредува рамномерно во целост. Албанија продолжи да напредува во решавање на **политичките критериуми** во согласност со Европското партнерство. Парламентарните избори во јуни страна на ОБСЕ/ОДИХР беа оценети од како исполнување на голем број меѓународни стандарди, но потребни се понатамошни заложби со цел проследување на препораките на идните избори. Видлив напредок е постигнат во регистрација на гласачите и во правната рамка, но беа забележани недостатоци во постапката на броење на гласови. Изборната реформа е завршена и навреме е донесен нов Изборен законик точно за изборите. Подобрените гласачки листи беа составени врз основа на новиот граѓански регистар, со што, во голем степен, се исполнува клучниот приоритет од Европското партнерство. Распределбата на лични карти, со цел да им се овозможи на граѓаните да гласаат без пасоши, беше во голема мера завршена. Меѓутоа, културата на дијалог меѓу главните политички страни попушти за време на изборниот период. Политичкиот дијалог, клучен приоритет во Европското партнерство, треба повторно да се врати во вистинскиот правец.

Одреден напредок е постигнат во јакнењето на ***демократијата и владеењето на правото.*** Главните препораки на ОБСЕ/ОДИХР од претходните избори беа во голема мера проследени како дел од целокупната изборна реформа. *Собранието* донесе одреден број важни закони за приближување кон acquis. Меѓутоа, културата на дијалог стана основа на партиско-политичкиот дневен ред и клучните реформи беа одложени. Албанија постигна одреден напредок во јакнењето на нејзините *владини* структури со цел координација на европската интеграција. Меѓутоа, понатамошното јакнење на капацитети и стратешкото планирање остануваат неопходни. Во областа на *јавната администрација,* продолжија укажувањата за прекршување на Законот за државни службеници, главно со користење на времени договори. Недостигот на транспарентност и одговорност во назначувањата останува клучен приоритет во Европското партнерство на кој треба да му се посвети внимание. Потребни се значителни заложби за воспоставување на независна, ефикасна и државна администрација заснована на заслуги, ослободена од политичко влијание. Целосна примена на Законот за државни службеници, јакнење на институционалниот капацитет во Секторот за јавна администрација и спроведување на стратегијата за реформа во јавната администрација ќе бидат клучни за напредок.

Мал напредок е постигнат во реформата на *судскиот систем.* Воспоставен е приватен систем на судски извршители. Меѓутоа, останува да се донесе сеопфатна реформска стратегија за судството. Законот за лустрација беше донесен без целосни консултации и консензус со просто мнозинство гласови во Собранието. Спроведувањето на Законот за лустрација потоа беше укинат од

[8] Според Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН.

страна на Уставниот суд. Правната рамка за реформата на судството не беше завршена. Во постапка е донесувањето на главни законски акти за функционирањето на Високиот суд на правдата и административните судови. Проблемот со застојот продолжува и судската инфраструктура останува несоодветна. Обидите на извршната власт за ограничување на независноста на судството останува сериозен проблем. Одложувањето врз процедурални основи на предметите од повисоко ниво, како судскиот процес Гердец, покрена прашања за непристрасноста на судството. Во целост, судството продолжи недоволно да функционира и останува да се направи многу за да се исполни овој клучен приоритет во Европското партнерство преку обезбедување независност, транспарентност и ефикасност.

Владата продолжува со заложбите за спречување и борба против *корупцијата*. Почна спроведувањето на антикорупциската стратегија и акцискиот план, којшто е клучен приоритет од Европското партнерство. Беше донесено законодавство што бара употреба на онлајн-електронски постапки за јавни набавки. Направени се заложби за зголемување на транспарентноста во одредени сектори, како што е образованието. Постојат позитивни развојни процеси. Меѓутоа, корупцијата останува распространета во многу области и е посебен сериозен проблем. Потребна е поголема политичка волја, вклучително и во однос на случаите на повисоко ниво, со цел да се искорени културата на неказнување што продолжува да е широко прифатена. Во целост, институционалните постапки и координацијата меѓу агенции во борбата против корупцијата налага понатамошно јакнење. Потребно е повеќе работа во однос на сите аспекти на проблемот, вклучително и судска одговорност и транспарентност во финансирањето на политичките партии.

Продолжи одреден напредок во однос на **човековите права и заштита на малцинствата**, при што правната рамка е во целост подготвена. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за подобрување на примената на постојното законодавство во бројни области.

Во однос на *граѓанските и политички права*, беше преземена акција за решавање на случаите на *малтретирање* во предистражен притвор. Изградени се нови *затвори* и центри за предистражен притвор за малолетни лица и лица со нарушено ментално здравје. Системот за условен отпуст е функционален. Меѓутоа, лошите стандарди за притвор, влошени како резултат на пренатрупаност, остануваат сериозен проблем, особено во постарите затвори. Потребни се натамошни заложби за заштита на човековите права и спроведување на препораките на Народниот правобранител. Сè уште останува проблемот на *пристапот до правдата,* пристапот до правна помош за ранливите групи и на одредени малцинства.

Правната рамка за заштита на *слободата на изразување* е подготвена. Меѓутоа, направен е притисок врз одредени медиуми вклучително и нивно селење од простории во сопственост на Владата. Останува да се заврши правната рамка за медиумска политика и треба да се спроведе постојното законодавство. Потребни се важни заложби за реализација на правната рамка, подобрување на транспарентноста на сопственоста на медиумите и зајакнување на независноста во регулаторното тело за радиодифузија. Односот кон слободата на здружување

и религија останува задоволителен. Владата ги засили своите заложби за обезбедување на поддршка за *граѓанското општество.* Направени се заложби за вклучување на граѓанското општество во изготвувањето на клучното законодавство. Меѓутоа, учеството на организациите на граѓанско општество во креирањето на политиката бара понатамошно јакнење.

Постигнат е ограничен напредок во областа на *економските и социјалните права*. Постигнат е одреден напредок во јакнењето на *правата на жените*. Изборниот законик вклучува 30% од родовата квота која беше применета од страна на најголемиот број на политички партии во текот на изборите во јуни. Беше основан Национален совет за родова еднаквост. Меѓутоа, постојното законодавство за заштита на жените од сите форми на насилство не е целосно применето. Семејното насилство останува предмет на сериозна грижа. Постои постојан напредок во делот на *правата на децата.* Примената на алтернативни мерки на казнување на малолетни лица беше подобрена. Меѓутоа, потребни се поголеми заложби за решавање на проблемот со детската работна сила и стапките на напуштање на училиштата, особено за децата Роми. Механизмите за поддршка на *социјално загрозените и лицата со пречки во развојот* останувааат ограничени. Потребна е подобра координација на владините агенции. Потребни се натамошни заложби за јакнење на *правата на работниците и синдикатите.* Недостигот на напредок во изменувањето на законодавството за работни односи продолжува да го отежнува развојот на социјалниот дијалог. Освен тоа, Законот за антидискриминација останува да се донесе.

Постигнат е мал напредок во зајакнувањето на *правата на сопственост*, клучен приоритет за Европското партнерство. Мапите за проценка на земјиштето, кои се потребни за обесштетување на поранешните сопственици, се завршени за целата земја. Меѓутоа, потребни се многу повеќе заложби во однос на сите аспекти на ова прашање. Нерешените имотни прашања продолжуваат да го нарушуваат развојот на функционалниот пазар на земјиште, за да ги одржуваат странските инвестиции под нивниот потенцијал и да даваат можност за корупција. Донесувањето на сеопфатна стратегија за решавање на правните и институционалните прашања ќе биде клучно во оваа област.

Напредокот продолжува во однос на *заштитата на малцинствата.* Направени се напори за вработување на припадници на малцинствата во полицијата. Меѓутоа, треба да се зајакне спроведувањето на Рамковната конвенција на Советот на Европа. И понатаму не постојат точни податоци за малцинствата. Следниот попис на населението, сè додека се почитуваат меѓународните стандарди за заштита на податоците, ќе биде клучен за решавање на ова прашање. Правната рамка за заштита на малцинствата треба понатаму да развива и да се објаснува со цел да им се овозможи на сите малцинства целосно да ги уживаат своите културни права. Преземени се одредени чекори за подобрување на состојбата на *Ромите,* но спроведувањето на Стратегијата за Ромите се одвива бавно. Ромското малцинство и понатаму се соочува со многу тешки услови за живот и дискриминација.

Во однос на ***регионалните прашања и меѓународните обврски,*** Албанија продолжува да има конструктивна улога во одржувањето на регионалната стабилност и промовирањето на добри односи со останатите западно-балкански

земји и земјите-соседи со ЕУ. Земјата активно учествуваше во регионалната соработка, вклучително и во процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈЕ), Регионалниот совет за соработка (РСС) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Билатералните односи со другите земји опфатени со процесот на проширување и соседните земји на земјите-членки на ЕУ и понатаму се позитивни. Во однос на Меѓународниот кривичен суд, билатералниот договор за имунитет со Соединетите Американски Држави не е усогласен со соодветниот Заеднички став и основните начела на ЕУ. Албанија треба да се усогласи со ставот на ЕУ.

**Економијата** во Албанија ја одржа макроекономска стабилност наспроти состојбата со меѓународната финансиска и економска криза. Во текот на 2008 година економскиот раст продолжи да се забрзува, но во 2009 година се забави како последица на намалениот извоз, плаќањата и порастот на кредитите. Монетарната политика останува цврста и се задржува стабилноста на цените. Меѓутоа, фискалната политика која е во пораст, а ги вклучува многу потребните јавни работи на патната мрежа, резултираше со висок буџетски дефицит. Недостатоците во владеењето на правото, ниското ниво на инфраструктура и сивата економија остануваат предизвици за економскиот развој и деловното опкружување.

Во однос на **економските критериуми,** Албанија направи добар напредок за воспоставување на функционална пазарна економија. Со цел да се овозможи истата да се справи, на среднорочно ниво, со конкурентниот притисок и пазарните сили во рамките на Унијата, Албанија треба да направи реформи и да го зајакне својот правен систем и да ги реши недостатоците во инфраструктурниот и човечкиот капитал.

Владата реагираше на меѓународната криза со употреба на сите монетарни и финансиски инструменти, како и регулаторни мерки. Големите приливи на капитал, делумно водени од забрзаниот процес на приватизација, се повеќе од доволни за финансирање на дефицит на тековната сметка. Постојаното спроведување на реформата во даночната администрација ја зголеми даночната основа, го зголеми целокупното даночно усогласување, а помогна да се намали неформалниот сектор. Поефикасното собирање на даноци придонесе до суфицит во примарниот буџетски биланс и ја подобри политичка комбинација во 2008 година. Нивото на државната сопственост во економијата и понатаму се намалува, особено во секторот на енергетика и телекомуникации. Влезот на пазарот е олеснет, а учесниците на пазарот имаат корист од подобрените регистри за сопственост и кредити. Во специфична меѓународна животна средина, банкарскиот сектор и понатаму е добро капитализиран и ликвиден. Големиот обем на јавни работи ја подобри патната мрежа.

Меѓутоа, фискалната политика која е во пораст, за време на изборниот период резултираше со висок буџетски дефицит во 2008 година, а предвидениот дефицит за 2009 година останува висок. Неопходни се дополнителни заложби за зајакнување на јавните финансии. Сè уште не се применуваат стечајните постапки. Слабиот административен капацитет го нарушува авторитетот и прифаќањето на правниот систем. Неформалните методи на примена на договорот, заобиколувајќи го правниот систем, продолжуваат и понатаму да се

шират. Нерешените имотни прашања и понатаму го нарушуваат развојот на функционалниот пазар на земјиште и ги одржуваат странските инвестиции под нивниот потенцијал. Неформалниот сектор останува значаен предизвик. Невработеноста останува висока. Образовниот систем има потреба од голема реформа. Сообраќајната инфраструктура останува слаба, а безбедноста на снабдувањето со електрична енергија сè уште не е целосно обезбедена како резултат на недостаток на диверзификација на производството и слаб капацитет на меѓусебна поврзаност.

Албанија постигна напредок во усогласувањето на законодавството, политиките и капацитетот со **европските стандарди**. Постигнат е напредок во повеќе области, но сепак нерамномерно. Напредокот продолжува и во областите како што се слободно движење на стоки, енергетика и политика на мали и средни претпријатија. Во други области, како правата на интелектуална сопственост, аудиовизуелна политика, земјоделството и ветеринарната/фитосанитарната контрола, напредокот е ограничен. Во целост, потребни се натамошни заложби за подобрување на административниот капацитет и за зголемување на ефикасното спроведување на законодавството.

Постигнат е напредок во некои области од ***внатрешниот пазар.*** Во однос на *слободното движење на стоки*, добриот напредок продолжи со усвојување на европските стандарди и во областите на акредитација и метрологија. Меѓутоа, капацитетот за спроведување треба да се зајакне. Правната рамка за движење на капитал се подобри со ревизијата на регулативата за активности за девизна размена. Регулаторната рамка за *заштита на потрошувачите* се подобри со воспоставувањето на советодавни тела и тела за донесување на одлуки.

Напредокот продолжува со компјутеризација на *царината* и инфраструктурата, но е потребно понатамошно приближување на европските стандарди и зајакнување на административниот капацитет. Царинските службеници немаат статус на државни службеници. Постигнат е континуиран напредок во *оданочувањето.* Функционалноста на даночната администрација се подобри, а компјутеризацијата на даночната управа е речиси завршена. Меѓутоа, целокупното собирање на даноци е сè уште недоволно. Оданочувањето на увозот на употребувани возила и печатени материјали не е во согласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Напредокот продолжи во областа на *конкуренцијата* и во областите на антимонополизам и државна помош. Правната рамка е во голема мера во согласност со *acquis*, но потребни се натамошни заложби за нејзино спроведување.

Може да се забележи одреден напредок во однос на *јавните набавки.* Електронските постапки се проширени во повеќе јавни договори. Меѓутоа, понатамошно приближување на законодавството сè уште е во постапка на одобрувања, предности и постапки за преиспитување. Капацитетот на Бирото за јавни набавки е подобрен, но потребно е натамошно зајакнување. Постигнат е одреден напредок во однос на *правата на интелектуална и индустриска сопственост.* Зголемен е бројот на прекршочни предмети дадени на суд. Меѓутоа, потребни се значителни натамошни заложби. Спроведувањето

останува незначително, а капацитетот на канцелариите за патенти и авторски права, како и искуството и квалификациите на правосудството остануваат слаби.

Постигнат е мал напредок во областа на *социјалната политика и вработувањето.* Буџетот за социјална заштита е зголемен, а беше одобрена и стратегијата за безбедност и здравје при работа. Меѓутоа, стандардите за безбедност и здравје при работа остануваат незначителни, а капацитетот на трудовиот инспекторат е сè уште слаб. Законодавното приближување кон стандардите на ЕУ продолжи во некои *области на јавното здравје.* Меѓутоа, административниот капацитет останува слаб. Постигнат е одреден напредок во во однос на европските стандарди во областа на *образованието* и *политиката на истражување.*

Напредок може да се забележи и во некои ***секторски политики.*** Во однос на *индустријата и малите и средните претпријатија,* добар напредок е постигнат и во спроведувањето на Европската повелба за мали претпријатија. Постигнат е одреден напредок во *земјоделството,* во однос на правната и институционалната рамка, но останува структурната слабост. Лабораторискиот капацитет е подобрен во областа на *безбедност на храна, ветеринарната и фитосанитарната* политика, но усогласувањето со стандардите на ЕУ останува незначително и го отежнува капацитетот на Албанија за извоз. Напредокот продолжи во областа на *рибарството* во однос на хоризонталното законодавство, инспекцијата и меѓународната соработка. Меѓутоа, контролите на улов и истоварување остануваат слаби.

Во однос на *животната средина,* има одредени подобрувања во управувањето со отпадот и заштита на природата. Меѓутоа, капацитети за креирање на политиките и спроведувањето и примената налагаат понатамошно зајакнување. Во *транспортот,* правната рамка е подобрена во воздухопловниот и поморскиот сектор. Меѓутоа, во целост се потребни значајни подобрувања.

Постигнат е напредок и во секторот *енергетика.* Дистрибутивната мрежа на компанијата за снабдување со електрична енергија е приватизирана. Мерките за подобрување на производството на струја и капацитетите за меѓусебна поврзаност се во тек. Меѓутоа, секторот енергетика останува слаб. Безбедноста на снабдувањето со електрична енергија е сè уште неизвесно. Треба да продолжат заложбите за намалување на загубите и зголемување на собирањето на сметките.

Ограничен напредок може да се забележи во однос на *информатичкото општество и медиумите.* Пазарната либерализација продолжи во областа на електронските комуникации, но сè уште е забавена поради недостаток на инструменти за осигурување заштита на конкуренција. Административниот капацитет останува слаб особено во рамките на Советот на регулаторната агенција. Постигнат е ограничен напредок во *аудиовизуелната политика.* Потребни се натамошни заложби за спроведување на акцискиот план за реформи во медиумите. Во однос на *финансиската контрола,* постигнат е скромен напредок, но правната рамка и капацитетите за спроведување треба да се зајакнат. Напредокот продолжува и во областа на *статистиката.*

Во областа на ***правдата, слободата и безбедноста***, постигнат е напредок во повеќето области, но нерамномерно. Во рамките на дијалогот за визна либерализација, направени се чекори за исполнување на утврдените одредници во насока на визна либерализација, а клучни реформи се воведени во областа на правдата, слободата и безбедноста. Напредокот продолжува во областа на визната политика. Преземени се чекори за исполнување на утврдените одредници во насоката на визна либерализација. Законот за странци влезе во сила и е донесена легислативата за негово спроведување. Одржлив граѓански регистар и систем за адреси стана функционален и личните карти се дистрибуирани. Зајакнато е темпото на обезбедување на биометриски пасоши. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за усогласување со европските стандарди. Продолжува спроведувањето на спогодбата за реадмисија меѓу Европската заедница и Албанија.

Одреден напредок е постигнат и во областа на *граничното управување*. Продолжува спроведувањето на интегрираната стратегија за гранично управување. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за ефикасно спроведување на координација меѓу агенциите и за обезбедување на соодветна обука, човечки ресурси и опрема на граничните пунктови. Законот за надзор на државната граница и понатаму треба ефикасно да се спроведува. Прекуграничната соработка треба да се зајакне. Добар напредок може да се забележи во однос на *азилот*. Законот за азил е ревидиран. Меѓутоа, обемот на мерки за спроведување треба да се донесе со цел да се дополни правната рамка. Продолжува напредокот во областа на *миграцијата*. Спроведувањето на Националната стратегија за миграција е во тек. Потребни се натамошни заложби за спречување на нелегалната миграција.

Скромен напредок е постигнат во спречувањето на *перење на пари*. Правната рамка и административниот капацитет се подобрени. Меѓутоа, ресурсите за испитување и капацитетот за спроведување на конфискација на имот треба да се зајакнат. Соработката меѓу полицијата и правосудството останува слаба. Ограничен напредок може да се забележи во борбата против *дрогата*. Резултатите во оваа област остануваат недоволни, а особено треба да се зајакне соработката меѓу агенциите. Трговијата со дрога останува сериозен проблем.

Одреден напредок продолжува во *полицијата*, со спроведување на новиот Закон за полиција. Одредено подобрување е постигнато во однос на екипирањето. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за зголемување на истражувачките капацитети, зајакнување на соработката со обвинителството и подобрување на управувањето со човечки ресурси. Полициската управа, екипирањето, обуката и внатрешните контролни структури треба да се зајакнат. Повеќе заложби се потребни за да се развијат веродостојни статистики за криминалот.

Ограничен напредок продолжува да се прави во борбата против *организираниот криминал*, што останува сериозно прашање. Преземени се мерки за подобрување на заштитата на сведоци, но истите се недоволни. Соработката со Интерпол е подобрена, овозможувајќи реализација на бројни меѓународни налози за апсење. Меѓутоа, заложбите за спречување на организираниот криминал се нарушени со корупција, слаба заштита на сведоците и недоволна употреба на разузнавањето.

Тешкотиите во соработката меѓу полицијата и обвинителите продолжуваат да ја намалуваат ефикасноста на истрагите.

Одреден напредок се забележува во областа на спречување на *трговијата со луѓе*. Интернет-базата на податоци за жртвите е функционална. Административниот капацитет на координаторот за борба против трговија и Националниот механизам за упатување на жртвите од трговија со луѓе се подобрени. Меѓутоа, дополнителни ресурси и подобра координација меѓу агенциите се потребни за спроведување на стратегијата против трговијата, особено во поглед на заштита на жртвите. Албанија останува земја на потекло за трговијата со луѓе. Меѓународната трговијата со жени и деца е во пораст.

Продолжува напредокот во *заштитата на личните податоци*. Правната рамка е функционална и е назначен независен орган за надзор на податоци. Меѓутоа, соодветни средства вклучително и обука, треба да се обезбедат за канцеларијата на Комесарот за заштита на податоци да работи ефикасно. Потребни се натамошни заложби за обезбедување на правилно спроведување на постојното законодавство и зајакнување на административниот капацитет.

**Босна и Херцеговина**

Босна и Херцеговина постигна многу ограничен напредок во исполнување на **политичките критериуми**. Домашната политичка клима е влошена, а предизвиците за правилно функционирање на институциите и провокативна реторика продолжуваат. Спроведувањето на реформите е многу бавно како резултат на недостатокот на консензус и политичка волја, а и поради сложената институционална рамка. Заедничките ставови на политичките лидери за насоката на земјата и за клучните евроинтегративни реформи остануваат неопходни за натамошниот напредок кон Европската унија. Исполнувањето на целите и условите кои се поставени за затворање на Канцеларијата на високиот претставник (КВП)[9] е суштествено. Европската унија нема да го разгледува барањето за членство во ЕУ се додека не се затвори КВП. Потребна е реформа во уставната рамка на Босна и Херцеговина за овозможување на ефикасно работење на институциите пред Комисијата да препорача одобрување на статус на земја-кандидатка. За оваа цел, политичките лидери на земјата се вклучија во здружена иницијатива предводена од ЕУ/САД, која започна на 8/9 октомври во Сараево. Сега истата треба да се претвори во конкретни резултати кои ќе го деблокираат напредокот на Босна и Херцеговина кон ЕУ преку уставни промени и обновен национален консензус.

Во однос на ***демократијата и владеењето на правото,*** постигнат е мал напредок кон создавање на пофункционални и ефикасни државни структури и кон *уставна* реформа, што е клучен приоритет за Европското партнерство. Уставот на Босна и Херцеговина беше изменет за прв пат со цел да се регулира

[9] Опфатени се пет цели: 1) Прифатлива и одржлива резолуција за прашањето за распределба на сопственоста меѓу државата и останатите нивоа на Владата; 2) Прифатлива и одржлива резолуција за одбрана на сопственоста; 3) Реализација на конечните одлуки од Брчко; 4) Фискалната одржливост (промовирана преку Спогодба за постојана методологија на ИТА-коефициент и воспоставување на Националниот фискален совет); и 5) Утврдување на владеењето на правото (докажано со донесувањето на Националните воени злосторства.

статусот на областа Брчко, што претставува главен развој и чекор напред. Меѓутоа, Високиот претставник неодамна мораше да ги употреби своите извршни надлежности за да обезбеди напредок кон завршување на меѓународниот надзор на областа.

Системот на управување на Босна и Херцеговина и понатаму вклучува меѓународно присуство. Земјата постигна одреден напредок кон исполнување на условите за затворање на КВП и транзиција кон засилено присуство на ЕУ. Меѓутоа, напредокот е спречен со недоволната политичка заложба. Потребна е итна постапка за исполнување на незавршените цели, односно распределбата на сопственоста меѓу државата и останатите нивоа на Владата, прашањето за одбрана на сопственоста и за обезбедување на стабилна и конструктивна политичка средина во земјата.

Забележано е неправилно функционирање на извршните и законодавните органи на државно ниво. Работата на *Собранието* на Босна и Херцеговина сè уште е попречена поради неадекватни технички и човечки ресурси, а забележана е и слаба соработка со Советот на министри и собранијата на ентитетите. Бројот на закони што ги донесува Собранието, поврзани со европската интеграција, е мошне мал. Владините институции, на сите нивоа, беа под постојано влијание на внатрешните политички тензии и фрагментирано и некоординирано креирање на политика. Органите се покажаа како неефикасни во однос на брзо и навремено назначување на високи службени лица. Работата на Директоратот за европска интеграција е постојано попречувана од страна на политичката клима во целост и поради отсуството на директор за време на периодот на подготовка на извештајот. Преземени се подготвителни чекори во врска со пописот закажан за 2011 година, но мора да се напомене отсуството на закон за попис на државно ниво што е еден од круцијалните елементи на овој процес.

Постигнат е одреден напредок во областа на *јавната администрација,* но мора да се напомене потребата од натамошни заложби. Стратегијата за реформирање на јавната администрација, што претставува клучен приоритет од Европско партнерство, се спроведува, но не доволно брзо. Фондот којшто е основан заради поддршка на реформирањето на јавната администрација е оперативен, а се спроведуваат и извесен број проекти. Меѓутоа, треба да се напомене потребата од подобрување на координацијата помеѓу различните администрации во земјата. Потребни се континуирани заложби со цел да се спречи политичкото влијание и да се ограничи улогата на етничкиот идентитет и политичката припадност во однос на именувањата и треба да се воспостави професионална, непристрасна, одговорна, транспарентна и ефикасна граѓанска служба што ќе се базира на заслуга и способност. Именувани се народните правобранители на државно ниво, но истите не се целосно активни поради неподготвеноста на ентитетите да ги затворат постојните канцеларии на ниво на ентитет.

Босна и Херцеговина постигна ограничен напредок во однос на подобрувањето на *судскиот систем.* Воведено е ново законодавство, а беа преземени и одредени постапки за намалување на бројот на заостанати случаи. Постигнат е

напредок во однос на опремување на судовите со соодветна информатичка технологија. Меѓутоа, лошо се спроведуваат Националната стратегија за развој на секторот за правда и Стратегијата за воени злосторства и нивното спроведување треба да се забрза. Сложената правна рамка, фрагментираниот судски систем и непостоењето на единствен буџет се главните пречки за воведување на реформи во оваа област. Политичкото влијание е широко распространето. Отсуството на Врховен суд со надлежност на ниво на целата земја е сериозен недостаток. Забележано е неефикасно справување со организираниот криминал. Политичките органи на Босна и Херцеговина не го проследија барањето на судските органи за продолжување на мандатите на меѓународните судии и обвинители. Гонењето на воени злосторници од страна на државниот суд е во целост задоволително, но мора да се напомене потребата од подобрување на истото во рамките на ентитетите и кантоните. Потребно е подобрување и зајакнување на независноста, одговорноста и ефикасноста на судскиот систем. Органите на Република Српска упорно го покренуваат прашањето во однос на законитоста и способноста на полицијата на државно ниво и дали треба да им се дозволи на судските агенции да оперираат на нивна територија. Горенаведеното е сериозна причина за загриженост.

Босна и Херцеговина постигна мал напредок во однос на *борбата против корупцијата* што е широко распространета во голем број на области и претставува навистина сериозен проблем. Донесени се нова стратегија и нов акциски план за периодот 2009-2014, но мора да се напомне дека лошо се спроведуваше стратешката рамка за периодот 2006-2009. Постигнат е мал напредок во однос на усогласувањето со препораките формулирани од страна на Групата на држави за против корупцијата (ГРЕКО). Обвинителството е несоодветно и брои мал број на донесени пресуди. Босна и Херцеговина има потреба од зајакната ангажираност и конкретна акција во однос на борбата против корупцијата.

Постигнат е ограничен напредок во однос на ***човековите права и заштита на малцинствата.*** Босна и Херцеговина ги ратификуваше главните интернационални конвенции за човекови права, но мора да се напомене потребата од натамошни континуирани заложби со цел да се обезбеди подобро спроведување на истите. Потребно е подобрување во однос на извршувањето на донесените домашни одлуки, вклучувајќи ги и оние на Уставниот суд на Босна и Херцеговина. Веднаш треба да се обрне внимание на неспојливост помеѓу уставната рамка на Босна и Херцеговина и Европската конвенција за човекови права, и тоа пред изборите во 2010 година и пред влегувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

*Граѓанските и политичките права* во принцип се почитуваат. Постигнат е одреден напредок во однос на унифицирањето на практика на криминални санкции помеѓу државата и ентитетите. Донесен е закон за правна помош при кривична постапка на државно ниво. Меѓутоа, треба да се преземат потребните мерки за подобрување и обезбедување на *пристап до правдата* во рамките на граѓански и криминални испитувања и обезбедување на еднаквост пред законот. *Малтретирањето* на приведените лица продолжува да претставува причина за загриженост. Планираната изградба на *затвор* на ниво на државата се соочува со сериозни одлагања.

Уставот на државата и уставите на ентитетите предвидуваат *право на слободно изразување* и слобода на медиумите*, право на здружување* и собирање и *право на религија.* Меѓутоа, се наложува подобрување на спроведувањето на постојното законодавство. Забележан е пораст на бројот на сомнителни случаи на малтретирање на новинари. Етничка ориентација на медиумите е во пораст. Одложено е спроведувањето на реформата за јавна радиодифузија, што претставува клучен приоритет за Европското партнерство и тоа, поради недоволно усогласување и бавно спроведување на правната рамка, особено во рамките на Федерацијата. Извршните органи треба се насочат кон подобрување на дијалогот со секторот на *граѓанско општество* и да го поддржат развојот на истиот. Органите мора да ги преземат сите потребни мерки за да се обезбеди објективно и транспарентно доделување на финансии на невладините организации.

Забележан е ограничен напредок во областа на *економски и социјални права.* Правната рамка на Босна и Херцеговина вклучува одредби за заштита на економските и социјалните права, но мора да се напомене дека спроведувањето на одредбите, во целост, е незадоволително. Донесен е обемен закон за антидискриминација на државно ниво, но треба да се напомене дека истиот има ограничен опфат. Потребни се дополнителни континуирани заложби во однос на заштитата на *жените* од секаков вид насилство. Во однос на *децата,* треба да се напомене дека сè уште преовладуваат проблеми во областите на здравството, социјалната заштита, образованиeто и домашното насилство. Неадаптираноста во рамките на системите за социјална помош негативно влијае на *ранливите групи,* како и на ментално хендикепираните лица. Ратификувањето на преработената Европската социјална повелба беше позитивен настан, но треба да се напомене потребата од подобрување на спроведувањето на истата. Сложениот систем на владеење и фрагментирањето на законодавството и понатаму го попречуваат општествениот дијалог низ земјата.

Постигнат е ограничен напредок во областа на *културните права и права на малцинствата.* Со воспоставувањето на Советот на Федерацијата комплетирана е мрежата на националните совети за малцинства, иако истиот сè уште не е целосно активен. Започнато е со спроведување на стратегијата и акциските планови за поддршка на ромското малцинство. Меѓутоа, треба да се преземат натамошни чекори со цел да се обезбеди подобро спроведување на Законот за национални малцинства и, исто така, треба да се направат измени на Уставот на државно ниво со цел да им се овозможи на малцинствата да добијат пристап до сите политички функции. Поделбата на децата врз етничка основа во рамките на училиштата сè уште претставува проблем. И покрај порастот на финансиските ресурси за спроведување на *Стратегија за Ромите,* Ромите како малцинство секојдневно се соочуваат со претешки услови за живот и силна дискриминација. Недоволната граѓанска регистрација сè уште им го попречува патот до одредени основни социјални и економски права.

Постигната е стабилна безбедносна ситуација во однос на *бегалци и внатрешно раселени луѓе,* но не е постигнат дополнителен напредок во однос на обезбедување на подобра социо-економска интеграција на оние што се вратиле дома. Треба да се донесе стратегија, на ниво на цела земја, што ќе биде насочена

кон поддршка на процесот на враќање и што ќе обезбедува правилно спроведување на Анекс VII од Мировната спогодба од Дејтон/Париз.

Што се однесува до ***регионалните прашања и меѓународните обврски,*** треба да се напомене дека продолжува започнатото спроведување на Мировната спогодба од Дејтон/Париз. Соработката во рамките на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКТЈ) останува задоволителна. Меѓутоа, треба да се напомене дека особено загрижуваат изјавите дадени од страна на политичките лидери на Република Српска со кои се предизвикува вистинитоста на масакрите за време на војната кога најбројни беа жртвите од граѓанската популација.

Босна и Херцеговина и нејзините соседи треба да ја решат регионалната празнина во однос на неказнетост, вклучувајќи и преземање чекори за спогодби за екстрадикција во рамките на случаите што вклучуваат воени злосторства.

Што се однесува до Меѓународниот кривичен суд, билатералната спогодба за имунитет со Соединетите Држави не соодветствува со Заедничкиот став и основните начела на ЕУ. Земјата треба да ги преземе потребните чекори за усогласување со ставот на ЕУ.

Босна и Херцеговина продолжува со активно учество во иницијативите за регионална соработка, како и во процесот за соработка на земјите од Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Советот за регионална соработка (РЦЦ) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

Босна и Херцеговина одржува стабилни односи со своите соседи, но треба да се напомене дека не се преземаат сите потребни чекори за промовирање на помирувањето и за решавањето на постојните проблеми, а токму тоа е еден од клучните приоритети за Европското партнерство. Особено треба да се напоменат нерешените прашања во врска со границите и соседните земји.

**Економијата** на Босна и Херцеговина забележа значителен застој за време на четвртиот квартал од 2008 година, периодот кога светската криза започна да влијае на реалната економија. Ова движење продолжи и за време на 2009 година, туркајќи ја земјата во рецесија. Стапката на невработеност е сè уште висока. Квалитетот на јавните финансии продолжи да опаѓа, а главна негова карактеристика беше драматичниот пораст на тековните расходи. Земјата поднесе барање за програма од ММФ, а преговорите резултираа со договорено учество. И покрај одредениот напредок што е забележан во однос на координацијата на економската политика во земјата, посветеноста на структурните реформи сè уште е нерамномерна низ целата земја.

Што се однесува до **економските критериуми**, Босна и Херцеговина бележи мал напредок во однос на правилното функционирање на пазарната економија. Потребно е одлучно воведување на дополнителни реформи со цел да се обезбедат услови за земјата да може да си ја одржи конкурентноста и да се справи со пазарните притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата.

Финансиската и монетарната стабилност се зачувани благодарение на навременото и соодветно реагирање на централната банка во однос на последиците од светската финансиска криза. Валутата го задржа високиот степен на кредибилитет. Во согласност со меѓународните развојните процеси во однос на цените, стапките на инфлација се значително помали. Намален е бројот и степенот на надворешни дебаланси, а тоа, главно се должи на брзото закрепнување и брзото приспособување на трговската рамнотежа. Забележан е забавен чекор на експанзијата на финансиското посредништво, а банкарскиот сектор засега добро се справува со ударот на светската криза. Забележани се ограничени подобрувања во однос на бизнис-климата, особено во областите што се задолжени за издавање на дозволи за градба, трансфер на имот, регистрација на бизниси и излез од пазарот.

Меѓутоа, квалитетот и одржливоста на јавните финансии продолжија да опаѓаат. Тековните расходи, особено во однос на плати и социјални бенефиции, забележаа драматичен пораст за време на 2008 година, а учеството на централната влада во БДП бележеше висок процент. Преструктурирањето на јавните претпријатија, либерализацијата на мрежните индустрии и процесот на приватизација не напредуваат. Слабиот производствен капацитет и структурните крутости – високи придонеси, изобличени механизми за одредување на износ на плата, лошо таргетирани и превисоки социјални трансфери и слаба подвижност на работната сила - се главните пречки што го забавуваат напредокот кон креирање на нови работни места и правилно функционирање на пазарот на труд. Стапката на невработеност сè уште е превисока, а неформалниот сектор продолжува да биде значителен предизвик. Бизнис-климата е под силно влијание на административните недостатоци. Ниската вредност на СДИ и јавните инвестиции беа главните пречки за надградување на инфраструктурата.

Босна и Херцеговина забележа ограничен напредок во однос на усогласувањето на законодавството и политиките со **европските стандарди.** Постигнат е одреден напредок во областа на транспортот, царината, оданочувањето, образованието и културата и во однос на бројни прашања во врска со правдата, слободата и безбедноста. Потребни се дополнителни заложби во однос на движењето на стоки, луѓе и услуги, социјалната и политиката за вработување, државна помош, енергетика и животна средина.

Сè на сè, спроведувањето на Времената спогодба (ВС) е задоволително. Меѓутоа, треба да се забрзаат подготовките за задоволување на условите од ВС и Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) – клучен приоритет на Европското партнерство. Треба да се зајакне административниот капацитет на Босна и Херцеговина, со цел да се создадат добри услови за постигнување на позитивни резултати со спроведувањето на ССА. Земјата треба да вложи дополнителни напори за постигнување на целосно функционален и единствен економски простор на својата територија, како што е наложено од страна на Европското партнерство.

Босна и Херцеговина постигна одреден напредок во однос задоволување на приоритетите на Европското партнерство, особено во областите на ***внатрешниот пазар.*** Што се однесува до *слободното движење на стоки,* постигнат е ограничен напредок во областите на стандардизација, акредитација,

метрологија и надзор на пазарот. Потребни се дополнителни заложби со цел да се приближи правната рамка до законодавството на ЕУ во рамките на оваа област, а и за да се развие потребниот административен капацитет.

Постигнат е ограничен напредок во однос на *услуги, право на основање и закон за трговски друштва.* Извршено е усогласување во однос на лизинг на ниво на ентитет, но останува да се воспостави агенција за супервизија на банкарство на државно ниво. Законодавните иницијативи од страна на ентитетите во оваа област сѐ уште не се доволно координирани.

Забележан е одреден развој во областа на *слободно движење на капитал.* Законодавството во однос на активности со странски валути е донесено во Република Српска. Постигнат е одреден напредок на полето на *царината,* но треба да се напомене дека сѐ уште има потреба од подобрување на законодавното усогласување и административниот капацитет. Царинските стратегии – особено оние за раководење со човечки ресурси, обука и информатичка технологија – остануваат недефинирани. Во областа на *оданочувањето,* донесен е нов закон за акциза со цел да се обезбедат услови за подобрување на фискалната одржливост.

Во поглед на *конкуренцијата,* Босна и Херцеговина забележа умерен напредок на полето на антимонополизацијата. Не е постигнат видлив напредок на полето на државна помош. Во постапка е донесувањето на соодветни закони за државна помош и воспоставувањето на активно независно овластено тело за државна помош. Потребни се натамошни заложби за да се обезбеди правилно спроведување на постапките за *јавни набавки* и тоа на ниво на цела земја. Постигнат е ограничен напредок во однос на спроведувањето на *правата на интелектуална сопственост,* и покрај тоа што се ратификувани дополнителни меѓународни конвенции. Законодавната рамка во оваа област треба да биде комплетирана и, исто така, треба да се зајакне капацитетот за нејзино спроведување.

Беше постигнат мал напредок во однос на *социјалната политика и политиката за вработување* и во однос на политиката за јавното здравје. Социјалното и законодавство за вработување, како и политките, но и законодавството и политиките во врска со јавното здравје, се длабоко фрагментирани. Незадоволителната соработка помеѓу различните нивоа на власт продолжува да биде сериозен хендикеп за развојот на потребните, координирани пристапи.

Постигнат е одреден напредок во однос на европските стандарди на полето на *образование и култура.* Особено треба да се напомене тоа што Босна и Херцеговина ја ратификуваше Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и промовирање на разноликоста на културните изрази од 2005 година. Конференцијата на министрите за образование придонесе да се обезбеди основна координација помеѓу четиринаесет надлежни министерства во земјата. Меѓутоа, усогласувањето на ниво на ентитет и на ниво на кантон останува незавршено и забележани се нерамномерности во однос на спроведувањето и тоа низ цела земја. Потребно е зајакнување на административниот капацитет на различни образовни агенции. Што се однесува до областа *истражување,* Босна и Херцеговина стана дел од Седмата рамковна програма на ЕК насочена кон

истражување и развој, но треба да се напомене дека се потребни дополнителни заложби за да се подобри истражувачкиот капацитет на државно ниво.

Преговорите за пристапување кон *СТО* продолжуваат, но треба да се напомене дека процесот сè уште не е комплетиран.

Босна и Херцеговина има ограничен напредок во однос на задоволувањето на европските стандарди во врска со повеќе ***секторскии политики.***

Забележан е мал напредок во областа на *индустријата.* Треба да се напомене потребата од развој на сеопфатна индустриска политика. Што се однесува до *малите и средни претпријатија (МСП),* донесена е стратешка рамка на ниво на цела земја. Останува истата да се спроведе.

Постигнат е одреден напредок во областа на *земјоделството и рибарството.* Донесена е стратешка рамка за усогласување на развојот на земјоделството и развојот на руралните области. Меѓутоа, бавно тече спроведувањето на законот за земјоделство, храна и рурален развој на државно ниво. Не е постои напредок во однос на воспоставувањето на министерство за земјоделство на државно ниво, а надлежностите на полето на земјоделството остануваат на ниво на ентитет. Забележан е ограничен напредок во областа на безбедност на храна, во областа на ветерината и во областа на фитосанитарните политики. Проблеми има и тоа најмногу поради несоодветните човечки и финансиски ресурси и поради слабата координација помеѓу службите на ниво на држава и на ниво на ентитет.

Подготвителните чекори на Босна и Херцеговина на полето на *животната средина* се во почетна фаза. Нема важен напредок за време на подготвувањето и поднесувањето на извештајот. На државно ниво, треба да се донесе закон за животна средина со цел да се креира рамката за унифициран пристап за заштита на животната средина на ниво на целата земја и досега не е воспоставена агенција за заштита на животната средина на државно ниво.

Босна и Херцеговина постигна одреден напредок во *транспортниот сектор.* Забележан е одреден развој во областа на трансевропските сообраќајни мрежи и транзитен сообраќај, но напредокот е ограничен во секторите за патишта, железници и внатрешна пловидба. Босна и Херцеговина стана полноправна членка на европските Здружени воздухопловни органи (ЈАА). Неопходни се континуирани заложби за доследна примена на Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област (ЕЦАА). Неопходно е да се преземат мерки за понатамошна целосна реорганизација на институционалната поставеност и да се обезбедат соодветни услови за отворање на пазарот за сите видови транспорт.

Нема напредок во областа на *енергетиката.* Како договорна страна на Договорот за енергетска заедница, Босна и Херцеговина треба да го спроведува соодветното европско законодавство, но значително заостанува во неколку енергетски области. Особено доцнат реформите во секторот за гас. Развојот на електричниот сектор продолжува да биде попречуван од различни фактори. Работата на националната компанија за пренос на струја (ТРАНСКО) е сериозно ослабена поради политичкото влијание и лошото управување. Не е развиена

сеопфатна енергетска стратегија. Само ограничен број на резерви стојат на располагање во случај на итност.

Напредокот во областите на информатичкото општество и медиуми се оценува како незначителен. Усогласувањето на правната рамка за јавна радиодифузија во Босна и Херцеговина не е целосно завршено и доцнат реформите во системот за јавна радиодифузија. Независноста на регулаторната агенција за комуникации (КРА) останува сериозно загрозена поради неименување на соодветен генерален директор и Совет. Предизвиците за независноста на КРА остануваат.

Постигнат е ограничен напредок во областа на *финансиската контрола*. Стратешките документи на државно ниво и од страна на субјектите се подготвени, но останува да бидат донесени. Потребно е да се вложи дополнителен напор во подобрување на внатрешната финансиска контрола и проследувањето на ревизорските извештаи.

Постигнат е одреден напредок во областа на *статистиката* Меѓутоа, соработката помеѓу институциите за статистика на државно ниво, како и на ниво на ентитети е на незадоволително ниво. Обезбедувањето на статистичките податоци и нивниот квалитет треба да се подобри, со посебен акцент на националните сметководствени извештаи и статистички податоци во клучните сектори, вклучувајќи ги секторите за трговија, деловна активност и земјоделство. Останува суштествен пописот на населението во 2011.

Постигнат е дополнителен напредок во областите на ***правда, слобода и безбедност.*** Во рамките на дијалогот за визна либерализација, преземени се чекори за исполнување на одредниците утврдени во насоките за визна либерализација и спроведени се клучни реформи во областа на правото, слободата и безбедноста. Во областа на визната политика, напредокот продолжува. Донесени се подзаконски акти за одредување на постапките за издавање на визи предвидени со шенгенското *acquis*. Започна издавањето на нови биометриски пасоши и процесот е во пробна фаза. Основана е нова, специјално наменета агенција што ќе обезбеди ефикасно управување со системот за документи за лична идентификација. Сепак, треба е да се вложат натамошни напори за усогласување со европските стандарди. Спроведувањето на спогодбата за реадмисија со Европската комисија продолжува умерено.

Преземени се неколку конкретни постапки во областа на *граничното управување, азилот и миграцијата*. Донесена е национална стратегија за азил и миграција и утврден е миграцискиот профил на Босна и Херцеговина. Во тек е спроведувањето на нова Стратегија за интегрирано гранично управување (ИБМ) и се преземаат иницијативи што се однесуваат на соработка со соседните земји. Сепак, потребно е да се допрецизираат деловите што се однесуваат на одговорностите на граничните премини и управувањето со работните места.

Постигнат е дополнителен напредок во спречување на *перење пари*. Донесен е нов Закон за спречување на перење пари, а соработката на меѓународно ниво продолжува. Донесена е национална стратегија и акциски план за борба против и за спречување на перење пари. Домашното законодавство продолжува да се усогласува, како внатрешно така и со меѓународните конвенции.

Законодавството за конфискација на средства не е во согласност со меѓународните стандарди и не е усогласено внатре во земјата.

Преземени се позитивни чекори во борбата против *дрогата*. Донесени се националната стратегија за недозволени droги и соодветен акциски план. Комисијата за наркотични дроги започна со работа. И покрај тоа, трговијата со дрога и понатаму останува сериозен проблем што бара вложување на постојана заложба.

Постигнат е мал напредок во работата на полицијата и спроведувањето на полициските реформи, што е клучно за Европското партнерство. Спроведувањето на донесеното законодавство во 2008 година се одвиваше бавно и не сите агенции на државно ниво што се предвидени со овие закони се функционални. Поделбата на полициските сили на Босна и Херцеговина продолжува да ги ослабува делотворноста и резултатите.

Со поддршка од Мисијата на Европската полиција (ЕУПМ), Босна и Херцеговина преземе неколку иницијативи што се однесуваат на *борбата против организираниот криминал,* што сепак останува предмет на сериозна загриженост, што влијае на владеењето на правото и на деловната средина. Донесена е нова стратешка правна рамка за борба против организираниот криминал, но треба да се подобри ефикасноста на гонење на криминални организации. Босна и Херцеговина го спроведува националниот акциски план од 2008-2012 против *трговија со луѓе*. Меѓутоа, потребни се подобри резултати во делот на гонење и казни. За таа цел, неопходно е донесување и спроведување на соодветен закон за заштита на сведоци. Што се однесува до заштитата на податоци, државната агенција за заштита на податоци стана функционална, но сè уште не е соодветно екипирана и треба да се подобри нејзината работа.

**Хрватска**

Хрватска продолжува да ги исполнува **политичките критериуми**. Постигнат е напредок во повеќе области а заложбите се интензивирани на полето на владеењето на правото. Меѓутоа, заложбите за реформи треба да се постојани, особено во делот на правните и административни реформи, борбата против корупцијата, правата на малцинствата и враќањето на бегалците. Големо внимание се посветени на приоритетите за пристапно партнерство.

***Демократијата и владеењето на правото*** се дополнително зајакнати. И *Владата* и С*обранието* во исто време општо земено функционираат добро. Меѓутоа, неопходни се значајни подобрувања во судството, во јавната администрација и во борбата против корупција, а со цел да се создаде цврста основа за целосно спроведување на *acquis*. Реформата во полицијата, вклучувајќи ги тука и деполитизираните клучни работни места и унапредувањето на професионализмот, треба да продолжи.

Постигнат е одреден напредок во реформата на *јавната администрација*. Донесен е нов Закон за општа управни постапка (ЗОУП). Воведено е ново работно место - министер за администрација. Капацитетот на новоснованото Министерство за администрација (претходно Централна државна канцеларија за админитрација) дополнително е подобрено и активностите за обука се

продолжени. Меѓутоа, остануваат важни недостатоци во административните постапки, а спроведувањето на ЗОУП сè уште не е започнато. Државната администрација продолжува да страда од многу недостатоци, како што се политизација, ниски примања и лошо управување со човечки ресурси. Освен тоа, платите на државната администрација се намалени за да ги ублажат ефектите од финансиската криза, а вработувањата се замрзнати. Останува анти-корпциските мерки и етичките начела да се вклопат во јавната администрација и соработката помеѓу поединечни јавни заинтересирани групи и поединци да се подобри. Треба да се воспостави државна администрација врз база на професионалност, заслуги, одговорност и транспарентност.

Стратегијата за спроведување на *реформата во судството* продолжува и донесени се голем број на нови закони. Дирекцијата за стратешки развој на Министерството за правда е зајакната. Воведена е нова постапка за избор на судските обучувачи. Незавршените случаи се дополнително намалени. Преземени се чекори за рационализација на судската мрежа. Професионалните програми за обуки се дополнително проширени. Етничките предрасуди од случаите на воените злосторства се намалуваат. Проблемот со пресудите *во отсуство* од 1990 години делумно се решава.

Меѓутоа, постапката за избор на судии и обвинители останува непотполна. Целиот случај на застој останува на високо ниво, а траењето на судските постапки предолго. Проблемите со извршување на судските одлуки остануваат. Рационализацијата на судовите е во многу рана фаза. Следењето на реформските мерки сè уште не е соодветно. Исто така потребни се натамошни подобрувања во управувањето со случаите и во одговорноста, независноста, професионализмот и способноста на судството. Неказнетоста за воените злосторства останува проблем, особено во деловите каде што жртви биле етнички Срби. За многу злосторства не е започната истрага. Сè уште не постои резултат за спроведување на новите постапки за преиспитување на случаите во отсуство. Во целост, реформите во судството продолжуваат, но конкретните резултати бавно се појавуваат.

Има одреден напредок во *борбата против корупција*. Правната рамка за спречување на корупцијата е дополнително подобрена, вклучувајќи го и делот што се однесува на конфискација на средства. Националната полициска канцеларија за борба против корупцијата и организиран криминал стана функционална. Основани се специјални антикорупциски оддели во четири главни судови. Канцеларијата за борба против корупција и организиран криминал продолжува да биде активна и во некои важни случаи има подигнато обвиненија и осигурено пресуди, особено во случајот на хрватскиот Фонд за приватизација (МАЕСТРО). Исто така има започнато со истражување на можно високо ниво на корупција вклучително и на поранешен владин министер. Меѓутоа, корупцијата сè уште е присутна во многу области. Неодамна надградените правни и административни структури останува да се испробаат во практика. Додека вкупниот број на случаи на корупција што се иследуваат до сега се зголемува, вистинскиот број на обвиненија и пресуди останува мал. Има ограничен број на истраги за корупција од висок степен. Недостасува култура на политичка одговорност. На административниот капацитет на државните органи

за борба против корупција и понатаму му е потребно подобрување. Има мал напредок во спречување на конфликти на интерес.

Постигнат е одреден напредок во областа на ***човековите права и заштитата на малцинставта***. Заштитата на човековите права е широко обезбедена но остануваат одредени значајни предизвици во рамките на спроведувањето. Треба да се вложуваат постојани заложби за правата на малцинствата и за враќањето на бегалците.

Започна да се спроведува Законот за правна помош. Меѓутоа, *пристап*от *до правдата* е попречуван од многу проблеми во спроведувањето, вклучувајќи ја и сложеноста на самата постапка за примена. Беа преземени натамошни чекори за недостатоците во *затворските услови*. Меѓутоа, сè уште постои недостаток на затворски персонал и капацитет. Во однос на *малтретирање*то, Народниот правобранител и натаму добива жалби што се однесуваат на прекумерната употреба на сила од страна на полицијата.

*Слободата на изразување,* вклучувајќи ја и слободата на плурализмот и медиумите, се утврдени во хрватскиот закон и главно се почитуваат. Сепак, заканите кон новинарите што работат на случаи на корупција и организиран криминал се во пораст. Уредниците и новинарите и натаму пријавуваат неумерен политички притисок.

Што се однесува до *правата на жените и децата*, справувањето со домашното насилство се подобрува. Народните правобранители и понатаму играат важна улога. Сепак, ситуацијата со жените на пазарот на труд останува и понатаму тешка, податоци за полот сè уште недостасуваат, со што го отежнуваат следењето на законодавството за родовата еднаквост. Спроведувањето на мерките што се однесуваат на заштита на правата на децата треба да се забрза.

Новата канцеларија на Народниот правобранител за лицата со посебни потреби успешно креира јасна улога за себе. Јавните тела и приватните претпријатија одговорија на препораките. Меѓутоа, треба да се вложат постојани заложби во делот што се однесува на *социјално ранливите* и *лицата со посебни потреби*. Потребен е поголем напредок на полето на деинституционализација, вклучувајќи случаи на ментално здравје и деца со посебни потреби.

Новиот Закон за антидискриминација е во рана фаза на спроведување. Народниот правобранител започна со примена на неговите нови должности. Меѓутоа, правилното спроведување на новиот закон е загрозено од неодамнешните кратења на буџетот. Дискриминацијата против малцинствата останува како посебен проблем (види подолу). Во практика, нивото на заштита од дискриминација и судското гонење потоа сè уште не е усогласено со стандардите на ЕУ.

Постигнат е одреден напредок во однос на *малцинствата*. Високото ниво на јавно изразување на обврзаноста за правата на малцинства продолжува. Ромското малцинство продолжува да добива внимание, со подобрувања особено во претшколското образование. Меѓутоа, многу проблеми остануваат нерешени за малцинствата. Малцинствата и понатаму продолжуваат да се соочуваат со одредени тешкотии во областа на вработувањето, истовремено во рамките на

недоволната застапеност во државната администрација, судството и полицијата, како и во поширокиот јавен сектор. Треба да се спроведат правни одредби и програми со поголема одлучност и треба да се обезбеди соодветно следење. Хрватска треба да го охрабри духот на толеранција кон српското малцинство и да преземе соодветни мерки за заштита на оние кои можеби сè уште се предмет на закани или постапки на дискриминација, непријателство и насилство. Ромското малцинство сè уште се соочува со тешки услови за живот и остануваат предизвици во многу области.

Има одреден напредок во однос на прашањата за *враќањето на бегалците*. Постигнат е напредок во остварување на целите на Владата за одредбите за станбена грижа за поранешните носители на правото на закуп и стан, со тоа што им стави на располагање многу станови. Иако нецелосен, постигнат е добар напредок во остварување на целите од 2008 година за обезбедување на 1,400 единици за сместување. Меѓутоа, работата за остварување на целта од 2009 година е сè уште во рана фаза. Неколку илјади станбени единици допрва треба да се оспособат за враќање на бегалците. Освен тоа, околу 8,000 барања за реконструкција на станбени објекти сè уште се во постапка на чекање.

Спроведувањето на одлуката за уважување на пензиските права е нерамномерна. Треба да се забрзаат заложбите за создавање на економски и социјални услови потребни за одржување на процесот на враќање на бегалците. Хрватска треба да гарантира дека кратењето на буџетот неопходно во контекст на економската криза нема да влијае негативно врз прашањата врзани за враќањето на бегалците.

Што се однесува до ***регионалните прашања и меѓународни***те ***обврски,*** соработката со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија продолжува. Меѓутоа, проблемите за пристап на МСПЈ до важни документи во Хрватска сè уште не се решени. Хрватска треба да ги обезбеди сите неопходни чекори за решавање на овој проблем.

Хрватска продолжува активно да учествува во регионалните иницијативи, вклучувајќи го и процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕКП), Регионалниот совет за соработка (РКК) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Постигнат е напредок во решавање на билатералниот проблем со границата помеѓу Хрватска и Црна Гора. Двете земји соработуваа во подготовката на барањето на Меѓународниот суд на правда за разграничување на границата кај Превлака. Меѓутоа, потребен е понатамошен напредок во изнаоѓање на конечни решенија за различните билатерални прашања што остануваат отворени, особено оние што се однесуваат на границите. Треба да се вложат напори за понатамошно развивање на соработката и добрососедските односи. Хрватска, заедно со нејзините соседи, треба да ги насочат напорите кон регионалните разлики во однос на неказнивост, вклучувајќи и преземање чекори за спогодби за екстрадиција што се однесуваат на случаите за воени злосторства. Врз односот со Словенија влијаат и незавршените прашања околу границата. Прашањето за границата помеѓу двете земји ги забавуваше преговорите за пристапување и поради тоа голем број на поглавја не можеа да се отворат или затворат сè до октомври 2009 година, иако технички тие беа завршени порано. Комисијата обезбеди услуги за

олеснување во решавањето на овој спор. Комисијата, поддржана од страна на трите претседателства, направија интензивни залагања во период од шест месеци, што создаде услови за политички договор помеѓу двете страни во септември 2009 година. Комисијата го поздравува неодамнешниот напредок, што доведе до тоа значителен број на поглавја да се отворат или привремено да се затворат на конференцијата за прием во октомври.

Економијата на Хрватска беше силно погодена од глобалната криза. Земјата влезе во рецесија во првата половина на 2009 година и невработеноста се зголеми. Макроекономската стабилност беше зачувана благодарение на разумната монетарна политика. Беа направени заложби за ребаланс на буџетот, но фискалниот дефицит значително се зголеми. Банкарскиот сектор остана здрав и отпорен на кризата. Високиот степен на надворешна задолженост и големите краткорочни обврски за отплата се најважните чувствителни карактеристики на економијата. Процесот на економско преструктуирање и приватизација остана бавен, а постигнат е ограничен напредок во деловната средина.

Што се однесува до **економските критериуми**, во Хрватска постои функционална пазарна економија. Хрватска треба да е во состојба да се справи со конкурентните притисоци и пазарните сили во Унијата, доколку понатаму решително ги спроведе сеопфатните реформски програми со цел да ги намали недостатоците.

Одговорот на макроекономската политика беше во целост соодветен на решавањето на последиците од кризата. Особено, монетарната политика придонесе за успешно одржување на финансиската стабилност главно преку ублажување на ограничувањата на ликвидност на размена на валути преку регулаторни измени. Како реакција на финансиските притисоци, одредени приспособувања на потрошувачката, како и мерките за надоместување на опаѓачките приходи беа донесени во контекст на последователните ревизии на буџетот. Подобрена е правната основа за стратешко и повеќегодишно планирање на буџетот и извештај. Донесена е реформа во здравството за подобрување на финансиската ситуација на секторот здравство. Надворешните дебаланси се стеснети, стабилноста на девизниот курс е сочувана и инфлаторните притисоци се намалени. Банкарскиот сектор остана отпорен на удари и кредитниот раст опадна. Економијата во Хрватска е добро интегрирана со ЕУ.

Меѓутоа, на економската политика на владата понекогаш и недостасуваше јасна, среднорочна ориентација. Координацијата на политиката во рамките на владата и меѓу владата и централната банка понекогаш е слаба. Структурните реформи главно постигнаа бавен напредок, особено во однос на повторното структурирање на претпријатијата загубари. Пазарот на труд претрпува низок степен на вработување и стапки на учество, кои се влошија со кризата. Постигнат е само ограничен напредок кај реформите насочени кон крутоста на пазарот на труд. Во контекст на кризата, остварени се значителните ризици од поголема потрошувачка и натамошни опаѓања на приходите. Финансискиот дефицит значително порасна. Доцната реакција на политиките ги откри слабостите во процесот на планирање на буџетот. Освен тоа, мал напредок е

постигнат во зголемувањето на ефикасноста на јавната потрошувачка. Социјалните трансфери останаа високи и лошо насочени и голем број на јавните и државните претпријатија продолжија да добиваат државна поддршка преку субвенции и гаранции. Според тоа, планирањето на една кредибилна финансиска стратегија насочена кон намалување на буџетната крутост и подобрување на ефикасноста на јавните трошења остануваат клучен предизвик. Постигнат е натамошен напредок во олеснувањето на постапките за регистрација на деловни субјекти, но инвестициската клима и натаму претрпува тешко регулаторно оптоварување и голем број на парафискални даноци.

Хрватска ја подобри својата **способност за преземање на обврските за членство**. Подготовките за исполнување на барањата на ЕУ продолжија да напредуваат добро и постои добар степен на усогласување со правилата на ЕУ во повеќе сектори. Постигнат е добар напредок во повеќе сектори, главно во законската усогласеност, но и во градењето на административен капацитет. Меѓутоа, претстојат натамошни заложби, особено во натамошното зајакнување на административните структури и капацитет потребен за соодветно спроведување на *acquis*. Исто така, потребна е претпазливост со која ќе се осигури дека скратувањата на буџетот во однос на падот на економијата не влијаат несразмерно врз подготовките за пристапување кон ЕУ.

Постигнат е добар напредок во областа на *слободното движење на стоки*. Добро е напреднато усогласувањето, но некои елементи сè уште не се целосно во сила, односно во однос на оценувањето на сообразноста, метрологијата и надзор на пазарот. Потребни се континуирани заложби за да се заврши усогласувањето со *acquis* и да се изгради потребниот капацитет за спроведување. Постигнат е добар напредок во областа на *слободното движење на работници*. Постигнато е задоволително ниво на правна усогласеност. Меѓутоа, потребни се одржливи заложби за да се развие потребниот административен капацитет, особено за координација на системите за социјално осигурување.

Постигнат е одреден напредок во однос на *правото на основање и слободата на давање услуги*. Во целост, постои солидно ниво на усогласеност со *acquis*. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за усогласување. И административниот капацитет треба да се зајакне.

Постигнат е одреден напредок во слободното движење на капитал, главно во либерализацијата на пазарот на недвижен имот и промени во законодавството во областа против перење на пари (АМЛ). Во целост, постигнато е солидно ниво на усогласеност. Потребни се натамошни заложби особено во спроведувањето и примената на законодавство во АМЛ и во завршувањето на либерализацијата на движењето на капитал и усогласеноста со *acquis* од областа на услужните дејности за плаќање.

Постигнат е добар напредок во делот на *јавните набавки,* особено во завршувањето на потребното институционално уредување. Во целост, подготовките се во напредна фаза. Меѓутоа, законодавната усогласеност сè уште треба да се заврши и административниот капацитет да се подобри на сите нивоа во системот за јавни набавки, особено во однос на ефикасна борба против корупцијата и соочување со нерегуларностите и можното политичко влијание.

Постигнат е добар напредок на полето на *правото за трговски друштва*. Добро напредува усогласувањето со *acquis*. Останува реализација и на полето на ревизијата во однос на спроведувањето на нови правни одредби и зајакнување на административниот капацитет. Може да се забележи напредок на полето на *законот за интелектуалната сопственост,* како за законската усогласеност, така и за примената. Усогласеноста со *acquis* е на високо ниво. Треба да се подигне целокупната свесност за правата на интелектуална сопственост во општеството и треба да се посвети внимание на растечката вклученост на групите на организираниот криминал во прекршоците на правата на интелектуална сопственост.

Постигнат е важен напредок во *политиката на конкуренција*, особено во донесувањето на Закон за конкурентност и објавувањето на тендерите за бродоградилиштата кои се соочуваат со потешкотии со цел нивно преструктуирање преку приватизација. Во целост, постигнато е солидно ниво на усогласеност. Меѓутоа, потребни се постојани заложби со цел да се заврши преструктуирањето на бродоградилиштата. Останува да се подобри работата во делот на евиденцијата на Агенцијата за конкуренција за спроведување на одлуки против доминантната позиција, во делот на усогласувањето на хрватскиот Закон за радиодифузија, како и во секторот за челик.

Може да се забележи важен напредок во *финансиските служби*. Многу е напредната законодавната усогласеност, но потребни се натамошни заложби во однос на спроведувањето. Потребни се заложби за понатамошно зајакнување на капацитетот на органите надлежни за надзор, со цел да ја извршуваат надзорната функција и да се подобри консултативната соработка со секторот финансии.

Постигнат е добар напредок на полето на *информатичкото општество и медиумите*. Постигнато е задоволително ниво на усогласеност. Заложбите треба и понатаму да го зајакнуваат капацитетот на националните регулаторни тела за правилно да се спроведе правната рамка, како и да се одржи либерализацијата на пазарот на електронски комуникации.

Постигнат е напредок во *земјоделството и руралниот развој,* особено во однос на собирање и обработка на земјоделските податоци. Во целост, подготовките се умерено напреднати. Меѓутоа, сè уште се потребни значителни заложби за основање на платежната агенција и системот за интегрирано управување и контрола/Систем за идентификација на земјишни парцели. Од основно значење е и понатамошната усогласеност на плановите за поддршка на Заедничката земјоделска политика (КАП) за непречена транзиција до КАП. Во руралниот развој, треба да се подобри капацитетот за користење на претпристапните фондови на ЕУ.

Постигнат е добар напредок на полето на *безбедност на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика,* особено со спроведувањето на новото законодавство. Во целост, подготовките се умерено напреднати. Потребни се постојани заложби за реализација на транспозицијата и спроведувањето на *acquis,* особено во спроведувањето на националната програма за надградување на институции за животинско потекло и обезбедување на административни и контролни капацитети.

Постигнат е добар напредок на полето на *рибарството*. Во целост, подготовките се умерено напреднати. Хрватска ќе мора да ги зајакнува заложбите со цел да ги затвори останатите празнини во областите на управување со флоти, проверка и контрола, структурно дејство и државна помош.

Постигнат е одреден напредок на полето на *транспортот*. Во целост, постои солидно ниво на усогласеност. Потребно е понатамошно подобрување на административниот капацитет во секторот за поморски сообраќај, во Агенцијата за цивилна воздушна пловидба, особено во однос на безбедноста на воздушната пловидба и во регулаторното тело за железнички сообраќај. Потребна е понатамошна усогласеност особено во секторите за воздушна пловидба и поморска каботажа. Постигнат е добар напредок во поглавјето *енергетика*. Добро е напреднато усогласувањето со *acquis*. Потребни се натамошни заложби за зајакнување на административниот капацитет, за подобрување на функционирањето на електричната енергија и пазарите за гас и за постигнување на обновливите енергетски цели.

Постигнат е добар напредок во *оданочувањето,* поточно во законодавната усогласеност. Дискриминациските акцизни давачки за цигари се укинати и законодавство е понатаму усогласено со *acquis* на полето на директното оданочување, акцизни давачки и ДДВ. Меѓутоа, сè уште се потребни заложби за понатамошно усогласување на хрватското законодавство, главно на полето на ДДВ. Заложбите треба да продолжат со цел зајакнување на административниот капацитет, вклучително и меѓусебна поврзаност на информатичката технологија.

Постигнат е важен напредок на полето на *економската и монетарна политика*. Целокупната усогласеност со *acquis* е многу напредната. Треба да се реализира зацврстувањето на независноста на централната банка во хрватското законодавство. Потребни се натамошни заложби во однос на политичката координација.

Во областа на *статистиката,* постигнат е значителен напредок. Постигнато е добро ниво на правна усогласеност. Меѓутоа, треба да продолжат заложбите за понатамошно усогласување на хрватската статистика со барањата на ЕУ.

Добар напредок е постигнат во областа *социјална политика и вработувањето*. Постигнато е добро ниво на законска усогласеност, иако остануваат неколку празнини, особено во трудовото право. Потребни се натамошни заложби со цел навремено зајакнување на административниот капацитет пред пристапувањето за да обезбеди правилно спроведување и примена.

Одреден напредок е постигнат во областа *претпријатија и индустриската политика*. Во целост, многу е напредната усогласеноста со *acquis* во ова поглавје. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за да почне да се оценува регулаторното влијание на новото законодавство и да се подобри околината на МСП.

Постигнат е добар напредок во однос на развојот на транспортните и енергетски мрежи заедно со проектирањето и целите на *ТЕН* - Сообраќајна мрежа и енергетската мрежа. Во целост, добро е напредната усогласеноста со *acquis*.

Постигнат е одреден напредок во *регионалната политика,*особено во подготовката за спроведување на оние ИПА компоненти кои служат како претходници на структурните фондови. Во целост, Хрватска е делумно усогласена со *acquis*. Потребни се натамошни заложби за да се исполнат регулаторните и оперативните барања на политика на кохезија на Заедницата. Освен подобрување на административниот капацитет и подготовката на стабилна серија на проекти, Хрватска треба да го зајакне своето финансиско управување и способноста за контрола.

Хрватска постигна одреден напредок во *судството и фундаменталните права.* Реформите во судството продолжија, но остануваат значајни предизвици, особено во однос на судската независност и ефикасност. Заложбите за антикорупција дадоа првични резултати, но корупцијата останува распространета во многу области и не се употребуваат средства со доволна цврстина, особено во политичката корупција. Законските одредби за фундаментални права се главно соодветни, но и покрај одредениот напредок, остануваат голем број на значајни предизвици во однос на спроведувањето, особено за малцинствата. Потребно е особено внимание во однос на слободата на изразување и заканите против новинарите.

Хрватска постигна одреден напредок во областа на *правда, слобода и безбедност,* особено во борбата против дрогата, справувањето со трговијата со луѓе и управувањето со надворешните граници. Меѓутоа, Хрватска треба да ги зајакне своите заложби со цел да се обезбеди дека се исполнети барањата на ЕУ за пристапување, особено во развојот на административниот капацитет, во борбата против организираниот криминал и развојот на инфраструктурата, опремата и средствата за ефикасно управување со надворешната граница.

Добар напредок е постигнат во областа на *науката и истражувањето* и подготовките се добро напреднати. Меѓутоа, потребни се натамошни заложби за да се обезбеди придружување и полноправното учество на Хрватска во Европската област за истражување.

Постигнат е добар напредок во областа на *образованието и културата.* Постигнато е добро ниво на усогласеност. Хрватска треба да ги продолжи своите заложби за управувањето со програмите за доживотно учење и Млади во акција. Должно внимание треба да се посвети на образованието за возрасни.

Постигнат е добар напредок во областа на *животната средина,* особено во деловите на квалитет на воздухот, контрола на индустриската загаденост и управување со ризик, како и климатска промена. Во целост, подготовките на Хрватска добро напредуваат. Меѓутоа, поголеми заложби се сè уште потребни во постигнување на усогласеност со *acquis* во секторот вода и заштита на природата. Треба да се подобри спроведувањето на хоризонталното *acquis,* меѓу кои е и стратешката оценка на животната средина и пристап до правдата во проблематиката од животната средина. Административниот капацитет треба понатаму да се зајакне како на национално, така и на локално ниво.

Постигнат е добар напредок во областа од *заштиттата на потрошувачите и здравствената заштита.* Постигнато е добро ниво на усогласеност. Меѓутоа, потребни се постојани заложби за понатамошно зајакнување на административниот капацитет.

Хрватска постигна добар напредок во областа на *царинската унија,* при што нејзиното законодавство е добро усогласено со *acquis*. Хрватска го подобри својот административен капацитет и меѓусебната поврзаност на информатичката технологија и започна со спроведување на доследна антикорупциската политика во рамките на царината. Треба да продолжат заложбите во останатите области на усогласување на законодавното, во спреведувањето на Стратегијата за антикорупција и меѓусебната поврзаност на информатичката технологија.

Хрватска постигна одреден напредок во областа на *надворешните односи.* Подготовките за заедничката трговска политика на ЕУ се на добар пат. Меѓутоа, Хрватска треба да ги почитува меѓународните обврски кога прибегнува кон одбранбени мерки. Сè уште се потребни заложби во однос на развојната политика и хуманитарната помош.

Хрватска постигна добар напредок и во целост достигна добро ниво на усогласување во областа на *надворешната безбедносната и одбранбената политика.* Хрватска продолжува да учествува во неколку мисии на Перспективата на просторниот развој на ЕУ (ППРЕУ). Хрватска сега треба да го зајакне спроведувањето и примената на контрола на оружјето вклучувајќи ја и транспарентноста на информациите поврзани со оружје и понатаму да го подобри капацитетот за темелно спроведување на ЗНБП-ЕППР.

Постигнат е напредок во областа на финансиската контрола. Потребни се континуирани заложби за да се обезбеди одржлив развој на целокупниот систем за јавна внатрешна финансиска контрола (ПИФК) на централно и локално владино ниво. Функционалната и финансиска независност на Државниот завод за ревизија треба да се вметне во Уставот.

Постигнат е добар напредок во областа на *финансиските и буџетските одредби,* со подобрување на институционалниот капацитет. Во целост, Хрватска постигна добро ниво на усогласеност, освен за подготовките за наплата на данок на шеќер со цел примена на своите правила.

**Република Македонија**

Претседателските и локалните избори во 2009 година задоволија поголем дел од меѓународните стандарди и се спроведени поголемиот дел од препораките на ОБСЕ/ОДИХР од претходните избори. Политичкиот дијалог е подобрен: владеачката коалиција е стабилна, постои поголема соработка во политичката клима, а Собранието е поефикасно. Значително се одговори на клучните приоритети од Партнерството за пристапување во врска со реформата на полицијата, судството, јавната администрација и корупцијата. Врз таа основа, а

во поглед на севкупниот напредок на реформите, Комисијата смета дека земјата задоволително ги исполнува **политичките критериуми.**

Спроведувањето на Охридскиот рамковен договор останува основен елемент на ***демократијата и владеењето на правото*** во земјата. Постигнат е напредок во спроведувањето на Законот за употреба на јазиците, Законот за децентрализација и Законот за правична застапеност. Врз таа основа, потребни се понатамошни заложби во конструктивен дух со цел да се исполнат целите на Договорот.

Одржувањето на претседателските и локалните избори во 2009 година задоволи поголем дел од меѓународните стандарди. Деновите на одржување на изборите беа мирни, политичката клима беше смирена и одржувањето на гласањето покажа забележително подобрување во споредба со парламентарните избори во 2008 година. Треба да се одговори на недостатоците утврдени од страна на ОБСЕ/ОДИХР. Подобрен е политичкиот дијалог, кој претставува клучен приоритет на Партнерството за пристапување. *Владината* коалиција е стабилна. Главната партија во опозиција претседава со Националниот совет за европска интеграција. Работата на *Собранието* е зајакната, особено преку воведувањето на Деловникот за работа, а се донесе и Закон за Собранието. Потребни се континуирани заложби, особено за зајакнување на улогата на Собранието.

Постигнат е одреден напредок во *реформата на јавната администрација*, вклучително и во реформата на државната администрација како клучен приоритет на Партнерството за пристапување. Измените на Законот за државните службеници донесени во септември ги зајакнаа одредбите со цел да се обезбеди вработување и унапредување на државните службеници врз основа на заслуги. Потребни се понатамошни заложби за обезбедување на транспарентност, стручност и независност на јавната администрација. Почитувањето на одредбите и духот на Законот треба да се обезбеди во практика. Постигнат е понатамошен напредок во реформата на полицијата, што е клучен приоритет на Партнерството за пристапување. Новиот систем на командири на локално и регионално ниво е целосно функционален, подобрено е управувањето, а со Законот за внатрешни работи се воведе систем на кариера во полициската служба. На полициските службеници им се забранува да бидат членови на политички партии.

Постигнат е дополнителен напредок во *судската реформа*, што претставува клучен приоритет на Партнерството за пристапување. Назначени се првите дипломирани од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, новите судови и судските тела се зајакнуваат кадровски и започнуваат со своите активности, а буџетот е значително зголемен. Потребни се континуирани заложби за обезбедување независност и непристрасност на судството, особено преку спроведување на одредбите за назначување и унапредување.

Постигнат е добар напредок во зајакнувањето и спроведувањето на *антикорупциската* рамка, што претставува клучен приоритет на Партнерството за пристапување. Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии се изменети со цел да се зајакне транспарентноста, има дополнителни обвиненија и пресуди во случаи од високо ниво, а соработката помеѓу органите за спроведување на законот е подобрена. Сепак, корупцијата и натаму е

присутна и продолжува да претставува сериозен проблем во многу области. Неопходни се континуирани заложби, особено во однос на спроведувањето на правната рамка.

Правната и институционална рамка за ***човекови права и заштита на малцинствата*** е веќе во сила. И покрај тоа, неопходни се дополнителни заложби за да се подобри спроведувањето во бројни полиња.

Пријавите за *деградирачко однесување* од страна на полицијата се значително намалени по распуштањето на специјалните полициски единици, спроведувањето на детални истраги и преземањето на дисциплински мерки. Меѓутоа, сѐ уште не е воспоставен независен надворешен механизам за следење на случаите на злоупотреба на службена должност од страна на полицијата, во согласност со судската надлежност на Европскиот суд за човекови права. Усвоен е акциски план за обновување на инфраструктурата на *затворите*, но сѐ уште не се преземени важни краткорочни мерки за отстранување на нечовечките и деградирачки услови. Останува да се воспостави професионалност во управувањето со затворите.

Во однос на *слободата на изразување,* целокупната состојба е задоволителна. Меѓутоа, во моментот постои загриженост за политичко влијание во медиумите.

Во однос на *правата на жените*, почна да се спроведува стратегијата против семејното насилство. Сепак, неопходни се понатамошни заложби за развивање на административните капацитети за родова еднаквост. Во однос на *правата на децата*, зголемено е присуството на учениците во училиштата; речиси сите ученици во основно образование продолжуваат во средно образование. Законот за малолетничка правда влезе во сила во јуни.

Во однос на *културните права и правата на малцинствата*, постигнат е одреден дополнителен напредок во спроведувањето на стратегијата за правична застапеност, во согласност со Охридскиот рамковен договор, со што се зголеми бројот на државни службеници од етничките заедници кои не се во мнозинство на 26% на централно ниво до септември 2009 година. Законот за употреба на јазиците, кој предвидува зголемена употреба на албанскиот јазик, почна да се применува во Собранието. Основана е специјализирана агенција за заштита на правата на помалите заедници, но сѐ уште не е функционална.

Во средните училишта во општина Струга делумно се обнови етнички мешаното образование на почетокот на училишната 2009-2010 година. Меѓутоа, надлежните органи треба да направат дополнителни заложби за промовирање на интеграција на етничките заедници во земјата, особено во образованието. И понатаму не се справува со проблемите на помалите етнички малцинства во доволна мера.

Може да се забележи мал напредок во однос на *Ромите*. Четирите акциски планови во рамки на Декадата на Ромите 2005-15 година продолжуваат да се спроведуваат со забавено темпо, иако беа распределени буџетски средства за спроведување на акциските планови. Потребно е значајно зајакнување на административните капацитети на канцеларијата на министерот без ресор од

ромската заедница и на единицата за спроведување на Стратегијата за Ромите. Ромите и понатаму се соочуваат со тешки услови за живеење и дискриминација.

Во однос на ***регионалните прашања и меѓународните обврски***, Република Македонија одржува целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). Националниот правен систем ги обработува четирите случаи вратени од МКСЈ на националните органи.

Во однос на Меѓународниот кривичен суд, билатералниот договор за имунитет со Соединетите Американски Држави не е во согласност со Заедничките ставови и водечките начела на ЕУ. Земјата треба да се усогласи со позицијата на ЕУ.

Земјата продолжи активно да учествува во иницијативите за регионална соработка, вклучително и Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Советот за регионална соработка (СРС) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

Република Македонија во основа има добри односи со земјите во регионот. Меѓутоа, односите со Грција и натаму се загрозени од нерешеното прашање со името. Земјата е вклучена во преговори за негово решавање под покровителство на ОН. Треба да се избегнуваат активности и изјави што може негативно да влијаат на добрососедските односи. Одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и договорено заеднички прифатливо решение за прашањето за името, под покровителство на ОН, и понатаму е од суштинска важност.

**Економијата** во Република Македонија е со забавен раст и со помалку договори во 2009 година како резултат на влошувањето на меѓународното окружување. Инфлацијата значително се намали, главно како резултат на пониските меѓународни цени на енергијата и стоките. Постигнат е одреден напредок во решавањето на структурната невработеност и во намалувањето на пречките за вработување. Меѓутоа, постојано високата невработеност, особено кај младите и луѓето со пониско образование, и натаму останува главна причина за загриженост. Недостатоците во администрацијата и владеењето на правото и натаму имаат негативно влијание врз деловната клима.

Во однос на **економските критериуми**, Република Македонија е добро напредната. Земјата продолжи да се приближува кон создавање на функционална пазарна економија. На среднорочен план, таа би требало да има капацитети за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на Унијата, доколку енергично ја спроведува реформската програма со цел да се намалат значајните структурни слабости.

Земјата одржува широк консензус за основите на економските политики. Приватизацијата е во голема мера завршена. Во голема мера е постигната либерализација на цените и трговијата. Дополнително се подобрени влезот на пазарот и регистрацијата, а регулаторната рамка е дополнително поедноставена. Стечајните постапки се скратени и регистрацијата на имот е многу напредната. Надлежните органи ги зголемија заложбите за решавање на структурната невработеност и преземени се мерки за намалување на даночното оптоварување

на работната сила. Зајакната е финансиската независност на надзорните и регулаторните агенции. Има мал пад во финансиското посредување, но секторот во целина досега добро ја издржа меѓународната финансиска криза. Преземени се понатамошни мерки за подобрување на квалитетот на човечкиот капитал.

Меѓутоа, во однос на изборниот период и глобалната економска криза, има влошување во севкупниот политички контекст. Квалитетот на јавните финансии е намален, со силно зголемување на јавната потрошувачка, особено во трансферите на приход, како и субвенции и пензии, кои се искачија далеку над инфлацијата. Ова придонесе за остро зголемување на надворешниот дисбаланс, додека потребите за финансирање на јавниот сектор ги исфрлија фондовите за приватни инвестиции. Зголемен е долгот на јавниот сектор, но сè уште е релативно низок. Приливот на странски директни инвестиции значително се намали, главно поради влошеното меѓународно окружување. Средствата за решавање на структурната невработеност остануваат ограничени, додека невработеноста и натаму останува многу висока. Неопходно е да се подобрат институционалните слабости и владеењето на правото за да се овозможи непречено функционирање на пазарната економија. Неопходни се понатамошни заложби за зајакнување на јавната администрација и правосудството, со цел да се подобри правната сигурност, како и деловното окружување. На регулаторните и надзорните агенции сè уште им недостасува доволна независност и ресурси за ефикасно вршење на нивните функции. И покрај напорите за намалување на сивата економија, ова прашање и натаму останува важен предизвик.

Република Македонија постигна добар напредок во подобрување на **способноста за преземање на обврските од членството**, особено во однос на полето на сообраќајот, царината и оданочувањето, како и правдата, слободата и безбедноста. Помал напредок е постигнат во одредени други области, како што се енергетиката, животната средина и вработувањето и социјалната политика. Севкупно, постигнат е дополнителен напредок во исполнувањето на приоритетите од Партнерството за пристапување. Меѓутоа, неопходни се одржливи заложби за зајакнување на административните капацитети за спроведување и примена на законодавството. Во согласност со соодветниот клучен приоритет од Партнерството за пристапување, спроведени се заложбите преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Постигнат е одреден напредок во областа на *слободното движење на стоки*. Значаен дел од хоризонталното и секторското *acquis* треба допрва да се транспонира. Постигнат е одреден напредок во областа на *слободното движење на работници*, каде усогласеноста со *acquis* е сè уште во рана фаза. Напредокот постигнат во областа на *правото на основање и слобода на давање услуги* е нерамномерен. Има недостаток од координирање помеѓу различните тела одговорни за овластување на прекуграничните служби. Напредокот во областа на *слободното движење на капитал,* главно е ограничен на борбата против перење пари. Обврските што произлегуваат од првата фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација беа исполнети во 2008 година.

Постигнат е добар напредок во областа на *јавните набавки*, каде што се преземени значајни чекори кон усогласување на законодавството со *acquis*. Потребна е понатамошна работа за зајакнување на административните капацитети на сите нивоа. Постигнат е добар напредок и во областа на *правото на трговски друштва*, иако усогласувањето на правната рамка за сметководство и ревизија заостанува. Постигнат е одреден напредок во насока на зајакнување на правната рамка и подобрување на административните капацитети и институционалната соработка во областа на *правото на интелектуална сопственост.* Примената, и покрај подобрувањата, сè уште не е на задоволително ниво.

Постигнат е одреден напредок во областа на *конкуренцијата*. Изградена е веродостојна евиденција за спроведувањето, особено во областа на концентрациите, иако борбата против злоупотребата на доминантна положба треба да биде зајакната. Зголемен е бројот на *екс анте* одлуки за државна помош. Човечките и финансиските ресурси на Комисијата за заштита на конкуренцијата и натаму не се соодветни.

Постигнат е одреден напредок во областа на *финансиските услуги*, главно поврзани со развој на правната рамка за банкарскиот сектор, пазарот на хартии од вредност, инвестициските услуги и пензиското осигурување. Сепак, сè уште не се врши соодветна регулација и надзор на осигурителниот пазар.

Постигнат е напредок на полето на електронски комуникации и услуги на информатичкото општество. Конкуренцијата на пазарот на електронските комуникации е зголемена како резултат на процесот на либерализација, во корист на потрошувачите. Во областа на аудиовизуелната политика, Советот за радиодифузија и јавното радиодифузно претпријатие и натаму остануваат предмет на политички влијанија. Севкупно, подготовките во областа на *информатичкото општество и медиумите* се напреднати.

Напредок е постигнат во областа на *земјоделството и руралниот развој*. Административните капацитети на платежната агенција и оперативните структури одговорни за претпристапните фондови на ЕУ се зајакнати, иако административните капацитети во други области остануваат слаби. За усогласување со *acquis* потребни се натамошни одржливи заложби особено во однос на целосно спроведување на донесеното законодавство. Постигнат е одреден напредок во областа на *безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика,* главно во однос на законодавната подготвеност. Меѓутоа, административните капацитети, во однос на бројот и вештините на кадарот, сè уште не се доволни за да се обезбеди соодветно спроведување на *acquis*.

Постигнат е добар напредок во областа на *сообраќајната политика*, особено во однос на транспортот, вклучително и во наплатата на патни такси. Општо земено, усогласувањето на законодавството напредува во сите сектори. Меѓутоа, административните капацитети во секој сектор на транспортот се

недоволни, како во однос на бројот на вработени, така и во однос на нивните квалификации. Допрва треба да се основаат независни регулаторни тела и органи за безбедност во воздушниот и железничкиот сообраќај.

Постигнат е одреден напредок во *енергетскиот* сектор. Меѓутоа, неопходни се измени во Законот за енергетика, како и правилно спроведување на законодавството со цел да се исполнат обврските од Договорот за основање на енергетска заедница. Треба да се воспостави ефикасен пазар на електрична енергија. Степенот на независност на регулаторите за енергетика и за радијациона сигурност треба дополнително да се подобри.

Постигнат е добар напредок на полето на *даноците*. Нивото на усогласеност на законодавството за индиректно оданочување добро напредува. Потребни се дополнителни заложби во однос на директното оданочување. Зајакнати се оперативните капацитети на Управата за јавни приходи, а подобрена е и наплатата на даноците.

Постигнат е одреден напредок во усогласување на законодавството и административните капацитети во областа на *економската и монетарната политика*. Севкупно, подготовките во оваа област се на добар пат. Постигнат е добар напредок во подобрувањето на секторот *статистика* и усогласувањето на класификациите со *acquis*. Зајакната е статистичката инфраструктура, но состојбата со ресурсите и понатаму е слаба.

Постигнат е ограничен напредок во областа на *социјалнатата политика и вработувањето.* И натаму недостасува ефикасен и репрезентативен социјален дијалог. Административниот капацитет полека е зајакнат, но останува недоволен за соодветно спроведување на донесеното законодавство и политики. Постигнат е добар, но нерамномерен, напредок на полето на *претпријатијата и индустриската политика*. Финансиските ресурси и административните капацитети на јавните тела за спроведување на инструментите за претпријатија и индустриска политика се скромни. Усогласеноста со *acquis* во ова поглавје напредува умерено.

Постигнат е напредок во областа на *трансевропските мрежи*. Подготовките во оваа област се напреднати. Може да се забележи одреден напредок во областа на *регионалната политика и координацијата на структурните инструменти*, а особено во форма на зголемени заложби и подготовки за спроведување на компонентите од претпристапната помош (ИПА) што служи како претходник на структурните фондови. Севкупно, усогласувањето со *acquis* во оваа област напредува.

Што се однесува на *правосудството и финдаменталните права*, постигнат е добар напредок во борбата против корупцијата и одреден напредок во реформата на правосудството и заштитата на фундаменталните права. Новоформираните институции и зголемените буџетски ресурси ја подобрија

севкупната ефикасност на правосудството, но потребно е да продолжат заложбите за обезбедување на независност. Што се однесува до антикорупцијата, може да се забележи дополнителен напредок во водењето истраги по предмети од високо ниво, во зајакнување на институционалната рамка и соработката помеѓу органи за спроведување на законот. Направени се измени во Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии со цел да се зајакне транспарентноста. Сепак, корупцијата останува присутна и продолжува да претставува сериозен проблем во многу области. Треба да се продолжи со заложбите. Најголемиот дел од законодавните и политичките мерки поврзани со фундаменталните права се воспоставени, но спроведувањето е нерамномерно и потребни се дополнителни заложби.

Во областа на *правда, слобода и безбедност*, земјата продолжува да се справува со клучните предизвици. Во однос на визната либерализација, земјата постигна важен напредок во областите опфатени во патоказот и ги исполни критериумите во таа одредница. Врз основа на постигнатиот напредок, Комисијата, во јули 2009 година, предложи укинување на обврската за поседување визи за граѓаните на Република Македонија[10]. Може да се забележи добар напредок во областа на азилот, борбата против организираниот криминал и дрогата, како и во однос на надворешните граници и Шенген. Подобрени се административните капацитети за спроведување на реформи во полицијата, но и натаму се ограничени поради нецелосно развиеното управувањето со човечките ресурси. Во однос на борбата против организираниот криминал, подобрена е примената на специјални истражни техники, заштитата на сведоци и вршењето полициски работи врз основа на разузнавачки податоци. Неопходни се дополнителни заложби, особено за воспоставување на интегриран систем за разузнавање. Земјата постигна повисок степен на усогласеност со *acquis* во однос на законодавните и административните капацитети. Севкупно, подготовките во оваа област се на добар пат.

Постигнат е одреден напредок во областа на *науката и истражувањето.* Недоволно се развиени административните капацитети за поддршка на учеството во рамковните програми. Севкупно, подготовките во оваа област се на добар пат. Постигнат е одреден напредок во областите на образованието, обуките, младите и културата, а особено во однос на учеството во програмите на Заедницата. Меѓутоа, буџетот за образование сѐ уште не е доволен за спроведување на националната стратегија за реформи. Севкупно, подготовките во областа на *образованието и културата* се напреднати.

Постигнат е напредок во однос на понатамошно транспонирање на *acquis* на полето на *животната средина*, особено во случаите на хоризонталната правна рамка и управувањето со отпад. Спроведувањето на правната рамка и натаму останува значителен предизвик. Административните капацитети се слаби на национално, како и на локално ниво. Потребни се значителни дополнителни заложби за натамошно усогласување со *acquis* во овој сектор, а особено за

[10] COM (2009) 366.

обезбедување на потребните инвестиции. Севкупно, подготовките на полето на животната средина се умерено напреднати.

Постигнат е одреден напредок во областа на *заштитата на потрошувачите и здравствената заштита*. Што се однесува на потрошувачката политика, сè уште нема ефикасен и транспарентен систем за надзор на пазарот. Во областа на јавното здравство, расположливите човекови и финансиски ресурси сè уште не се доволни за да обезбедат правилно спроведување на законодавството, стратегиите и акциските планови.

Постигнат е значителен е напредокот во областа на *царинската унија*, особено во поглед на административните и оперативните капацитети. Законодавството од областа на царината е усогласено со *acquis*, освен во случај на транзит. Продолжува да се подобрува административниот капацитет на Царинската управа за спроведување на законодавството и за справување со прекуграничниот криминал. Подготовките во оваа област се на добар пат.

Постигнат е одреден напредок во усогласување со политиката на ЕУ за *надворешни односи.* Севкупно, подготовките во оваа област се на добар пат. Постигнат е одреден напредок во областа на *надворешната безбедносна и одбранбената политика*, особено во однос на зајакнувањето на административниот капацитет. Во согласност со декларациите и заедничките позиции на ЕУ, земјата демонстрираше континуирана заложба за учество во активностите на ЕСДП.

Постигнат е одреден напредок во усогласувањето и спроведувањето на законодавството во областа на *финансиската контрола.* Административниот капацитет на одговорните институции е дополнително зајакнат. Постигнат е одреден напредок во однос на *финансиските и буџетските одредби.* Подобрени се оперативните капацитети на Царинската управа и на Управата за јавни приходи, особено во борбата против измами со царини и ДДВ.

**Црна Гора**

Црна Гора продолжи со напредокот во исполнување на **политичките критериуми**. Во согласност со Европското партнерство, продолжи со комплетирање на правната рамка и со зајакнување на административниот и институционалниот капацитет. Уставот беше ефикасно спроведен во целост. Судските реформи продолжија и почнаа да даваат резултати. Сепак, и натаму е присутно политичко влијание во судството и во Јавното обвинителство. Борбата против корупцијата и организираниот криминал треба да се одвива со решителност. Зајакнувањето на административниот капацитет останува голем предизвик. Политичкиот консензус за прашања поврзани со ЕУ останува во сила. Потребно е да се зголеми капацитетот на Собранието за надзор на законодавството, како и за следење на спроведувањето на реформите.

***Демократијата и владеењето на правото*** и натаму се зајакнуваат. Севкупно, спроведувањето на Уставот се одвиваше добро. Меѓутоа, останува да се усогласат клучни закони со истото. Функционирањето на државните институции се подобри особено во областите поврзани со европската

интеграција. Останува потребата од поголема политичка волја во борбата против корупцијата, а особено против високата корупција.

Постигнат е одреден напредок во функционирањето на *Собранието.* Законодавната активност продолжи да се интензивира, а административниот капацитет се зајакна. Меѓутоа, собранието треба значително да ја подобри ефикасноста како законодавно тело и неговите способности за надзор. Парламентарните избори одржани во март 2009 година ги исполнија речиси сите услови на ОБСЕ и Советот на Европа. Сепак, ОБСЕ/ОДИХР забележа бројни предизвици и недостатоци кои треба да се решат. Изборното законодавство треба да се усогласи со Уставот.

*Владата* продолжи со воведување на нови административни структури по стекнувањето независност на земјата. Рамката за координација на европската интеграција се подобри и продолжи да функционира непречено. Постигнат е одреден напредок во реформите на *јавната администрација* преку донесување на клучно законодавство, надградба на административниот капацитет и подобрување на управувањето со човечки ресурси. Меѓутоа, недостигот од човечки и финансиски ресурси и структурни слабости и корупција и понатаму ја спречуваа целокупната ефикасност на јавната администрација. Административниот капацитет и натаму е ограничен. Потребни се значителни напори за воспоставување на професионална, одговорна државна администрација што се темели брз заслуги, без политичко влијание. Проследени се поголем број на мислења и препораки издадени од страна на Народниот правобранител. Сепак, Законот за Народниот правобранител останува во целост да се усогласи со Уставот, а капацитетите на канцеларијата треба и натаму да се зајакнуваат.

Потребни се поголеми напори за воспоставување и овластување на независни, надзорни и регулаторни тела кои функционираат ефикасно.

Црна Гора постигна умерен напредок во *реформата на судството.* Правната рамка дополнително е зајакната со донесувањето на нов Закон за кривична постапка. Меѓутоа, потребни се дополнителни напори за обезбедување независност на судството и автономија на Јавното обвинителство. Мора да се зголеми капацитетот на јавното обвинителство за преземање нови задачи според Законот за кривична постапка. Потребна е дополнително зајакнување на одговорноста, интегритетот и ефикасноста на судскиот систем.

Постигнат е добар напредок во градење на правната и административната рамка за *борбата против корупцијата.* Постигнат е напредок во понатамошното зајакнување на телата за спречување и истражување на корупцијата. Меѓутоа, корупцијата и понатаму е присутна во многу области и останува особено сериозен проблем. Постои загриженост за сеопфатно и ефикасно спроведување на законодавството во оваа област. И покрај позитивниот тренд, истражувачките капацитети и координацијата на органите за спроведување на законот се слаби, поради што се јавуваат мал број на пресуди. Нема доволен надзор во областа на финансирањето на политичките партии и судир на интереси.

Постигнат е понатамошен напредок во областа на ***човековите права и заштитата на малцинствата,*** каде што Црна Гора е во голема мера усогласена со европските стандарди.

Севкупно, постигнат е одреден напредок во областа на *граѓанските и политичките права.* Меѓутоа, потребни се понатамошни напори за подобрување на законите во областа на *тортура и малтретирање, затворскиот систем* и *пристапот до правда.*

*Слободатата на изразување* и понатаму претставува причина за загриженост. Забележан е напредок во истражувањата на насилство против новинарите. Меѓутоа, забележани се нови инциденти. Изјавите на застрашување од страна на државни функционери за улогата на медиумите и невладините организации се причина за загриженост. Владата треба конструктивно да ангажира претставници на граѓанското општество. Почитувањето на *правото на собирање и вероисповед* и натаму е на задоволително ниво. Меѓутоа, враќањето на црковен имот треба да се реши и државните тела треба да останат непристрасни во врска со спорови помеѓу Српската и Црногорската православна црква во Црна Гора.

Потребни се одржливи напори во областа на *правата на жените*, особено во врска со недоволната заштита на жените од сите форми на насилство, при што семејното насилство и понатаму е високо застапено. Останува да се донесе клучното законодавство како што е Законот за заштита од семејното насилство. Значајното законодавство, како на пример, Законот за антидискриминација сѐ уште не е донесено. Потребни се решителни напори за продолжување со спроведувањето на законодавството и стратегиите за подобрување на *правата на децата* и социјално ранливите групи. Во врска со *правата на сопственост,* имаше помалку жалби во однос на правата на сопственост во 2008 година. Сепак, останува загриженоста за спроведувањето на законодавството за враќање на имотот.

Црна Гора постигна одреден напредок во спроведување на рамката за *заштита на малцинствата.* Советите на малцинствата станаа функционални и им беа доделени финансиски средства. Одредени чекори се преземени за подобрување на состојбата на заедниците на Ромите, Ашкалите и Египќаните (РАЕ). Меѓуетничките односи и натаму се непречени. Меѓутоа, општествената и економската состојба на раселените лица и населението од РАЕ останува причина за голема загриженост.  Тие и натаму се соочуваат со тешки услови на живеење и дискриминација. Спроведувањето на законодавството и стратегиите мора да продолжи со поголема решителност. Исто така, потребни се и повисоки финансиски средства. Законот за правата и слободите на малцинствата сѐ уште не е усогласен со Уставот во однос на застапеноста на малцинствата.

Во врска со *раселените лица* од Босна и Херцеговина и Хрватска, воспоставена е правна рамка за нивниот статус, но сѐ уште треба да се обезбеди нејзино ефикасно спроведување. Црна Гора мора да го реши статусот на раселените лица од Косово и да работи на подобрување на нејзиниот пристап кон економските и социјалните права, кои сѐ уште се ограничени. Нивната состојба и понатаму е причина за загриженост.

Во врска со ***регионалните прашања и меѓународните обврски,*** соработката на Црна Гора со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) е задоволителна. Истражувањата и судските постапки на ограничениот број на предмети на домашни воени злосторства во Црна Гора забележаа напредок. Се подобри соработката со соседните земји во оваа област. Случајот на преживеаните и семејствата на депортираните граѓани од Босна во 1992 година се реши надвор од судот.

Во врска со Меѓународниот кривичен суд, билатералниот договор за имунитет со Соединетите Американски Држави не е во согласност со релевантните заеднички ставови на ЕУ и водечките принципи. Земјата мора да е усогласена со ставовите на ЕУ.

Црна Гора продолжи активно да учествува во регионалните иницијативи за соработка, вклучително и Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Советот за регионална соработка (СРС) и Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Црна Гора претседава со ЦЕФТА во текот на 2009 година. Функционално е Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА) во Даниловград близу Подгорица.

Засилени се односите со другите земји опфатени со процесот на проширување и соседните земји-членки кои продолжија да ја подобруваат билатералната соработка во специфични области. Особено е постигнат напредок во однос на решавање на билатерални гранични прашања помеѓу Црна Гора и Хрватска, кои соработуваа во подготовката на поднесоци до Меѓународниот суд на правдата во врска со граничното прашање за Превлака.

**Економијата** на Црна Гора беше значително забавена во 2009 година. Како резултат на тоа, јавните финансии беа под силен притисок, а јавниот долг дополнително се зголеми. Сепак, економијата не навлезе во поголема рецесија, а надворешните финансиски ризици не се материјализираа во целост. И покрај економската криза, Владата донесе низа структурни реформи. Зајакнувањето на правото на владеење и надградба на инфраструктурите и понатаму се клучни предизвици за економскиот развој.

Во однос на **економските критериуми**, земјата постигна дополнителен напредок во воспоставување на функционална пазарна економија. Со цел да се справи со конкурентниот притисок и пазарните сили во рамки на Унијата на среден рок, треба да се продолжи со сеопфатните реформи за намалување на структурните слабости.

Надворешниот дисбаланс и инфлацијата се намалени како резултат на забавувањето на економската активност. Показателите на пазарот на труд продолжија да се подобруваат и покрај забавувањето на развојот. Странските матични банки ги финансираа нивните локални филијали, со што ја поддржуваат стабилноста на финансискиот систем во отсуство на кредитор во крајна инстанца. Дефицитот во буџетот е намален преку ограничена потрошувачка и со приходи од приватизацијата на големите мрежни системи. Јавниот долг растеше, но со умерено темпо. Донесен е закон за зголемување на сигурноста на правата на сопственост. Продолжи поедноставувањето на законодавството со цел отстранување на деловните бариери и се намали бројот

на заостанатите стечајни предмети. Се зголеми улогата на земјата во областа на економијата, како одговор на претстојната криза, но беше ограничена на обезбедување заеми и гаранции за заеми во клучните сектори на економијата.

Меѓутоа, условите во производствениот сектор на Црна Гора нагло се влошија како последица од намалената надворешна побарувачка и паѓањето на меѓународните цени на челикот и алуминиумот. Преструктурирањето на погоните за алуминиум и челик и натаму претставуваат голем предизвик. Финансискиот систем претрпе тежок ликвидносен удар на крајот на 2008 година и на почетокот на 2009 година, како резултат на големи повлекувања на депозити. Каматните стапки останаа високи и покрај ликвидносните инјекции во банкарскиот систем. Јавните финансии беа под голем притисок, додека се натрупуваа државните гаранции за заеми. Пазарите на капитал претрпеа строги измени, при што претрпеа значителна штета. Постои несогласување помеѓу понудата и побарувачката на труд, што ги присилува работодавачите да прибегнат кон вработување на странски работници и покрај големата невработеност. Неформалниот сектор и натаму останува да биде важен предизвик.

Црна Гора постигна понатамошен напредок во усогласување со **европските стандарди**. Времената спогодба и натаму се спроведуваше без пречки и земјата постигна резултати во спроведувањето на обврските според ССА. Постигнат е добар напредок во областа на заштитата на потрошувачите и истражување, како и во одредени области на внатрешниот пазар и правдата, слободата и безбедноста. Постигнат е одреден напредок во областа на слободното движење на капитал, царината и оданочувањето, вработувањето, земјоделството и руралниот развој, енергетиката, статистиката и останатите области на правда, слобода и безбедност. Потребни се понатамошни заложби во овие области. Потребни се особени напори за подобрување на капацитетот за спроведување. Напредокот во областа на животната средина, транспортот, информатичкото општество и медиумите е нерамномерен. Може да се забележи ограничен напредок во акредитацијата и оцената на сообразност, метрологијата, надзорот на пазарот и индустриската политика.

Во однос на **внатрешниот пазар**, Црна Гора постигна одреден напредок во решавањето на приоритетите поврзани со Европското партнерство. Продолжија подготовките во областа на *слободното движење на стоки*. Постигнат е добар напредок во спроведување на заштитата на потрошувачите. Има потреба од понатамошен развој во надзорот на пазарот. Потребно е и подобрување на институционалните и административните капацитети, меѓуинституционалната соработка и транспонирањето на делот од *acquis* што се однесува на производи.

Во областа на *слободното движење на лица, услуги и правото на основање,* Црна Гора делумно ги исполнува приоритетите за усогласување. Донесен е Законот за вработување и работа на странци, што предвидува работни дозволи и квоти за работна сила и прекугранични услуги. Либерализацијата на пазарот на услуги се подобри. Институционалната рамка за следење на банкарскиот и небанкарскиот финансиски сектор продолжи да се подобрува, но потребно е понатамошно зајакнување. Донесена е стратегија за секторот на поштенските услуги. Новите правила за деловно известување и барањата за надзор ја

зголемија сметководствената транспарентност и ефикасноста на ревизијата. Сепак, потребни се понатамошни напори за консолидирање на напредокот.

Постигнат е напредок во областа на *слободно движење на капиталот* со донесување на Законот за сопственички односи и Законот за државна сопственост. Странците сѐ уште немаат еднаков третман во однос на купување на земјоделско земјиште за кое новиот закон дава можност за долгорочен закуп.

Усогласеноста на *законодавството од областа на царината и оданочувањето* со *acquis* е на добар пат. Сепак, потребно е понатамошна усогласеност во областа на потеклото, транзитот и поедноставените постапки, царинската проценка и надоместоците. Борбата против корупцијата и соочувањето со неформалната економија и понатаму претставуваат големи предизвици.

Во областа на *конкуренцијата*, продолжи усогласеноста со *acquis*. Потребно е понатамошно зајакнување на конкурентската рамка и надградба на административните капацитети, особено во однос на контрола на државната помош.

Во областа на јавните набавки Црна Гора продолжи со усогласување на нејзиното законодавство со *Acquis*. Спроведени се обуки и активности за подигање на свеста. Меѓутоа, потребно е понатамошно усогласување на законодавството и зајакнување на административниот капацитет.

Забележан е одреден напредок во областа на правото на интелектуална *сопственост*. Новиот Закон за патенти ја зајакна законодавната рамка. Подобрена е постапката за признавање на правата на национално ниво. Сепак, подготовките се во рана фаза и потребен е понатамошен развој на институционалните капацитети и капацитетите за спроведување, како и на јавната свест.

Црна Гора продолжи со напредокот во областа на *социјалната политика и вработувањето*. Меѓутоа, потребно е понатамошно усогласување на законодавството со европските стандарди, а административниот капацитет во областа на социјалните политики и вработувањето, особено во насока на ефикасно спроведување на новото законодавство, треба да се подобри. Потребни се и натамошни напори за зајакнување на административниот и институционалниот капацитет во областа на *јавната здравствена политика*.

Постигнат е понатамошен напредок во областа на *образованието и културата*. Добар напредок има во истражувањето, особено во зајакнувањето на институционалната рамка и преку учеството во Седмата рамковна програма за истражување и развој.

Црна Гора го донесе потребното законодавство со цел пристапување во Светската трговска организација.

Во однос на ***секторските политики***, во област на индустриската политика Црна Гора започна со усогласување на приоритетите и делумно ги исполнува истите во однос на *политикаата на МСП*. Потребни се понатамошни напори за отстранување на постојните деловни бариери, забрзување на дозволите и

лиценците и за целосно спроведување на мерките, како што се кредитни гаранции за МСП, инкубатори и кластери.

Забележан е одреден напредок во областа на *земјоделството и руралниот развој*, како и *рибарството,* во однос на реформата на законодавството и усвојувањето на националните програми и стратегии. Сепак, спроведувањето мора да се зајакне. Во однос на *безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика*, постигнат е одреден напредок, главно во зајакнување на законодавната рамка, меѓутоа треба да се воспостави интегриран систем за безбедност на храната. Напредокот во зајакнувањето на административниот капацитет на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е ограничен и потребно е негово надградување, исто така, и за целите на подготовка за ИПАРД.

Напредокот во областа на *животната средина* останува нерамномерен. Иако може да се забележи напредок во донесувањето на хоризонтално законодавство, спроведувањето и примената мора дополнително да се зајакнат. Агенцијата за заштита на животната средина мора да се опреми со ресурсите кои се потребни за извршување на нејзините задачи. Недоволната заштита на животната средина, особено во крајбрежните области и националните паркови, останува причина за загриженост.

Во однос на *сообраќајната политика*, подготовките се во умерено напредната фаза во областа на патниот и железничкиот сообраќај, но сè уште се во рана фаза во областа на воздушниот и поморскиот сообраќај. Напредокот од аспект на безбедноста кај сите видови на сообраќај е ограничен. Црна Гора треба да развие кохерентна стратегија за развој на сообраќајниот сектор. Потребни се значителни заложби за да се воспостави соодветен административен капацитет.

Може да се забележи одреден напредок во одредени *енергетски* сектори. Направени се чекори во правец на исполнување на условите од Договорот за формирање на енергетската заедница, но потребни се натамошни заложби. Промовирањето на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија треба да претставува приоритет.

Одреден напредок е постигнат во областа на *информатичкото општество и медиумите* со започнувањето на работата на Агенцијата за електронски комуникации и поштенски услуги. Меѓутоа, останува загриженоста околу независноста на Агенцијата за електронски комуникации и одложувањето при спроведувањето на Законот за електронски комуникации. Соодветните црногорски органи мора итно да одговорат и да го решат проблемот на надлежноста и постапката за доделување на фреквенции за емитување на програма. Законодавството и работењето мора да се доведат во согласност со европските стандарди во оваа област.

Подготовките на Црна Гора за *јавната внатрешна финансиска контрола (ЈВФК) и надворешна ревизија* се во рана фаза на спроведување. Основното законодавство за ЈВФК сега е донесено. Се зголемува бројот на квалификувани државни ревизори и ревизии се зголемува, а Државната управа за ревизија ги развива своите административни капацитети.

Владината стратегија за 2009-2012 година за *статистика* му дава на црногорскиот Завод за статистика улога на координатор за развивање на статистички систем во сообразност со Кодексот за работа на европската статистика. Напредок е постигнат во секторската и макроекономската статистика, но тој е ограничен на класификациите и регистрите. Законодавната рамка и административниот капацитет треба и понатаму да се подобруваат.

Во областа на ***правдата, слободата и безбедноста,*** Црна Гора продолжува да се справува со клучните предизвици. Меѓутоа, потребни се одржливи напори за да се заврши спроведувањето на реформите. Во однос на визната либерализација, Црна Гора има направено значајни напори во сите области опфатени со патоказот. Врз основа на постигнатиот напредок, Комисијата, во јули 2009 година, предложи укинување на визната обврска за црногорските граѓани, под услов Црна Гора да ги исполни незавршените одредници од патоказот пред Советот да ја донесе својата одлука.

Одреден напредок е постигнат во областа на *визната политика*. Продолжува спроведувањето на визното олеснување и спогодбите за реадмисија. Новиот Закон за странци и новата Регулатива за визи, засновани на шенгенските правила, влегоа во сила. Меѓутоа, Црна Гора треба да направи понатамошни напори за да го подобри визниот режим и да го доведе на ниво на европските стандарди. Нејзините административни и технички капацитети за издавање визи треба значително да се зајакнат.

Што се однесува на *граничното управување*, Црна Гора има постигнато добар напредок во областа на граничната контрола. Таа продолжува да ја спроведува својата стратегија за интегрирано гранично управување. Одредено подобрување е забележено кај опремата на граничните премини. Меѓутоа, останува да се донесе ново законодавство за државна контрола на границите, вклучително и за надзор над границите. Поврзувањето на сите гранични премини во компјутерска мрежа со пристап до националната и базата на податоци на Интерпол треба да претставува приоритет.

Може да се забележи одреден напредок во областа на *азилот и миграциите*. На полето на *азилот*, законодавната и институционалната рамка е скоро готова. Меѓутоа, мора да се обезбеди правилно спроведување на законодавството. Во областа на *миграциите*, клучното законодавство е донесено. Треба да се изгради центар за задржување на нелегални мигранти. Потребни се дополнителни заложби за спроведување на законодавството. Административниот капацитет и институционалната соработка треба да се зајакнат. Мора да се одговори на статусот на раселените лица.

Црна Гора продолжува со одреден напредок во областа на *перењето пари,* меѓутоа загрижува намалувањето на бројот на истрагите и извештаите за сомнителни трансакции. Потребни се одлучни заложби за зголемување на способностите и истражните капацитети на државните органи, а особено на единицата за финансиско разузнавање. Перењето пари останува сериозна причина за загриженост и потребни се натамошни напори за спречување и потиснување на истото.

Црна Гора постигна одреден напредок во *борбата против дрогата*. Националниот стратешки одговор на проблемот со наркотиците и поврзаниот акциски план се во фаза на спроведување. Институционалната рамка за борба против криминал со дроги е засилена, а нивото на заплени е зголемено. Меѓутоа, трговијата со дрога од страна на организирани криминални групи останува причина за сериозна загриженост. Црна Гора треба да ги засили своите напори во областа на политиката против дроги.

Одреден напредок може да се забележи во областа на работата на полицијата, преку продолжување на реформите во *полицијата* и воспоставувањето на евиденција во областа на внатрешната контрола. Меѓутоа, стручниот капацитет, опремата и инфраструктурата мора и понатаму да се подобруваат.

Институционалниот, законскиот и административниот капацитет за *борба против организираниот криминал* е засилен. Меѓутоа, организираниот криминал останува причина за сериозна загриженост која негативно влијае врз владеењето на правото и деловното окружување. Капацитетите за истрага и кривично гонење се недоволни, што доведува до ретки финални пресуди по предмети на организиран криминал. Зголемувањето на човечките ресурси и засилувањето на соработката помеѓу службите мора претставува приоритет. Има добар напредок во борбата против *трговијата со луѓе*. Црна Гора продолжува да се користи главно како транзитна земја. Спроведени се истраги во предмети на трговија со луѓе и донесени се полноважни пресуди. Потребни се понатамошни мерки за подобрување на капацитетот на одговорните државни органи за идентификување на потенцијалните жртви.

Постигнат е одреден напредок во областа на *заштитата на личните податоци* со донесувањето на правната рамка. Сепак, законот не е сосема усогласен со *правото на ЕУ*, а надзорниот орган сè уште не е формиран.

**Србија**

Србија постигна напредок во исполнување на **политичките критериуми** и решавањето на клучните приоритети од Европското партнерство. Владата ги демонстрираше своите заложби за приближување на земјата кон Европската унија преку преземање на бројни иницијативи, вклучувајќи го и спроведувањето на одредбите од Времената спогодба. Соработката со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) е дополнително подобрена, но лицата обвинети од страна на МКСЈ, Ратко Младиќ и Горан Хаџиќ сè уште се на слобода.

Преземени се неколку иницијативи за зацврстување на ***демократијата и владеењето на правото***. Меѓутоа, потребни се понатамошни реформи за да се обезбеди дека новата уставна рамка ќе се спроведува во согласност со европските стандарди, особено во областа на судството.

*Собранието* го ревидираше Деловникот за работа што доведе до подобрувања во неговата работа и законодавниот процес. Донесувањето на новиот Закон за политички партии воспостави уште појасни и построги правила за регистрирање на партиите. Изборното законодавство, меѓутоа, сè уште не е изменето за целите

на усогласување со европските стандарди. Собранието не го применува во доволна мера правото на надзор над извршните органи и капацитетот на парламентарните комисии останува слаб.

*Владата* прикажа високо ниво на заложби за европската интеграција, а беше активна во подготвување на законодавство во голем број области и спроведување на националната програма за европската интеграција. Меѓутоа, не се посветува доволно внимание на ефикасно спроведување на постојните закони и процена на нивното влијание. Планирањето на владиното работење мора да се зајакне и да се обезбеди поголема координација помеѓу министерствата.

*Јавната администрација* во целина има добри капацитети. Српската Канцеларија за европски интеграции функционира добро, меѓутоа административниот капацитет за европска интеграција во министерствата треба да се засили. Реформите во целина се спори. Транспарентноста, непристрасноста, стручноста и одговорноста мора да се подобрат и да ѝ се даде поголем приоритет на борбата против корупцијата и на поддршката на работата на независните тела. Независните и регулаторните тела функционираат релативно добро, во рамките на ограничувањата кои ги наметнуваат ограничените ресурси.

Имаше одреден напредок во однос на *цивилната контрола врз безбедносните сили,* со поголема ангажираност на парламентарната комисија за безбедност и одбрана. Меѓутоа, законодавната реформа сè уште не е завршена.

Во однос на судскиот систем, донесен е пакет на закони кој воспоставува опсежна реформа на судството и реорганизација на судскиот систем. Формирани се две нови тела – Високиот судски совет и Државниот совет на обвинители. Меѓутоа, останува загриженост околу начинот на кој се спроведува постапката за повторно назначување на сите судии и ризикот дека недостатокот на транспарентност може да доведе до долгорочна политизација на судството. Бројот на заостанати судски предмети сè уште не е намален, а судските постапки уште треба да се насочуваат и треба да се воведе ефикасен систем за управување со судовите.

Србија постигна напредок во борбата против *корупцијата*. Органите за спроведување на законот покажаа поголема заложба во борбата против корупцијата, што доведе до апсење на неколку осомничени, и отворени се неколку важни предмети. Собранието го избра извршниот одбор на новата Агенција за борба против корупцијата која ќе започне со работа во 2010 година. Меѓутоа, корупцијата и натаму е распространета во многу области и останува сериозен проблем. Јавните набавки и приватизацијата се особено ранливи сектори. Правосилни пресуди во предмети на корупција се ретки. Има недостатоци во Законот за Агенцијата за борба против корупцијата и нема доволен надзор над финансирањето на политичките партии и случаите на можен судир на интереси.

Законската и институционалната рамка за ***човекови права и заштита на малцинствата*** е подготвена, а *граѓанските и политичките права* во голема мерка се почитуваат. Меѓутоа, постојните уставни и законски гаранции треба целосно да се спроведат.

Има определено подобрување во *спречувањето на тортурата и малтретирањето.* Народниот правобранител извести за намалување на бројот на случаи на малтретирање. Сепак, одредени наводи против полицијата сѐ уште не се целосно испитани. Во однос на *пристапот до правдата*, нема напредок во донесување на законодавство и воспоставување на сеопфатен систем на бесплатна правна помош. Во однос на реформата на *затворскиот систем,* преземени се првични чекори за воведување на алтернативни санкции, меѓутоа практичните ефекти од овие мерки се ограничени. Пренатрупаноста, насилството и злоупотребата на дроги остануваат причини за загриженост.

*Слободата на изразување,* главно се заштитува со Уставот, а говорот на омраза се забранува. Во практика, имало инциденти кои вклучувале говор на омраза, закани и физички напади врз новинари, заштитници на човековите права и хомосексуалните лица од обата пола, бисексуалците и транссексуалците (ЛГБТ-лица), а сторителите не се доведени пред лицето на правдата. Во однос на *медиумите*, Законот за информации од јавен карактер беше изменет со воведување на дополнителни медиумски правила. Меѓутоа, изразена е загриженост од страна на професионални здруженија и меѓународни организации заради недостатокот на транспарентност и јавна расправа пред донесувањето на измените. Освен тоа, постои загриженост дека некои од новите одредби, како што се суровите казни за кршење на професионалните норми, може да имаат ефект на скратување на слободата на медиумите. Правото на *слобода на собирање и здружување* е предвидено во Уставот и е дополнително зајакнато со новиот Закон за здруженија. Овие слободи, главно се заштитени, меѓутоа планираната Парада на гордоста во Белград мораше во последен момент да биде откажана во септември 2009 година поради закани за насилство против организаторите и учесниците од страна на екстремистички групи.

*Граѓанското општество* продолжува да игра активна улога во општествениот, економскиот и политичкиот живот на Србија. Новиот Закон за здруженија го појасни правниот статус на невладините организации. Имаше одредени заложби на српската администрација за подобрување на соработката со граѓанското општество, но оваа треба дополнително да се разработи.

Воведени се уставни гаранции кои дозволуваат слобода на вероисповед и забрануваат дискриминација на верска основа. Меѓутоа, спроведувањето на Законот за цркви и религиозни заедниици од 2006 година создаде дискриминациски ефекти околу регистрацијата на таканаречените „нетрадиционални заедници“ .

Законските одредби за заштита на *економските и социјалните права* во голема мера се воспоставени. Поголем акцент сега треба да се стави на обезбедувањето на поефикасно спроведување на законодавството. Национална стратегија за подобрување на положбата на жените и промовирање на родова еднаквост е донесена, а дискриминацијата врз основа на пол е забранета. Меѓутоа, посебен закон за родова еднаквост сѐ уште не е донесен, а заштитата на жените од насилство треба да биде значително зајакната. Во однос на *правата на децата,* донесена е Национална стратегија за заштита на децата од насилство. Поусогласени напори треба да се преземат со цел да се зголеми свеста за состојбата на *социјално ранливите групи и лицата со посебни потреби* и да се обезбеди заштита на нивните права. Донесен е Законот за забрана на

*дискриминација* и тој дополнително ја развива правната рамка за заштита од дискриминација. Во практика, меѓутоа, присутна е постојана дискриминација, особено против ранливите групи како што се Ромите, лицата со посебни потреби и ЛГБТ-лицата.

Во однос на *правата на сопственост*, недостатокот на јасна законска основа за враќање на имотите продолжува да го попречува вистинското започнување на овој процес.

Воспоставена е правна рамка која ги обезбедува *правата на малцинствата и културни права*. Новиот Закон за Националниот совет на малцинствата, исто така, е донесен. Министерството за човекови и малцински права одигра важна улога во подигање на свеста и промовирање на правата на малцинствата, исто како и државата и локалните правобранители. Освен Уставот, новото антидискриминациско законодавство изречно забранува дискриминација против етничките малцинства.

Во однос на *Војводина*, не е постигнат никаков договор на национално ниво за донесување на нов статут. Постигнат е договор за преструктурирање на Владиното координативно тело за *јужна Србија*. Меѓутоа, состојбата во јужна Србија се влоши во јули 2009 година по серија напади врз српската полиција. Состојбата во *Санџак* е променлива; поделбите во рамките на муслиманската заедница продолжуваат и имаше неколку појави на насилство.

Бројот на *бегалци и внатрешно раселени лица (ВРЛ)* во Србија останува висок. Состојбата со ВРЛ и натаму е многу тешка и истите се соочуваат со многу пречки во остварувањето на нивните социјални права.

За време на српското претседателство на Декадата на Ромите, Србија усвои Национална стратегија за подобрување на статусот на Ромите. Меѓутоа, потребни се дополнителни заложби за да се обезбеди целосно спроведување на истата. Ромското население продолжува да се соочува со многу тешки услови на живеење и честа дискриминација.

Во однос на ***регионалните прашања и меѓународните обврски,*** Србија постигна дополнителен напредок во соработката со МКСЈ. Во своето обраќање до Советот за безбедност на ОН, во јуни 2009 година, главниот обвинител на МКСЈ изјави дека српските органи одговорија соодветно и навремено на специфичните барања за помош и дека соработката мора да продолжи и да доведе до натамошни конкретни и позитивни резултати. Имаше неколку акции за потрага, меѓутоа обвинетите од страна на МКСЈ, Ратко Младиќ и Горан Хаџиќ, сѐ уште се на слобода. Целосната соработка со МКСЈ останува меѓународна обврска и клучен приоритет од Европското партнерство.

Србија, заедно со соседите, треба да ги реши регионалните разлики во однос на неказнивоста, вклучително и преземањето чекори кон потпишување на спогодби за екстрадиција кои опфаќаат случаи на воени злосторства.

Србија продолжува активно да учествува во регионалните иницијативи, вклучувајќи го и Процесот за соработка во југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Совет за регионалниа соработка (СРС) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Билатералните односи со други земји опфатени со процесот

на проширување и со соседните земји-членки на ЕУ се подобрени. Меѓутоа, потребен е дополнителен напредок во правец на изнаоѓање конечни решенија за поединечни билатерални прашања кои останувaат отворени, особено во однос на границите. Сепак, на регионалната соработка негативно влијаеше приодот на Србија кон учеството на Косово на регионалните форуми.

Србија ја оспорува Косовската декларација за независност[11] и презема законски и дипломатски мерки за оваа цел, вклучително и преку Меѓународниот суд на правдата (МСП). Српската влада нема службен контакт со косовските органи и инсистира да соработува само со УНМИК и ЕУЛЕКС. Владата одржува паралелни структури на Косово и одржа локални избори, при што истовремено ги обесхрабрува косовските Срби да учествуваат на општинските избори кои ги организираа косовските органи. Во однос на трговијата, српската влада не ги признава косовските царински печати кои се пријавени до Европската комисија и кои се, според УНМИК, усогласени со одредбите на Резолуцијата 1244 на УНСЦР. Српското одбивање да ги признае косовските царински печати предизвикува сериозна загриженост. Србија и Косово треба да изнајдат прагматични решенија што ќе овозможат клучните регионални форуми да продолжат да ја исполнуваат својата улога во унапредување на регионалната соработка и развојот.

Српската влада ги презеде првите чекори за соработка со мисијата на ЕУ за владеењето на правото (ЕУЛЕКС), но потребно е натамошно зајакнување на овие напори. Во септември 2009 година, ЕУЛЕКС и Србија потпишаа протокол за полициска соработка.

**Економијата** на Србија беше тешко погодена од тековната глобална економска криза. Растот се намали кон крајот на 2008 година и економијата влезе во рецесија во 2009 година. Како резултат на тоа, се влоши макроекономската стабилност. Исто така, претходните експанзионистички политики и недостигот на дисциплина доведоа до значително фискално влошување.

Во однос на **економските критериуми**, Србија постигна само ограничен понатамошен напредок за воспоставување на функционална пазарна економија. Ќе бидат потребни понатамошни напори за Србија да може да се справи на среден рок со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на ЕУ. Структурните реформи треба да се забрзаат.

Ликвидноста на српскиот банкарски систем е одржана, а српските банки се добро капитализирани и генерално профитабилни. Во однос на надворешната страна, српската економија поминува низ процес на брзо надворешно приспособување. Тоа се одразува преку значајно намалување на дефицитот на тековната сметка. Девизните резерви останаа стабилни. Задржан е консензусот во однос на основите на пазарната економија, но Владата нема стратегија за структурна реформа на среден рок.

Како одговор на продлабочената економска криза, Србија побара помош од ММФ и од ЕУ и се согласи да преземе голем број на фискални мерки за намалување на целокупните расходи. Меѓутоа, со влошувањето на кризата, програмата на ММФ беше ревидирана. Недостигаат мерки за подобрување на

[11] Според Резолуцијата 1244/99 на УНСЦР.

одржливоста на јавните финансии на среден рок. Рамката на монетарната политика за проекција на инфлацијата остана тешка за спроведување и наметнува ризик од ослабување на кредибилитетот на централната банка. Инфлацијата остана релативно висока. Одреден напредок е постигнат во приватизацијата на државните претпријатија, со што е извршено влијание на динамиката на приватниот сектор. Невработеноста е постојано на високо ниво. Прекумерните административни услови продолжија да го спречуваат влезот и излезот на пазарот. Треба да се подобри предвидливоста на законите, особено во однос на ефикасното спроведување на правата на сопственост. Неформалниот сектор останува важен предизвик.

Србија постигна напредок во усогласувањето на своето законодавство и политиките со **европските стандарди** и започна да ја спроведува Времената спогодба во согласност со одредбите и плановите воспоставени во неа. Царините се намалени, со важност од 30 јануари 2009 година, а преземени се соодветни мерки во областа на конкуренцијата, државната помош и транзитниот сообраќај. Исто така, Србија донесе важни закони во голем број области, вклучително и во земјоделството, животната средина, вработувањето, конкуренцијата, јавните набавки и правдата, слободата и безбедноста. Административниот капацитет е подобрен во клучните области за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Меѓутоа, Србија треба да направи понатамошни напори за да обезбеди ефикасно спроведување и примена на законодавството поврзано со ЕУ.

Во однос на ***внатрешниот пазар***, Србија постигна одреден напредок во усогласувањето на законодавството и зацврстувањето на институционалните капацитети. Постигнат е добар напредок на полето на *слободното движење на стоки;* донесувањето на ново законодавство за стандардизација и процена на сообразноста ги постави основите за понатамошно усогласување со *acquis*. Подобрени се институционалните капацитети на Институтот за стандардизација и Телото за акредитација и Србија го зголеми бројот на донесени европски стандарди. Одреден напредок е постигнат на полето на заштитата на потрошувачите со донесување на законодавство за безбедност на производите и електронска трговија. Сепак, потребно е понатамошно подобрување на административните капацитети. Законодавството за акредитација и метрологија сѐ уште не е донесено. Србија треба да ги зајакне напорите за воспоставување на систем за надзор на пазарот. Новото законодавство за заштита на потрошувачите допрва треба да се донесе.

Србија е умерено напредната во областите на *движењето на лица, услуги и правото на основање.* Одреден напредок е постигнат во однос на усогласувањето на законодавството во областа на поштенските услуги. Во однос на финансиските услуги, беа подготвени насоки со цел спроведување на новите банкарски регулативи. Меѓутоа, голем број на закони недостигаат или не се во согласност со европските стандарди, особено во областите на банкарските регулативи. Во областа на *слободното движење на капитал*, Србија треба да ги продолжи своите напори за целосна либерализација на трансакциите на тековните сметки и да ги укине забраните за краткорочни кредитни и портфолио-инвестиции.

Србија постигна добар напредок во областа на *царината.* Зајакнат е капацитетот на Царинската управа и донесен е пакет законски акти со цел да се спроведуве Времената спогодба. Меѓутоа, потребно е понатамошно усогласување со Царинскиот законик на ЕУ, а особено во однос на транзитот и анализата на ризикот. Србија презеде чекори за понатамошно развивање на законодавната

рамка во областа на *оданочувањето*. Постапките за наплата на даноците се подобрени, како и капацитетите за извршување на даночната администрација. Србија и натаму треба да ја подобри наплатата на евидентираните долгови и да продолжи со усогласувањето во областа на акцизните давачки и ДДВ.

Со донесувањето на ново законодавство, Србија постигна добар напредок во областа на *конкуренцијата и државната помош*. Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да го зајакне својот капацитет за вршење на економски анализи. Исто така, сѐ уште не е формиран независен орган за државна помош.
Со донесувањето на ново законодавство, Србија постигна добар напредок во областа на *јавните набавки*. Меѓутоа, сѐ уште не се назначени членовите на новата Комисија за заштита на правата на понудувачите. Србија продолжи да напредува во спроведувањето на *правата на интелектуална сопственост*. Подобрен е административниот капацитет на Канцеларијата за интелектуална сопственост. Меѓутоа, останува да се разрешат прашањата за финансиската независност и да се реши проблемот во однос на недостигот на компетентни судии, со цел да се обезбеди ефикасна примена на правата на интелектуална сопственост.

Во областа на *политиката на вработување* постигнат е добар напредок со донесувањето на неколку важни закони и Националната стратегија за вработување за 2009 година. Евиденцијата на мерките за спроведување и политиките за вработување е подобрена, но треба да се зајакне координацијата со другите политики. Исто така, може да се забележи одреден напредок во областа на *социјалните политики*, иако законодавните рамки треба понатаму да се развиваат и постојното законодавство треба соодветно да се спроведува. Има одреден напредок на полето на *политиката на јавното здравство,* главно во реформата на примарната здравствена заштита и спречувањето на болести. Потребни се понатамошни напори за усогласувањето со европските стандарди.

Напредок е постигнат во областа на *образованието и културата*. Во областа на *науката и истражувањето и иноваторството*, Србија направи важни напори во унапредувањето на истражувачката соработка и учествуваше во проекти во рамките на Седмата рамковна програма за истражување и развој на ЕК. Меѓутоа, потребни се значајни напори од страна на Србија за зајакнување на националните капацитети за истражување и за обезбедување на понатамошна интеграција во Европската истражувачка област.

Подготовките на Србија за зачленување во *СТО* добро напредуваат и донесени се голем број на компатибилни закони на СТО.

Во однос на ***секторските политики***, во областа на *индустријата и МСЕ*, институционалната рамка е подобрена и Србија започна да ги спроведува своите стратешки цели за МСЕ. Меѓутоа, сѐ уште не е донесена модерна стратегија за индустриска политика во согласност со пристапот на ЕУ.

Постигнат е напредок во усогласувањето со *acquis* во областите на *земјоделството и руралниот развој*, преку донесувањето на важни рамковни закони. Таков е случајот и во однос на безбедноста на храната, но сепак, постигнат е мал напредок за унапредување на објектите за храна и нуспроизводи. Постигнат е одреден напредок во областа на *ветеринарната и*

*фитосанитарната* област, но само ограничен напредок во подобрувањето на *лабораториите* за контрола на безбедноста на синџирот на исхрана.

Србија постигна добар напредок во областа на *животната средина*, особено со донесувањето на голем пакет на закони и со ратификувањето на меѓународни конвенции. Меѓутоа, институционалниот капацитет и техничките и човечки ресурси остануваат слаби, особено на локално ниво. Треба да се вложат дополнителни напори за донесување на законодавството поврзано со водите и за целокупна изградба на капацитети во однос на животната средина.

Во областа на *транспортот*, донесен е нов Закон за безбедност на патиштата и унифицирани се патарините за домашните и странските возила. Ратификувани се Договорот за заедничка европска воздухопловна област (ECAA), Монтреалската конвенција и Хоризонталната спогодба за одредени аспекти на воздушниот сообраќај. Меѓутоа, се појавија проблеми во однос на придржувањето на Србија кон обврските за пристап на пазарот наложени од ECAA. Поточно, потребни се понатамошни напори за спроведување на првата преодна фаза на ECAA и подобрување на координацијата помеѓу Министерството за инфраструктура и Директоратот за цивилно воздухопловство. Останува потребата од поголеми преструктурирања во железничкиот сообраќај.

Србија постигна одреден напредок во *енергетскиот* сектор. Потребни се понатамошни напори за усогласување со условите од Договорот за основање на енергетската заедница и за решавање на некои нерешени прашања во однос на еколошките аспекти на енергетскиот сектор и нуклеарната безбедност. Во однос на безбедноста на снабдувањето, постигнат е одреден напредок со зголемување на резервите на гас, но сепак, меѓусебните поврзувања на природен гас помеѓу Србија и другите земји остануваат ограничени.

Во областите на *информатичкото општество и медиумите*, постигнат е напредок со донесувањето на неколку закони. Исто така, Србија ја ратификуваше Европската конвенција за прекугранична телевизија. Институционалниот и регулаторниот капацитет сè уште се ограничени, а напредокот е зависен од спроведувањето на законодавството.

Постигнат е напредок во областа на *финансиската контрола*. Владата донесе сеопфатен документ за политика за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК). Влезе во сила Законот за буџетскиот систем, кој исто така вклучува законска основа за ЈВФК. Сепак, подготовките за воведување на модерен и ефикасен систем на јавна *финансиска контрола* остануваат во почетна фаза. Неодамна основаната институција за државна ревизија сè уште не е целосно функционална.

Донесена е нова развојна стратегија за *статистика.* Исто така, забележан е напредок на полето на секторската статистика со подготвување и спроведување на истражувања и пописи. Меѓутоа, Србија сè уште треба да вложи дополнителни напори за создавање на целосно функционален деловен регистар и за понатамошно зајакнување на административниот капацитет.

Постигнат е напредок во областа на ***правдата, слободата и безбедноста***. Продолжи спроведувањето на договорите за визно олеснување и договорите за реадмисија меѓу Србија и Европската заедница. Србија направи значајни напори во сите области на насоките за визно олеснување, а особено во однос на воведувањето на новите биометриски пасоши. Врз основа на напредокот на Србија, во јули 2009 година, Комисијата предложи укинување на обврските за поседување виза за српските граѓани, под услов Србија да ги исполни истакнатите критериуми пред Советот да донесе одлука[12].

Започна спроведувањето на новиот закон за *гранична контрола*, но потребни се понатамошни напори за подобрување на техничките стандарди и опремата на одредени гранични премини и на контролата долж граничната линија со Косово.

Србија постигна мал напредок во областа на *азилот*. И покрај некои слабости, постапките за азил се генерално на задоволително ниво. Меѓутоа, имаше незначително идно планирање за решавање на потенцијалното зголемување на бројот на пријави и нема координативно тело за интеграција на барателите на азил. Постигнат е добар напредок во областа на *миграција*та со донесувањето на стратегијата за управување со миграцијата и спроведувањето на Законот за странци. Меѓутоа, потребни се понатамошни напори за спроведување на ново донесените стратегии и за подобрување на следењето на миграциските текови.

*Перењето на пари* продолжува да биде проблематична област. Донесен е Законот за спречување и борба против перење на пари и финансирање на тероризам. Меѓутоа, извештаите за сомнителни трансакции се најмногу ограничени на банкарскиот сектор и остана мал бројот на истрагите и пресудите во предметите поврзани со перење на пари.

Србија е главна транзитна земја за шверц на *дрога* во Европа. Донесена е стратегија за борба против дрогата, како и акциски план. Органите за спроведување запленија голема количина на дрога. Сепак, трговијата со дрога преку Србија останува сериозен проблем.

Има одреден напредок во реформата на полицијата. Се зголеми изградбата на капацитети и обуките, како и меѓународната и регионална соработка. Меѓутоа, треба да се подобри стратешкото планирање и внатрешната контрола. Донесена е Национална стратегија за борба против организираниот криминал. Преземени се првите чекори за подобрување на институционалната и правната рамка за финансиски истраги и запленување на имот. Меѓутоа, донесувањето и влегувањето во сила на ревидираниот Законик за кривична постапка беше одложено. Истражните капацитети остануваат слаби, водејќи до мал број на конечни пресуди во оваа област. Потребни се постојани напори во борбата против организираниот криминал, кој останува предмет на сериозна загриженост.

Србија постигна одреден напредок во борбата против трговијата со луѓе. Ратификувана е Конвенцијата против трговијата со луѓе на Советот на Европа и донесен е акциски план. Подобрена е соработката помеѓу различни инволвирани

---

[12] COM (2009) 366.

страни, вклучувајќи и НВО, во борбата против трговијата со луѓе. Меѓутоа, бројот на конечни пресуди во оваа област останува мал, додека процентот на малолетни жртви продолжи да се зголемува.

Одреден напредок е постигнат во поставување на правна и институционална рамка за *заштита на личните податоци*. Сепак, потребни се понатамошни напори за целосно усогласување на постојното законодавство со европските стандарди и за обезбедување на соодветно спроведување на релевантните одредби.

## Косово

Косово постигна одреден напредок во решавањето на приоритетите од Европското партнерство, а особено со зајакнување на правната рамка во однос на **политичките критериуми**. Сега приоритет мора да биде спроведувањето. Во втората година по декларацијата за независност, косовските институции се воспоставени и ги исполнуваат нивните одговорности во соработка со релевантни меѓународни организации. Меѓутоа, капацитетот на јавната администрација, а особено на собранието имаат потреба од зајакнување. Потребни се постојани напори за судската реформа и за зајакнување на борбата против корупцијата, организираниот криминал и перењето на пари. Соработката која се практикува со мисијата за владеењето на правото на ЕУ (ЕУЛЕКС) не е соодветна на политичките заложби и треба да се подобри во голем број на области во рамките на нејзиниот мандат.

Безбедносната ситуација во Косово е стабилна, но деликатна. Имаше голем број на инциденти, вклучувајќи вандализирање на сопственоста на ЕУЛЕКС. Во целост, одржан е јавниот ред и мир. Косовските органи немаат целосна контрола на територијата на Косово, а особено на север. Паралелните структури продолжуваат да оперираат, а неодамна беа одржани паралелни општински специјални избори. Косовската влада треба подобро да ги интегрира сите заедници, а особено косовските Срби и да го зацврсти владеењето на правото, со поддршка на ЕУЛЕКС. Заедницата на косовските Срби треба да се ангажира поконструктивно во косовските институции за да се зголемат придобивките од поддршката на ЕУ и од европската перспектива. Претстојните општински избори и проширената децентрализација се од особено значење во овој контекст. Во овој поглед се очекува поддршка од Белград. Понатамошни напори за усогласување би придонеле за зголемување на стабилноста во регионот и за социјално-економски развој.

Во однос на ***демократијата и владеењето на правото,*** косовските власти во голема мера ги почитуваат соодветните уставни одредби во своето работење. Меѓутоа, има ограничен напредок во зајакнувањето на владеењето на правото во Косово.

Донесен е годишниот работен план за 2009 година на *Собранието* и истиот е во согласност со владината законодавна стратегија. Меѓутоа, слаб е капацитетот на Собранието за детално испитување на предлог-законите и надгледување на спроведувањето по донесување. Ограничен е собранискиот надзор над

извршните органи. Особено, треба да се подобри капацитетот на Комитетот за европска интеграција за надгледување на донесувањето на законодавство соодветно со стандардите на ЕУ.

Главните структури на *Владата* се воспоставени и политичката стабилност на Косово е одржана. Може да се забележи одреден напредок во областа на реформата на локалната владина администрација. Во август беше донесен ревидиран и подобрен Акциски план за Европското партнерство. Косово сега треба да се насочи кон негово спроведување и понатамошна приоритизација. Меѓуресорската координација за водење на агендата на косовската европска реформа останува слаба. Во оваа област се неопходни ефикасни административни структури за исполнување на косовската европска перспектива. Агенцијата за координација на развојот и европската интеграција го засили својот координативен капацитет, но има недостаток од политичка поддршка на високо ниво за управување со вистинскиот процес на интеграција.

Постигнат е одреден напредок во *реформата на јавната администрација*. Ревизијата на задачите и одговорностите во рамки на јавната администрација е завршена и спроведени се поголемиот дел од препораките. Меѓутоа, некои клучни законски акти треба да се донесат. Политичкото мешање во државната служба и во процесот на јавни именувања останува проблем. Одржливи напори се потребни за зајакнување на капацитетот преку јавната администрација на Косово и за воспоставување рамка за професионална, отчетна, независна и на заслуги заснована државна служба, способна за ефикасно спроведување на владините политики. Канцеларијата на народниот правобранител треба дополнително да биде зајакната. Јавната администрација во Косово останува слаба.

Постигнат е ограничен напредок во однос на *судскиот систем*. Процесот на реформи е сè уште во рана фаза. Основан е Уставен суд и неговите членови се назначени. Новиот информатички систем за судско управување е оперативен во повеќето судови. Со поддршка на ЕУЛЕКС судот во Митровица е повторно отворен за кривични предмети. Именуван е Судскиот совет на Косово. Има одреден напредок во донесувањето на судско решение за предметите за воени злосторства.

Меѓутоа, потребни се големи напори за зајакнување на независноста и професионалноста на судството во Косово. Има значителен број на заостанати нерешени предмети, поврзани со граѓанското како и со кривичното право. Нема ефикасен механизам за дисциплински постапки против судии. Потребни се конструктивни напори од страна на Владата и српската заедница на Косово за обезбедување интеграција на истата во судскиот систем. Косовското судство останува слабо и неефикасно. Владеењето на правото не е ефикасно низ цело Косово, особено на северот.

*Агенцијата за антикорупција* е оперативна и ги зајакна своите капацитети, но нејзините надлежности се ограничени. И покрај одредени преземени мерки, корупцијата останува доминантна во многу области и претставува многу сериозен проблем. Законската рамка во оваа област останува нецелосна. Нема закон за финансирање на политичките партии. Треба да се донесат

антикорупциска стратегија и акциски план. Треба значително да се подобри соработката меѓу учесниците вклучени во борба против корупцијата. Треба да се гарантира независноста на Агенција за антикорупција. Косово треба да развие досиеја за следење на истраги, обвинителни акти, обвинителни постапки и осудувања за антикорупциските случаи.

Уставот ги гарантира ***човековите права и заштитата на малцинствата*** и ги наведува главните меѓународни спогодби и инструменти директно применливи во Косово. Меѓутоа, потребни се дополнителни напори за обезбедување на заштитата на овие права во практика, вклучувајќи решителни чекори за интегрирање на сите заедници од Косово.

Воздржаноста на српската заедница на Косово, особено на северот, за учество во институциите на Косово е најголема пречка. Потребни се одржливи напори за справување со ова прашање од страна на Владата, како и од страна на српската заедница на Косово. Исто така, потребен е поконструктивен пристап од страна на Србија.

Постигнат е ограничен напредок во областа на *граѓанските и политичките права*. Во однос на *пристапот до правда*, системот за правна помош функционира, но потребно е дополнително зајакнување. Постигнат е одреден напредок во однос на *затворите* и други поправни установи. Меѓутоа, има одреден број предизвици, особено во однос на условите за притворање на лица со посебни потреби и малолетни прекршители и нивната реинтеграција по отпуштањето. Постигнат е ограничен напредок во однос на заштитата од *тортура* и *малтретирање* и борбата против неказнивоста.

*Слободата на изразување* не е целосно гарантирана во практика. Има случаи на политичко влијание во работата на медиумите. Законската рамка во однос на *слобода на здружување и собирање* е дополнително развиена.

*Граѓанското општество* треба да биде подобро интегрирано во формулирањето и спроведувањето на политиките. Постигнат е одреден напредок во однос на *слободата на религија*, особено во смисла на реконструкција на религиозни локалитети. Останува дополнително да се работи на поттикнување на помирувањето меѓу различните верски заедници. Нема закон за *исчезнати лица*. Треба да се посвети внимание на прашањето за надомест на семејствата на исчезнатите лица.

*Економските и социјалните права* не се целосно гарантирани. Значително треба да се зајакне заштитата на *жените* од секаква форма на насилство. Трговијата со деца и детски труд останува проблем. Потребни се дополнителни напори за гарантирање на правата на *децата*. Владата донесе акциски план за луѓе со посебни потреби. Меѓутоа, интеграцијата и заштитата на социјално чувствителните групи и луѓето со посебни потреби не е во целост обезбедена. *Дискриминацијата* останува проблем за решавање и потребни се повеќе владини кампањи за подигање на свеста. Донесени се закони и стратегии, но нивното спроведување е слабо. Институционалната и законската рамка во областа на *правата на сопственост* се зајакнати. Неспособноста на органите да ги спроведат нивните одлуки во Косово останува голема пречка за заштита на

правата на сопственост.  Сигурноста на верската сопственост  е генерално обезбедена.

Во однос на *правата на малцинствата, културните права и заштитата на малцинствата*, законската регулатива која е на сила обезбедува високо заштитена средина за малцинствата и културните права. Меѓутоа, истите не се соодветно гарантирани во практика. Постигнат е мал напредок во однос на помирувањето меѓу заедниците. Ова е голем предизвик за властите. Бројот на доброволни враќања на *бегалци* и *внатрешно раселени лица* останува низок**.** Сè уште не се решени споровите во однос на оспореното земјиште меѓу некои општини и Српската православна црква.

Заедниците на Ромите, Ашкалите и Египќаните продолжуваат да се соочуваат со многу тешки животни услови и честа дискриминација.  Потребни се итни мерки за преместување на ромските семејства кои живеат во опасни и неприфатливи услови во области контаминирани со олово во северно Косово. Властите треба да вложат дополнителни напори да допрат до сите малцинства и да обезбедат нивна заштита и интеграција.

Во однос на ***регионалните прашања и меѓународните обврски***, во извештајниот периодот, Косово продолжи да соработува со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). ЕУ продолжува да нагласува дека регионалната соработка мора да биде сеопфатна со цел да биде успешна, и жали што несогласувањата во однос на начинот на учество на Косово во регионалните форуми доведува до отсуство на Косово од клучните регионални настани.  Косово усвои нови царински печати, за кои Специјалниот претставник на Генералниот секретар на ОН ја извести Европската комисија и партнерите во ЦЕФТА во согласност со Резолуцијата 1244/99 на СБ на ОН. Србија не ја призна валидноста на овие печати, доведувајќи ја во прашање нивната усогласеност со Резолуцијата 1244/99 на СБ на ОН. Косово и Србија треба да постигнат прагматични решенија овозможувајќи клучните регионални форуми да продолжат да ги исполнуваат нивните улоги во промовирање на регионалната соработка и развој.

**Економијата** на Косово досега е само умерено погодена од кризата. БДП продолжува да расте, иако од многу ниска основа, но невработеноста остана многу висока. Високата инфлација се претвори во дефлација, проследена со пад во цената на увозот. Економскиот развој продолжува да биде сериозно попречуван од слабото владеење на правото, многу ограничениот и лошо диверзифициран производствен капацитет и од слабата инфраструктура на транспорт и енергија. Фискалните политики се раководени од *ад хок* барања и им недостига систематска врска со среднорочната политичка рамка. Стабилноста на снабдувањето со енергија е подобрена, по цена на зголемени субвенции од буџетот.

Во однос на **економските критериуми**, Косово постигна многу мал напредок во воспоставувањето на функционална пазарна економија. Мора да се стреми кон значителни реформи и инвестиции за да може на долг рок да го совлада притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата.

Се одржува широк консензус за политики за слободен пазар. Употребата на еврото, отсуството на значителни износи на надворешен долг и многу ниското ниво на извоз ја заштити економијата од негативните ефекти на глобалната рецесија. Банкарскиот сектор остана здрав, профитабилен и добро капитализиран. Економскиот раст беше раководен од продолжената експанзија на кредити и од зголемена странска помош. По значителен суфицит во претходната година, буџетот за 2008 година прикажа мал дефицит. Фискалните приходи незначително се зголемија. Во јуни Косово се придружи на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.
Меѓутоа, веќе големиот трговски дефицит продолжи да се зголемува, особено поради значителниот увоз на машини и транспортна опрема за програмата за голема реконструкција на патиштата. Фискалните и надворешните пресметки станаа уште помалку одржливи, главно како резултат на лошото планирање на политиките и спроведувањето. Извозот значително падна во 2009 година, од веќе ниската основа, како последица на економската криза. Економските статистики останаа несоодветни. Трошокот за финансии остана висок, бидејќи банките продолжија да приложуваат премии со висок ризик на деловните заеми. Се зголемија буџетските субвенции и трансфери. Слабото владеење на правото, корупцијата, доминантна во многу области, и несигурноста во однос на правата на сопственост продолжи да биде главна пречка за економскиот развој. Невработеноста останува многу висока. Мал напредок е постигнат во однос на подобрувањето на интеграцијата на младото население на Косово во пазарот на труд. Неформалниот сектор продолжува да претставува важен предизвик.

Напредокот во усогласување на законодавството и политиките на Косово со **европските стандарди** е нерамномерен. Законската рамка е дополнително развиена во областите на царината, оданочувањето, образованието и полициското работење. Приближувањето е во рана фаза во однос на животната средина, конкуренцијата, интелектуалната сопственост, енергијата и слободното движење на стоки, лица, услуги и капитал. Спроведувањето на европските стандарди останува ограничено во областите на финансиската контрола и статистиките, заштитата на податоци и борбата против перење пари и организиран криминал.

Во областа на **внатрешниот пазар** на ЕУ, постигнат е одреден напредок кај *слободното движење на стоки*. Меѓутоа, транспонирањето и спроведувањето на европските пракси и законодавство е во рана фаза. Административниот капацитет останува слаб. Усогласувањето е недоволно во областите на *слободно движење на лица, услуги и правото на основање*. Одржливи напори се потребни за напредок во областа на *слободното движење на капитал*, особено за зајакнување на регулативата во финансискиот сектор.

*Царинскиот приход* се зголеми како резултат на подобрената ефикасност на царинската администрација. Донесен е Закон за царини и акцизи. Законските одредби за царина се компатибилни со европските стандарди. Меѓутоа, административните капацитети треба значително да се зајакнат и борбата против корупцијата да се засили во областа на царината. Царинските обврски сѐ уште не се наплаќаат во северно Косово. Царински службеници на ЕУЛЕКС ги следат двата излеза на север, со што се намалени активноста поврзана со криумчарење. Законската рамка во однос на *оданочувањето* е дополнително

развиена и намалените даночни стапки се влезени во сила. Дополнителни напори се потребни за зголемување на административниот капацитет во оваа област и за намалување на обемот на неформалната економија.

Подзаконските акти за *јавни набавки* се завршени во голема мера и е основано тело за ревизија на јавните набавки. Меѓутоа, спроведувањето на правото во практика покренува сериозни прашања. Органите треба ефикасно да ги испитаат случаите на наводна корупција. Следењето на спроведувањето на договорите за јавни набавки треба значително да се зајакне. Службениците за јавни набавки во Косово остануваат чувствителни на влијание и заплашување.

Сѐ уште нема стратегија за правата на *интелектуална сопственост*. Механизмите за спроведување на индустриските права, правата на интелектуална сопственост и сродните права се слаби. Основана е Комисија за *конкуренција* и испитани се случаи на наводно прекршување на правилата за конкуренција. Законодавството за конкуренција на Косово не е во целост усогласено со европските стандарди.

Властите треба да ги насочат различните стратегии во однос на *вработувањето*, и да обезбедат нивно спроведување. Законодавството во областа на здравјето и безбедноста на работа и во областа на социјалните услуги и институционална грижа треба да се подобри. Во *секторот за јавно здравство* треба да се зајакнат административните и институционалните капацитети за подобрување на квалитетот на услугите за здравствена грижа. Постигнат е мал напредок во областа на *социјалниот дијалог*. Усогласувањето со европските стандарди во однос на *образованието* продолжува. Меѓутоа, институционалната реформа во оваа област треба да се заврши и препораките за политиките треба подобро да се преточат во практика. Во областа на *истражувањето,* властите презедоа иницијативи за олеснување на соработката со ЕУ, како што е именувањето на координатор за Косово за Седмата рамковна програма.

Во однос на **секторските политики**, институционалната и законска рамка во областа на индустријата и *МСП* останува нецелосна. Направени се напори во *земјоделството*, со одреден напредок во однос на консолидација на земјиштето и диверзификацијата на фармите. Меѓутоа, капацитетот за спроведување на политики е недоволен. Донесени се одреден број рамковни закони за *животна средина*. Големи напори се потребни за нивно спроведување и исполнување на стандардите на ЕУ за животна средина.

Во делот на *транспортот,* Косово отпочна голема програма за изградба на патишта, наспроти недоволното вложување во железничкиот сообраќај. Косово продолжува активно да учествува во Основната регионална транспортна мрежа и во Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа. Меѓутоа, донесено е законодавство кое не е компатибилно со европските стандарди во областа на воздухопловството. Треба да се назначи одбор на регулаторот на железницата. Одборот на регулаторот на воздухопловството е именуван, но сѐ уште не е оперативен.

Неколку важни закони треба да се донесат во *енергетскиот* сектор, кој продолжува да се соочува со сериозни проблеми. Прекините на струја остануваат чести. Континуираните загуби и ниски нивоа на наплата на сметки, и

покрај одредено подобрување, ја ограничуваат финансиската издржливост на проектот. Владата донесе одлука да изгради нова електрична централа на лигнит, која ќе треба да ги задоволува европските стандарди. Операторот на преносниот систем на Косово продолжува да се соочува со тешкотии за учество како рамноправен партнер во регионалните комерцијални механизми.

Во областа на *информатичкото општество и медиумите,* потребни се поголеми напори за спроведување на постојното законодавство и стратегиите. Потребно е дополнително зајакнување на административните капацитети и финансиската и политичката независност на регулаторните органи, како што е Регулаторната агенција за телекомуникации и Независната комисија за медиуми. Треба да биде назначен одборот за јавниот радиодифузен сервис.

Постигнат е ограничен напредок во однос на *финансиската контрола* и *статистиката*. Потребни се постојани напори за подобрување на капацитетите на внатрешната и надворешната ревизија. Статистичката инфраструктура останува слаба.

Постигнат е ограничен напредок во однос на **правдата, слободата и безбедноста**. Воспоставени се механизми за координација меѓу релевантните агенции во областа на *граничното управување*. Меѓутоа, границите остануваат порозни, и треба да се зајакнат полициските ресурсите и капацитетите за гранично и погранично управување. Капацитетот на Косово за справување со барања за *азил* останува ограничен. Реинтеграцијата на лицата вратени во татковината е сè уште ограничена. Треба да се изготви соодветна рамка за реадмисија.

Капацитетот на судските органи и органите за спроведување на законите за борба против *перењето пари* е сè уште слаб. Перењето пари не е дефинирано како криминал во релевантното законодавство. Постојната законска рамка е несоодветна и не е спроведена во целост. Нема постојана структура за координирање на борбата против перење пари. Известувањето на Центарот за финансиско разузнавање е ограничено. Соработката меѓу овој центар и даночната управа останува недоволна.

Во текот на извештајниот периодот имаше зголемување на количината на запленети наркотици, на бројот на истражени случаи и на бројот на уапсени и обвинети лица. Косово усвои стратегија и акциски план за борба против *трговијата со дрога*. Меѓутоа, соработката меѓу органите за спроведување на законите е сè уште слаба во оваа област. Не е во целост безбедно чувањето на запленетата дрога. Во целост, трговијата со дрога останува сериозен проблем.

Основната законска рамка во областа на *полициското работење* е воспоставена. Функциите на јавниот ред се во голема мера обезбедени. Повеќето полициски службеници од српската заедница во Косово јужно од реката Ибар кои ја напуштија службата по декларацијата за независност, се вратија во нивните полициски станици. Меѓутоа, имаше одреден број насилни инциденти, вклучувајќи целна оштета на сопственоста на ЕУЛЕКС. Недостатокот од мултиетничка полициска единица за јавен ред во регионот Митровица ги намалува способностите на полицијата за борба против случаите на нарушување на јавниот ред во северниот дел. Одложени се описите на работни места за

полициски службеници од повисок ранг, од кои еден е косовски Србин. Има сериозни недостатоци во однос на капацитетите за истрага и полициско работење преку разузнавање. Нема стратегија за собирање на оружјето од цивилното население. Не постои целосна безбедност на полициските докази. Потребен е дополнителен напредок во однос на одобрувањето на пристапот на ЕУЛЕКС до клучните бази на податоци со цел обезбедување ефикасно спроведување на истрагите на ЕУЛЕКС под неговиот извршен мандат.

*Организираниот криминал* останува сериозен проблем и влијае врз владеењето на правото и деловното окружување. Донесена е стратегија и акциски план за борба против организираниот криминал, но законската рамка останува нецелосна. Недостатокот од закон за заштита на сведоци и ограничениот капацитет за обезбедување заштита на сведоците ги ограничува полициските напори во оваа област. Косово останува извор и место за транзит на активностите на организиран криминал. Исто така, продолжува да биде извор, дестинација и транзитен пат за жртвите на трговија со луѓе. Идентификацијата на жртви и истрагата на трговијата со луѓе од страна на органите за спроведување на законите во Косово останува проблем. Организираниот криминал е особен предизвик во Косово, особено на северот. Во однос на *тероризмот*, Косово донесе стратегија и акциски план, но законската рамка сè уште не е воспоставена.

На Косово сè уште му недостасува законодавство во областа на *заштита на податоци*. Нема независен надзорен орган за заштита на податоци.

## Турција

Турција и натаму во доволна мера ги исполнува **политичките критериуми**. Во целата земја се одржаа слободни и фер локални избори. Извесен напредок е постигнат во делот на реформите во правосудтвото, цивилно-воените односи и на културните права. Владата почна процес на широки консултации со политичките партии и со граѓанското општество, со цел решавање на курдското прашање. Меѓутоа, значителни натамошни напори се неопходни во повеќето области поврзани со политичките критериуми - особено во делот на фундаменталните права – и во однос на уставните реформи.

Во однос на ***демократијата и владеењето на правото***, истрагата за наводната криминална мрежа „Ергенекон“ доведе со сериозни кривични обвиненија, во кои меѓу останатите беа вклучени и воени лица. Овој случај претставува прилика за Турција да ја зајакне довербата во правилното функционирање на нејзините демократски институции и во владеењето на правото. Меѓутоа, важно е постапките во овој контекст целосно да ја почитуваат соодветната примена на правото, особено што се однесува до правата на обвинетите. Владата повторно ја искажа својата заложба за реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ, назначи посебно ангажиран Главен преговарач и ја одобри Националната програма за усвојување на *acquis*. Меѓутоа, недостигот на дијалог и дух на компромис меѓу политичките партии е штетен за напорите за реализација на реформите. Турција сè уште треба да го усогласи своето законодавство во делот на политичките партии со европските стандарди.

Во однос на *реформата на јавната администрација*, потребни се значителни натамошни напори, особено во однос на модернизацијата на државната служба. И натаму како приоритети остануваат намалувањето на бирократијата и унапредувањето на административното поедноставување, како и натамошното развивање на една професионална, независна, одговорна, транспарентна државна администрација заснована врз заслуги.

Во однос на *граѓанскиот надзор на безбедносните сили*, постигнат е одреден напредок, особено во однос на ограничувањето на јурисдикцијата на воените судови. Меѓутоа, високи припадници на оружените сили продолжија со давањето изјави по прашања надвор од нивната надлежност, а освен тоа треба да се обезбеди целосен увид од страна на Собранието во трошоците за одбрана, Наводната вклученост на припадници на воениот персонал во антивладини активности, откриена со истрагата за „Ергенекон“, претставува основа за сериозна загриженост.

Во областа на *судството*, позитивен чекор претставува донесувањето од страна на Владата на стратегијата за реформи во судството, кое уследи по направените консултации со сите клучни актери. Позитивни се и мерките за зголемување на бројот на вработените и за зголемување на финансирањето. Меѓутоа, овие заложби треба да продолжат, при што останува загриженоста во однос на независноста, непристрасноста и ефикасноста на правосудството, како на пример составот на Високиот совет на судии и обвинители и формирањето регионални апелациски судови.

Подобрена е законодавната рамка изготвена со цел спречување на корупцијата. Меѓутоа, корупцијата и натаму преовладува во бројни области. Турција треба да ја финализира стратегијата за борба против корупцијата и да подготви евиденција за истрагите, обвинителните акти, кривичните прогони и обвиненија.

Во однос на ***човековите права и заштитата на малцинствата***, постигнат е одреден напредок но сè уште се потребни значителни напори. Остварен е одреден напредок во однос на *почитувањето на меѓународното право за човековите права*. Меѓутоа, ратификацијата на незадолжителниот протокол на Конвенцијата на ОН против тортура (ОПЦАТ) и извршувањето на дел од пресудите на Европскиот суд за човекови права со кои се наметнува барањето за законодавни измени и натаму остануваат незавршени задачи. Треба да се зајакне институционалната рамка за унапредување и реализирање на човековите права, Останува да се формира институтот Народен правобранител.

Иако законската рамка на Турција содржи сеопфатно множество заштитни мерки против *тортурата и малтретирањето*, напорите за негово спроведување и за целосна примена на владината политика на „нулта толеранција“ досега се ограничени. Наводите за тортура и за малтретирање, како и неказнувањето на сторителите, сè уште претставуваат повод за сериозна загриженост. Со цел прецизно да се оцени напредокот во оваа област, би било корисно турските органи веднаш да го одобрат објавувањето на извештајот на Комитетот за спречување на тортурата (КСТ) при Советот на Европа.

Што се однесува до *затворите*, постигнат е одреден напредок во однос на подобрувањето на инфраструктурата и обуката, како и во однос на ангажирањето дополнителен персонал. Меѓутоа, како отворени прашања и натаму остануваат проблемот со пренатрупаноста на затворите и големиот број затвореници кои се наоѓаат во притвор во предсудска постапка.

Членот 301 од турскиот Кривичен законик повеќе не се користи систематски за да се ограничи *слободата на изразување*. Меѓутоа, постојат кривични прогони и обвиненија засновани на неколку други членови од Кривичниот законик. Турското право не ја гарантира во доволна мера слободата на изразување во согласност со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и со судската практика на ЕСЧП. Политичките притисоци врз медиумите и правната несигурност влијаат врз практичната реализација на слободата на печатот.

Во врска со *слободата на здружување*, законската рамка во општа смисла е усогласена со европските стандарди. Меѓутоа, треба да се постигне поголем напредок во однос на нејзината примена; здруженијата се соочуваат со несразмено детално следење на нивните активности што во некои случаи довело до судски постапки.

Во однос на *слободата на религијата*, спроведувањето на Законот за фондации се одвива без пречки. Владата почна дијалог со Алевите и со немуслиманските верски заедници. Меѓутоа, нивните конкретни проблеми сè уште треба да се решат. Законот за фондации не го регулира прашањето на имотот запленет и продаден на трети страни или на имотите на фондациите споени пред донесувањето на новото законодавство. Сè уште се случуваат напади врз малцинските верски заедници. Треба да се воспостави правна рамка согласна со ЕКЧП, така што сите немуслимански верски заедници и заедницата на Алевите да можат да функционираат без непримерни ограничувања, вклучувајќи ги и оние поврзани со обуката на свештените лица. Потребни се натамошни напори за да се создаде опкружување што лесно ќе води кон целосно почитување на слободата на религијата во практиката.

Општата правна рамка со која се гарантираат *правата на жените* и родовата еднаквост е генерално присутна. Меѓутоа, потребни се натамошни значителни напори за законската рамка да се претвори во реалност и за да се стесни јазот меѓу мажите и жените во однос на економското учество и можности, давањето политичка моќ и пристапот до образованието. Семејното насилство, убиствата поради чест и раните и присилни бракови и натаму остануваат сериозни проблеми во некои делови на земјата. Постои потреба од натамошна обука и подигање на нивото на свеста во однос на правата на жените и родовата еднаквост, како за мажите така и за жените.

Треба да се интензивираат напорите во сите области поврзани со *правата на децата*, вклучително административниот капацитет, здравството, образованието, системот за малолетничка правда и детскиот труд. Случаите во кои на малолетници им се судело како на возрасни лица во согласност со законот за борба против тероризмот и во кои малолетниците се соочувале со несоодветни казни, покренуваат сериозна загриженост.

Сè уште е потребно законодавство за да се обезбеди дека *правата на синдикатите* целосно се почитуваат во согласност со стандардите на ЕУ и со соодветните конвенции на Меѓународната организација на трудот (ИЛО), особено правата за заедничко организирање, штрајкување и преговарање.

Состојбата со *правата на малцинствата* останува непроменета. Одреден напредок е постигнат во делот на *културните права*, особено во форма на почнување со работа на национален телевизиски канал кој емитува програма на курдски јазик. Меѓутоа, и натаму постојат ограничувања, особено во однос на употребата на други јазици, освен турскиот во емитувањето програмски содржини на приватните телевизиски и радиостаници, во политичкиот живот, образованието и во контактите со јавните служби. Правната рамка во однос на употребата на други јазици, освен турскиот, остава простор за рестриктивни толкувања, а примената е недоследна. Нема напредок во однос на ситуацијата со *Ромите*, кои честопати се соочуваат со дискриминирачки третман. И натаму продолжува уривањето на областите населени со Роми без обезбедување алтернативно домување.

Во однос на *Истокот и Југоистокот*, Владата отвори широка јавна расправа околу курдското прашање во која беа опфатени културни, политички и економски прашања. Од клучно значење е оваа дебата да биде проследена со конкретни мерки. Донесувањето на законот за деминирање на границата со Сирија претставува уште еден позитивен чекор. Меѓутоа, широкото толкување на законодавството за борба против тероризмот доведе до непримерни ограничувања во однос на реализацијата на фундаменталните права. Сè уште постои потреба од укинување на системот на заштита на селата.

Терористичките напади на ПКК, која се наоѓа на списокот на ЕУ на терористички организации, продолжи и одзеде бројни животи.

Надоместот на *внатрешно раселените лица* (ИДП) продолжи. Меѓутоа, Владата нема општа национална стратегија за решавање на прашањето на ИДП и таа мора да ги интензивира напорите за решавање на потребите на ИДП.

Во однос на ***регионалните прашања и меѓународните обврски***, Турција изрази јавна поддршка за тековните преговори под покровителство на ОН за изнаоѓање сеопфатно решение за *кипарскиот проблем*. Меѓутоа, нема напредок во насока на нормализирање на билатералните односи со Република Кипар. Турција не го примени целосно Дополнителниот протокол кон Спогодбата за асоцијација и не ги отстрани сите пречки за слободното движење на стоки, вклучувајќи ги и ограничувањата на директните транспортни линии со Кипар.

Што се однесува до *односите со Грција*, беа водени дополнителни прелиминарни разговори, но не беше остварена согласност, во однос на прашањата поврзани со границата. Преземени се дополнителни мерки за градење на довербата. Грција вложи значителен број формални жалби околу континуираното нарушување на нејзиниот воздушен простор од страна на Турција, вклучувајќи ги и прелетите над грчките острови. Односите со *Бугарија* остануваат позитивни. Добрососедските односи остануваат од клучно значење.

Турција и натаму има позитивна улога на *Западниот Балкан*.

Од јуни 2009 година, Турција, врз основа на ротирање, претседава со процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕКП).

**Економијата** на Турција се намали по опаѓањето на надворешната и на внатрешната побарувачка, особено по опаѓањето на инвестициите. Меѓутоа, ударот на кризата во голема мера беше ограничен на реалниот сектор на економијата, исто така поради претходните структурни реформи и мерки за борба против цикличното опаѓање. Макроекономската стабилност во голема мера е сочувана. Инфлацијата значително се намали, главно поради тоа што се олеснија мерките кои произлегуваа од енергетските основи и претходно конфузната економска активност. Невработеноста значително се зголеми. Во едно тешко економско опкружување, процесот на структурни реформи во извесна мера се забави, особено во првата половина на 2009 година. Непостоењето сигурни фискални планови и насоки даде свој придонес кон несигурноста на инвестиционата клима.

Во однос на **економските критериуми**, Турција е функционална пазарна економија. Таа би требало врз краткорочна основа да може да се справи со конкурентскиот притисок и со пазарните сили во рамките на Унијата, под услов да продолжи да ја спроведува својата сеопфатна реформска програма со цел решавање на структурните слабости.

Консензусот во однос на суштествените работи на економската политика се задржа и во актуелните тешки околности. Турција реагираше на барањата за експанзионистички политики за борба против означеното економско намалување и во голема мера ги интегрираше во поширока развојна стратегија која содржи поголеми јавни инвестиции, отворање нови работни места и секторски реформи. Одреден напредок е постигнат во надградувањето на човечкиот и на физичкиот капитал на земјата, иако економската криза претставува предизвик за овој процес. Пристапот до финансирањето однадвор остана отворен, а официјалните резерви само умерено опаднаа од високото ниво. Надворешните дебаланси беа значително намалени, а инфлаторните притисоци беа субвенционирани. Приватизацијата продолжи со неколку поголеми зафати, особено во енергетскиот секторот. И покрај неколкуте удари на глобалната финансиска нестабилност, турскиот финансиски сектор покажа забележителна флексибилност. Турција ја разграни својата трговија во насока на нови пазари, со што делумно го ублажи ефектот од кризата.

Меѓутоа, иако антикризните фискални мерки во извесна мера го ублажија економското опаѓање, тие би можеле да ги изложат на ризик придобивките од претходните години на фискална консолидација и среднорочните одржливи политики доколку не бидат навреме повлечени. Мерките за зголемување на фискалната транспарентност беа одложени, а во некои случаи дури и повлечени. Условите на пазарот на трудот стануваа сè попредизвикувачки, а невработеноста растеше во голема мера. Создавањето нови работни места и натаму беше попречувано, првенствено поради непоклопувањето во квалификациите меѓу понудата и побарувачката на трудот, релативно високите стапки на социјални придонеси и ригорозноста на практиките на вработување. И покрај различните нови иницијативи од страна на турската влада, економската криза го попречува пристапот на малите и средните претпријатија до финансиите и ја забавува секторската трансформација на турската економија.

Транспарентноста и натаму недостасуваше во распределбата на државната помош. Иако влегувањето на пазарите имаше корист од донесувањето нови законски прописи, сè уште постојат пречки за излез од пазарот. Законското опкружување, а особено судските постапки, поставуваат практични предизвици и создаваат пречки за подобро деловно опкружување. Турција донесе сеопфатен акциски план за намалување на сивата економија, која и натаму претставува значаен предизвик.

Турција продолжи да ја подобрува својата **способност за преземање на обврските од членството**. Напредок, на моменти нерамномерен, е постигнат во повеќето области. Усогласувањето е напреднато во повеќето области, како на пример, слободното движење на стоки, правата на интелектуална сопственост, политиката на антитрустови, енергетиката, претпријатијата и индустриската политика, заштитата на потрошувачите, статистката, трансевропските мрежи, и науката и истражувањето. Треба да продолжат напорите за усогласување во областите како на пример, животната средина, државната помош, социјалната политика и вработувањето, правото на трговски друштва, јавните набавки, безбедноста на храна, ветеринарните и фитосанитарните политики и слободното движење на услуги. Во однос на Царинската унија и надворешните односи, треба да се заврши усогласувањето, особено во однос на координацијата на ставовите со СТО. И натаму остануваат нерешени неколку долготрајни трговски пречки, а создадени се и нови. Од суштинска важност е Турција целосно да ги почитува своите обврски во рамките на Царинската унија. За повеќето области, од клучно значење е Турција да го подобри својот административен капацитет заради справување со *acquis*.

Во однос на *слободното движење на стоки*, усогласувањето на законодавството е прилично напреднато, но во извештајниот период е постигнат ограничен напредок. Трговијата сé повеќе е попречувана од технички бариери поврзани со проценката на сообразноста и со стандардизацијата. Усогласувањето во областите на *правото на основање и слободата на давање услуги* е во рана фаза. Не е забележан напредок во областа на поштенските услуги, ниту кај заемното признавање на професионалните квалификации. Во однос на *слободното движење на капитал*, Турција постигна одреден напредок, особено во однос на акциските планови за капиталните движења и плаќања и во однос на мерките против перењето пари. Турција постигна напредок во однос на либерализацијата на законодавството во областа на осигурувањето. Меѓутоа, и натаму е ограничено усогласувањето со *acquis* во областа на капиталните движења и плаќања. Мал напредок е постигнат во областа на *слободното движење на работници*. Усогласувањето се наоѓа во рана фаза.

Одреден напредок може да се забележи во областа на *јавните набавки*, особено во однос на административниот капацитет; дел од договорните органи посочуваат на добри практики за јавни набавки. Меѓутоа, сè уште останува да се изготви стратегијата за реформите неопходни за да се обезбеди усогласувањето на законодавството и градењето институционален капацитет. Растат отстапувањата од општите одредби, но и домашните повластувања, со што се намалуваат конкуренцијата и ефикасноста во јавните тендери. Во однос на *правото на трговски друштва*, во извештајниот период, не може да се забележи никаков значителен напредок. Не е донесен новиот трговски закон.

Усогласувањето во делот на *правото на интелектуална сопственост* е релативно напреднато. Дополнително се подобрија координацијата и соработката меѓу поединечни јавни тела во областа на правата на интелектуална сопственост, како и нивната специјализација. Меѓутоа, извршувањето и натаму останува незадоволително. Од клучно значење е донесувањето усогласени и ажурирани закони за регулирање на правата на интелектуална и индустриска сопственост, вклучувајќи ги и кривичните санкции.

Турција покажува високо ниво на усогласување во областа *антитрустовите,* вклучувајќи ги и нејзините прописи за контрола врз спојувањата. Меѓутоа, не може да се забележи натамошно правно усогласување во областа на *државната помош*, каде што сè уште не е донесен долгоочекуваниот Закон за државна помош.

Одреден напредок е постигнат во областа на *финансиските услуги*. Турското законодавство е делумно усогласено со *acquis* во сите три подобласти на финансиските услуги. Во однос на *информатичкото општество и медиумите,* може да се забележи одреден напредок во областа на електронските комуникации. Меѓутоа, донесувањето подзаконски акти е од клучно значење за обезбедување на ефикасно влијание на примарниот закон врз пазарот. Постигнат е мал напредок во областа на аудиовизуелната политика.

Во областа на *земјоделството и руралниот развој*, усогласувањето со *acquis* и натаму останува ограничено. Актуелните политики за помош во земјоделството и креирањето стратешки политики сé повеќе се оддалечуваат од заедничката земјоделска политика, додека нестабилниот распоред за акредитација на структурите на ИПАРД открива тешкотии во воспоставувањето оперативни административни и организациски структури и постапки за управување со фондовите за рурален развој во согласност со стандардите на ЕУ. И натаму како итно прашање остануваат техничките бариери за трговијата со производи од телешко месо што претставува кршење на билатералните обврски. Општо земено, напредокот во оваа област е ограничен. Турција постигна ограничен напредок во областа на *безбедност на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика*. Напорите продолжија, но транспонирањето и спроведувањето на *acquis* во оваа област сè уште се наоѓаат во рана фаза. Во областа на *рибарството*, постигнат е одреден напредок во делот на управувањето со ресурсите и со флотата, како и во делот на реализацијата на меѓународните спогодби. Меѓутоа, нема напредок во однос на усогласувањето на законодавството во ова поглавје.

Турција постигна ограничен напредок во делот на усогласувањето во *транспортниот сектор*. Капацитетот за спроведување заостанува во делот за патен сообраќај, а не може да се забележи напредок во делот на железничкиот сообраќај. Постигнат е ограничен напредок во делот на воздушниот сообраќај. Недостигот од комуникации меѓу центрите за контрола на воздушниот сообраќај во Турција и во Република Кипар и натаму сериозно ја загрозува безбедноста на воздушниот сообраќај. Турција останува надвор од напорите за интегрирање во европскиот воздушен простор. Напредокот во секторот за внатрешен воден сообраќај е ограничен, придвижувањето на Турција на „белата листа“ на Меморандумот за разбирање од Париз ги потврдува добрите резултати на Турција како матична земја на пловидбите.

Постои одреден, иако нерамномерен, напредок во секторот *енергетика*. Охрабрувачки се развојните моменти во однос на обновливата енергија, енергетската ефикасност и на пазарот на електрична енергија. Меѓутоа, кај природниот гас, нуклеарната енергија, нуклеарната безбедност и заштитата од радијација, Турција треба да го спроведе своето законодавство и стратегии.

Во делот на *оданочување*, постигнат е напредок во насока на усогласување на законодавството, особено во насока на намалување на дискриминаторското оданочување на алкохолните пијалоци. Меѓутоа, треба да се решат неколку разлики пред да се постигне целосно усогласување.

Турција постигна одреден напредок во делот на *економската и монетарната политика*. Усогласувањето со *acquis* на полето на монетарната политика останува нецелосно. Сè уште постојат недостатоци во законската рамка, на пример, во однос на целосната независност на централната банка, забраната за монетарно финансирање на јавниот сектор и на забраната за привилегиран пристап за јавниот сектор до финансиските пазари.

Турција постигна ограничен напредок во областа на *социјалната политика и вработувањето*. Позитивен чекор претставува формирањето на Собраниска комисија за еднакви можности на мажите и жените. Се забрзаа подготовките за учество во Европскиот социјален фонд. Меѓутоа, законодавството во областа на трудовото право, здравјето и безбедноста на работното место и борбата против дискриминацијата не е во согласност со стандардите на ЕУ. Нема напредок во насока на остварување целосни синдикални права во согласност со стандардите на ЕУ и со конвенциите на Меѓународната организација за труд. Учеството на жените во пазарот на трудот е многу мало. Треба да се интензивираат напорите за борба против непријавената работа и социјалното исклучување.

Во областа на *претпријатијата и индустриската политика*, Турција постигна натамошен напредок, особено во изготвувањето на нова индустриска стратегија и нови секторски стратегии, коишто сега треба да се завршат и објават. Исто така, постои поголема расположливост на инструменти на политиките за претпријатија и индустриските политики, како и одредени подобрувања во деловното опкружување. Турција оствари задоволително ниво на усогласување со *acquis* во областа на претпријатијата и индустриската политика.

Турција постигна одреден напредок во областа на *трансевропските мрежи*. Во јули 2000 година, Турција ја потпиша Меѓувладината спогодба за изградба на гасоводот Набуко. Овој проект претставува значаен стратешки чекор во насока на поблиска соработка во областа на енергетиката меѓу ЕУ, Турција и останатите земји во регионот, како и во насока на диверзификација на изворите на енергија. Навременото завршување на Јужниот коридор, преку забележително брзата примена на Меѓувладината спогодба за изградба на гасоводот Набуко, и натаму останува еден од најважните приоритети на ЕУ од аспект на енергетската безбедност. Може да се забележи одреден напредок во областа на *регионалната политика и координацијата на структурните инструменти*. Се финализираше законодавната и институционална рамка за спроведување на компонентите III и IV на ИПА, локалните и регионалните клучни учесници беа вклучени во подготовката на проекти и беа формирани

дополнителни развојни органи. Меѓутоа, потребно е натамошно зајакнување на административниот капацитет. Општо земено, усогласувањето на Турција со *acquis* во ова поглавје останува ограничено.

Во однос на *правосудството*, позитивен чекор претставува донесувањето на стратегијата за судски реформи од страна на Владата. Мерките за зголемување на персоналот и ресурсите се исто така позитивни и треба и натаму да продолжат. Меѓутоа, треба да се реши загриженоста околу независноста, непристрасноста и ефикасноста на судството. Во однос на *анитикорупциската политика*, постигнат е одреден напредок во зајакнување на законодавството и институционалната поставеност на борбата против корупцијата. Меѓутоа, корупцијата и натаму е распространета во бројни области. Од клучно значење ќе биде донесувањето и ефикасната примена на националната стратегија за борба против корупцијата.

Одреден, но нерамномерен, напредок е постигнат во делот на *правдата, слободата и безбедноста*. Турција постигна ограничен напредок во делот на надворешните граници и Шенген-зоната, како и во областа на миграција и азил. Имајќи го предвид брзото зголемување на лица кои бараат азил, треба да се продолжи со напорите за реорганизирање на системот. Турција неодамна прифати да продолжи со формалните преговори за спогодба за реадмисија меѓу ЕЗ и Турција.

Во областа на *истражувањето*, Турција вложи значителни напори за зголемување на своето учество во рамките на Седмата рамковна програма на ЕЗ за истражување и развој и за подобрување на сопствениот национален капацитет за истражување. Меѓутоа, потребни се натамошни напори за интеграција во Европскиот истражувачки простор.

Во делот на *животната средина*, Турција постигна напредок во областа на хемиските супстанци и хоризонталното законодавство со потпишување на Протоколот од Кјото. Може да се забележи одреден напредок во делот на отпад, квалитет на воздухот, индустриско загадување, управување со ризици и хемикалии. Меѓутоа, вкупното ниво на усогласување и натаму останува незадоволително. Турција нема постигнато напредок во областите на квалитетот на водата, заштитата на природата и ГМО.

Одреден напредок е постигнат во делот на *заштитата на потрошувачите и здравствената заштита*. Меѓутоа, што се однесува до заштитата на потрошувачите, и натаму остануваат неопходни зголемени напори, особено по прашања кои не се однесуваат на безбедноста, и треба да се обезбеди соодветно извршување на заштитата на потрошувачите воопшто. Во областа на јавното здравство, може да се забележи одреден напредок, особено во делот на контролата на тутунот и зајакнувањето на административниот капацитет во случај на преносливи болести.

Турција оствари високо ниво на усогласеност на полето на законодавството од областа на *царината*, благодарение на Царинската унија со ЕУ. Меѓутоа, сè уште е потребно натамошно усогласување со *acquis* во некои области, како слободни трговски зони и ослободување од царински давачки. Турција оствари високо ниво на усогласеност во делот на надворешните односи, но

усогласувањето треба да се финализира, особено во однос на координацијата на ставовите со СТО. Неколку долготрајни трговски проблеми остануваат нерешени и продолжуваат да го нарушуваат соодветното функционирање на Царинската унија.

Продолжи усогласувањето на Турција со *заедничката надворешна и безбедносна политика* на ЕУ. Турција дополнително го зајакна својот придонес кон стабилизацијата на регионите како што се Јужен Кавказ и Средниот Исток. Турција ги зајакна своите дипломатски односи со Ирак, вклучувајќи ги и контактите со курдската регионална влада. Беа вложени значителни дипломатски напори за нормализирање на односите со Ерменија.

Турција дава значителен придонес кон европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) и бара поголема вклученост во активностите на ЕБОП. Меѓутоа, Турција има забелешки за соработката меѓу ЕУ и НАТО што би ги вклучила сите земји-членки на ЕУ. Турција не се усогласи со ставот на ЕУ по однос на членството во Васенар-аранжманот.

Може да се забележи ограничен напредок во областа на *финансиската контрола*, во којашто усогласувањето е во мошне напредната фаза. Постои законодавство за примена на законот за јавно финансиско управување и контрола, но сè уште недостасуваат неколку дополнувања поврзани со внатрешната контрола, а не е завршена ревизијата на политичкиот документот и акцискиот план за јавна внатрешна финансиска контрола. Не е донесен Законот за надворешна ревизија, со кој надворешните ревизии би се усогласиле со соодветните меѓународни стандарди. И натаму останува да се развие структурата за соработка во борбата против финансиски измами. Турција ги прекова турските монети за да ги елиминира сличностите со евро-монетите. Усогласувањето на Турција со основните начела и институции на *acquis* во областа *финансики и буџетски* одредби е добро напреднато.